РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 998
Скопје, 15 декември 2010 година

## Содржина на Билтен број 998 од 15 декември 2010 година


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Поетика на прозата на Мурат Исаку**, изработена од **м-р Салајдин Салиху**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.......1-6

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**Петар Ивановски, Дарко Стефановски, Соња Цветковска, Јасмина Тренкоска, Надица Ристоска, Славчо Чадиев, Иван Киселоски, Кретена Ангеловска, Ленка Мирческа, Емилија Калафова, Јусуф Велиу, Славица Андреева, Катерина Атанасовска, Киро Атанасов, Валбона Усеин, Билјана Казаковска, Африм Идризи**).......7-8

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Александра Цветкоска**).......9

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Надворешнополитичката моќ на Европската унија во идеологизацијата на новиот светски поредок**, изработена од **м-р Горан Илиќ**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.......10-15

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор во соработничко звање-помлад асистент по групата предмети: биохемија 1, биохемија 2, хемија на храната, технологија на масти и масла индустриска микробиологија и индустриска микробиологија за прехранебни производи на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**Божидар Ристовски**).......16-20
2. Реферат за избор во соработничко звање-асистент по групата предмети: технологија на киселини и бази, технологија на соли и ѓубрива, загадување на почви и заштита, полутанти, основни суровини и нивна технолошка подготовка, чисто производство и цврс отпад и рециклирање на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје (**м-р Бошко Бошковски**).......21-24

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје (**Јелена Ристиќ, Борис Тасевски, Оливер Колевски, Зоран Мирчевски**).......25

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**Неда Бакевска, Билјана Николовска Жагар, Анета Зафировска, Елизабета Кучера, Катерина Петковска**)....26

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје (**Синиша Спасов, Гоце Серафимовски, Дарко Николовски, Марјан Митев, Николина Стојанова**).......27

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два помлади асистента по предметот фармакологија со токсикологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Огнен Петровски, д-р Кристина Павловска, д-р Анита Пеловска**).......28-32

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): латински јазик , дидактика, палеографија и епиграфија на Филозофскиот факултет во Скопје (**д-р Весна Димовска**)....................................33-46

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на два асистента по предметот орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Љуба Симјановска, д-р Марина Капарска**)....................................47-57
2. Реферат за избор на асистент по предметот болести на устата и пародонтот на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Вера Радојкова-Николовска, д-р Катерина Дирјанска, д-р Силвана Георгиева**)....................................58-70

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на еден асистент по предметот анатомија на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Биљана Зафирова**)....................................71-77

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**
1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет пијано на Факултетот за музичка уметност во Скопје, без засновање на работен однос (**м-р Зоран Пехчевски**)....................................78-84

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на еден асистент од научната област математика на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Зоран Мисајлески**)....................................85-89

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
1. Реферат за избор на лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**м-р Катарина Ѓурчевска**) ....................................90-93

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија на докторската дисертација **Стратегии за подобрување на конкурентноста на претпријатијата**, изработена од **м-р Гадаф Рецепи**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје....................................94-103
1. Рецензија на ракописот **Информациски технологии**, изработен од **д-р Сашо Јосимовски,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје....................................104-108

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
1. Рецензија на докторската дисертација **Проучување на можности за ефикасно користење на пектинолитички ензими произведени со чисти култури микроорганизми во бистрење на вината** изработена од **м-р Киро Мојсов**, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје....................................109-113

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"**
1. Реферат за избор во звањето научен советник при Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје (**д-р Изаим Муртезани**)....................................114-119

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**
1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје (**Мери Батакоја, Марта Маркоска, Ана Глигорова, Нина Стефанова, Атила Клинче, Дафинка Балабанова-Алексова**)....................................120-121

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на асистент по предметот хигиена на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Игор Спироски**)....................................122-127

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на асистент на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Наташа Станојковска-Трајковска**)....128-130


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**


1. Реферат за избор на доцент од научната област економика на земјоделството и развој на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Ана Котевска**)....131-138


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на докторската дисертација **Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност**, изработена од **м-р Весна Георгиева**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје....139-144


**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на географијата на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**д-р Олгица Димитровска**)....145-156


**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на ракописот Анализа на процеси во прехрамбената индустрија од авторите д-р Слободанка Кузманова, д-р Елеонора Винкелхаузен и м-р Елена Величкова, пријавен на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје....157-159


**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа орална патологија и пародонтологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Анета Атанасовска-Стојановска, д-р Снежана Пешевска, д-р Силвана Георгиева, д-р Маја Пандилова**)....160-202

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА НАСЛОВ **„ПОЕТИКА НА ПРОЗАТА НА МУРАТ ИСАКУ“**, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р САЛАЈДИН САЛИХИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” во Скопје, на својата редовна седница одржана на 10.11. 2010 год., не избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов **Поетика на прозата на Мурат Исаку,** изработена од м-р Салајдин Салихи. Рецензентската комисија изразувајќи ја својата благодарност кон Наставно-научниот совет на Факултетот за укажаната доверба, по разгледувањето на доставената докторска дисертација, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација **Поетика на прозата на Мурат Исаку**, изработена од м-р Салајдин Салихи, опфаќа вкупно 167 страници интегрален текст, компониран од: Вовед, И.КНИЖЕВНОТО ДЕЛО НА МУРАТ ИСАКУ, ИИ.ПРОЗАТА НА МУРАТ ИСАКУ, 1.Поезија или проза, 2.Поезијата на Мурат Исаку, 3.Расказите на Мурат Исаку, 3.1. Збирката раскази *Уназа е дјерринёс*, 3.2. *Гёрсхеӣа*, 3. 3.Збирката раскази *Схесхӣина*, 4.Прозата на Мурат Исаку, целта на авторот, 5. Поетика и структура на албанскиот роман и местото на Мурат Исаку, ИИИ. КОДОВИ НА ИДЕНТИФИКАЦИЈА ВО ПРОЗАТА НА МУРАТ ИСАКУ, 1.Теми и мотиви, 2.Љубовта, животот, смртта, 3.Заштита на идентитетот, 4.Сликата на „другиот”, 5.Поединецот и општеството, 6.Тема на затворот, 7.Земјата, родниот крај, семејството, ИВ.ДУХОВНАТА КАРТА НА РОМАНИТЕ НА МУРАТ ИСАКУ, 1.Прозата на почетокот на книжевниот опус, 2.За љубовта и омразата, 3.Помеѓу животот и проклетството, 4.Метаморфоза на свеста, 5.Модерното наспроти старото, 6.Етичката искреност наспроти институционалната бруталност, 7.За љубовта и страдањето, В.ФОРМАТИРАЊЕ НА ЛИКОВИТЕ, 1.Протагонистот како главен носител на идејата на писателот, 2.Ликот и конфликтот, 3.Именување на ликовите, 4.Херојот и антихеројот, 5.Ликови-уметници, 6.Ликот на таткото, мајката, братот, сестрата, 7.Женски ликови, 8.Централна свест, 9.Пристапот и паралелизмот, ВИ.ЈАЗИКОТ И НАРАЦИЈАТА, ВИИ.РЕЦЕПЦИЈА, 1.Читателот и

книжевниот текст, 2.Критичното восприемање на книжевното дело, ЗАКЛУЧОК, РЕСУМЕ, RÉSUMÉ, ЛИТЕРАТУРА, ИНДЕКС НА ИМИЊА.

**АНАЛИЗА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**

Во воведниот дел на трудот, кандидатот Салајдин Салихи укажува за мотивот и инспирацијата на своето истражување. Тој го елаборира предметот на своето истражување, и истакнува дека прозата на Мурат Исаку е уникатна во албанската книжевност, особено во претставувањето на човекот и амбиентот на родниот крај. Таа е уникатна и според тематиката, уметничката визија, форматирањето на ликовите, композицијата, но и за јазикот преку кој авторот успеал да изгради литерарна "империја". Според тоа, докторската тема *Поетика на прозата на Мурат Исаку*, е една сеопфатна студија и успева да ги осветли основните карактеристики на овој книжевен опус, кој е многу продуктивен и податлив за нови научни интерпретации.

Во првото поглавје на трудот насловен *Книжевното дело на Мурат Исаку,* кандидатот тежнее и успева да ни го претстави книжевниот портрет на писателот, давајќи ни обилни биографски и биобиблиографски податоци за писателот и неговото книжевно дело, особено неговото прозно дело. Исто така, тој успешно не посочува и ни го дава точното место на авторот и неговото творештво во целокупната албанска книжевност која е значајна. Тој истакнува дека писателот Мурат Исаку и припаѓа на генерацијата која се појавува на книжевната сцена во вториот дел од 50-тите години од минатиот век, наречена генерација на албански писатели по Втората светска војна. Со делото на овој писател започнува и современата албанска книжевност кај Албанците во Македонија. Според кандидатот, делото на Мурат Исаку, гледано целосно, е повеќедимензионално, повеќестрано, напишано со голема мајсторија и креативност, со една голема магичност на прикажувањето, мајсторство во создавањето на романескните субјекти, инвентивно испреплетување на композицијата, поради што е предизвикувачко за научна анализа на сите планови и рамнините: наратолошки, херменеутички, интертекстуален и др. Творештвото на Мурат Исаку, со текот на годините, доживеа еволуција во позитивна смисла на зборот. Тоа е збогатено со нови идеи и е проширено на тематски план.

Во второто поглавје со наслов *Прозата на Мурат Исаку,* кандидатот се вконцентрира не само во прозата на авторот, туку и во поетиката на албанската

проза. Тој смета дека кај различните народи, во разни книжевни историски периоди, имало омилени книжевни жанрови кои одиграле значајна улога во вредностите на книжевните жанри. Во историјата на албанската книжевност приматот постојано и припаѓал на поезијата, а ова се случува и во денешно време, наспроти создавањето на традицијата и богат фонд на напишани книги во проза. Според кандидатот, развојот на албанската проза посебно, но и на албанската книжевност воопшто, бил атипичен, но атипизмот во книжевноста не подразбира недостиг на врвни вредности кај албанската книжевност. Тој подразбира доцнење или забрзување на книжевните процеси во однос на другата книжевност и се случува во тие средини во кои историските, општествените и политичките околности биле понеповолни за нормалниот развиток на книжевноста. Во оваа поглавје кандидатот се фокусира и на поезијата на Мурат Исаку, со цел да направи една компарација со прозата на авторот. Според кандидатот, Мурат Исаку никогаш не ја напуштил поезијата, туку и е посветен до крајот на животот, со истата страст како во почетоците на своето творештво. Поезијата секогаш остана „првата незаборавна љубов", и како таква секогаш е дел од преокупацијата на Исаку. Исто така, во прозата на Мурат Исаку имаме многу поезија, што ќе значи дека кај авторот прозата и поезијата секогаш биле неодвоени и биле во една значајна корелавна хармонија. Затоа, стихови од поезијата ќе најдеме во неговата проза.

Анализирајќи ги расказите на Мурат Исаку, кандидатот смета дека писателот се појавил во албанскиот книжевен свет и како сериозен раскажувач, а во збирките раскази главно доминираат социјалните теми. Иако пишувал за теми кои порано биле третирани во албанската книжевност, сепак авторот бил специфичен по начинот на пишувањето и јазикот кој е карактеристичен за него. Во овие збирки раскази, се претставува спецификата на еден одреден амбиент, подшарското поднебје од каде што потекнува авторот, се претставува една историска и митска меморија, притисокот на новото кон архаичните кодови кои го ограничуваат човекот. Кандидатот смета дека авторот се занимава со темите кои се карактеристични за неговиот книжевен опус: љубовта и смртта, семејството и антагонизмите внатре во оваа институција, деградирањето на човекот присилен од општеството и др.

Зборувајќи за развојот на албанскиот роман, кандидатот смета дека е многу мал бројот на споредбите на поетиката на албанскиот со европскиот роман.

Истражувачите направиле проста поделба на поетиката на албанскиот роман: поетиката на реалистичкиот роман или традиционалниот (или со реалистичко проседе), поетиката на романот на социјалистичкиот реализам (или идеолошкиот) и поетиката на модерниот роман (или со модерно проседе), додека само во последните години се зборува за постмодерниот албански роман. Истражувачите главно се сконцентрирани на посебностите и разликите помеѓу поетиката на овие романи. Според кандидатот, поетиката на романите од Мурат Исаку е онаа од традиционалниот реалистички роман. Тој исто така прави споредби помеѓу романите на Мурат Исаку со другите романи објавени во истиот период. Кандидатот смета дека прозаичното творештво на Мурат Исаку има многу од класичниот реализам а структурата на фабулата во творештвото на авторот кореспондира со она што го изјавуваат научниците А. Флакер и З. Шкреб кога велат дека кај реализмот фабулата е главно линеарна и служи за создавање на некои карактери и меѓусебни нивни односи. Со текот на времето, романот на Мурат Исаку одбележат квалитетно воздигнување. Тие се: *Плаг̄ёт̄, Рреџкајт̄, Ет̄је, Дамкат̄, Схт̄јелла, Рренг̄у, Фат̄т̄рерёт̄, Банеса нё кат̄ин е т̄рет̄ё*. Според кандидатот кај горенаведените романи понстакната и персализирана е мотивацијата на ликовите во романистичкиот простор и во склоп на времето, се одбележува многу квалитетно унапредување по однос на нарацијата, изградба на сижето, фигурата и друго, а посебно внатрешниот монолог и дијалог (особено лирскиот, како што е кај *Рреџкајт̄* или *Рренг̄у*).

Во третото поглавје со наслов ***Кодови на идентификација во прозата на Мурат Исаку***, кандидатот се фокусира на главните теми и мотиви во прозата на Исаку. Според него, творечките преокупации на авторот се промениле во разни временски периоди, иако има теми кои опстојуваат во целото негово творештво. Мурат Исаку е автор кој третира општествени теми и драми на човекот, како во минатото така и во сегашноста. Ја имаме темата на војната и идејната трансформација на човекот; соочувањето на класите и неговата заштита, заштита на идентитетот, темата за семејството и заедницата како плански институции и столбови за создавањето на внатречовечките односи. Исто така, во неговото дело излегуваат на виделина интерперсоналните контрадиции, интерлични, семејни, социјални, идеолошки, политички, психолошки; соочување на поединецот со дивата власт која не ја почитува слободата и човечкото достоинство, потоа; темата за љубовта и омразата, на хуманизмот и човечкото дивеење, душевната и

материјалната беда, индивидуалната и колективната среќа или несреќа, на фанатизмот и егзистенцијализмот, на жртвувањето за отсуството на идеалната слобода, печалбарството, лажниот морал и др. Не исклучувајќи ја една од посакуваните теми, како што е она од затворениот универзум, односно затворот, каде што на ограничена површина и во неизвесно време живеат ликовите кои доживуваат душевен стрес и егзистенцијални драми.

Во четвртото поглавје со наслов *Духовната карта на романите на Мурат Исаку,* кандидатот ги анализира посебно прозаичните дела на Мурат Исаку, разгледувајќи ги нив од неколку аспекти. Кај некои дела тој се концентрира повеќе, бидејќи смета дека станува збор за најрепрезентативни дела на писателот. Во тој поглед се забележува дека кандидатот на истражувањето му посветува посебно значење и на форматирањето на ликовите, нивна класификација, односот помеѓу ликовите со настаните и др. На посебен начин се третираат главните идеи на делото, моделите на градење на наративната структура создадена од страна на авторот во неговото книжевно дело, како и стилот. Во петтото поглавје со наслов ***Форматирање на ликовите,*** кандидатот смета дека Мурат Исаку создал галерија на ликови, посебни и комплексни. Во ова поглавје посебно внимание му е посветено на протагонистот во прозното дело на Мурат Исаку, кој е главен носител на идејата на писателот а понекогаш функционира како централна свест во прозата. Потоа се анализира односот на херојот со антихеројот, но и форматирање на посебните ликови како што се ликови-уметници, ликот на таткото, мајката, женските ликови.

Во шестото поглавје ***Јазикот и нарацијата,*** кандидатот Салихи се осврнува на фигуративноста на стилот, и посебно на јазикот со кој се служи Мурат Исаку во своето прозно дело. Според кандидатот, Мурат Исаку ќе остане во сеќавањето на читателите поради неговата посветеност кон богатиот поетски јазик, и верува дека идните читатели ќе се занимаваат со големиот број на изрази кои ја збогатуваат лексиката на албанскиот јазик. Исаку барање стари заборавени зборови, кои се употребуваат во краиштата на неговото родно место, истовремено земајќи се од богатството на разните јазични ареали со тежнеење за изградба на негова книжевна империја, која е повеќе метафорична и метонистичка отколку препишувачка. Кандидатот посебно се занимава со стилот и нарацијата во прозата на Исаку. Преку неколку примери и референции го претставува јазичното богатство кое ни го нуди

ова книжевно дело, која му враќа на јазикот стари зборови, а истовремено зголемувајќи го бројот на нови зборови. Станува збор за сеопфатно книжевно творештво и за настанот на едно време кое раѓа еден јазик од тоа време. Во романите на Мурат Исаку се сретнуваат неколку видови искажувања: фолклорно искажување, историско искажување, лирско искажување, но и есеистичко, иако поретко. Седмото подглавје со наслов *Рецепција,* е посветено на рецепцијата на делото на Мурат Исаку од страна на читателите, но и на пишната критична рецепција. Романите на Мурат Исаку, иако многу читани, не беа толку во фокусот на интересот на книжевната критика. Тие останаа надвор од епицентарот на интересирањата и кога започна да се консолидира критичкото мислење.

## ЗАКЛУЧОК

На крај, можеме да заклучиме дека кандидатот м-р Салајдин Салихи многу успешно одговорил на поставената задача - осветлување на прозното дело на најпознатиот албански писател од Македонија, Мурат Исаку. Тој тоа го направил во сите сегменти на своето истражување, па затоа, неговиот научен труд  успешно потполнува една голема празнина во современата албанска книжевност научна смисла. Па зсатоа, **со оглед на претходно изнесеното мислење во врска со докторскиот труд под наслов: „Поетика на прозата на Мурат Исаку", ни претставува чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет *Блаже Конески* во Скопје да му предложиме да го прифати нашиот извештај и кандидатот Салајдин Салихи да го повика на ОДБРАНА на својот докторски труд.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

1. Д-р  Нехас Сопај, редовен професор, с. р.
2. Д-р  Неби Ислами, редовен професор, с. р.
3. Д-р Авзи Мустафа, редовен професор, с. р.
4. Д-р Мирлинда Крифца, вонреден проф, с. р.
5. Д-р Агим Лека, доцент, с. р.

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски труд н

Филозофски факултет, список на кандидати наслови на м-р теми и ментори

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Петар Ивановски | Влијанието на Лисабонската Декларација врз реформите во средното образование во Р.Македонија | проф. д-р Зоран Матевски |
| Дарко Стефановски | Мерките на Европската социјална политика за усогласување на семејниот со професионалниот живот | проф. д-р Милева Ѓуровска |
| Соња Цветковска | Европските интеграции низ перспектива на проширувањето кон Централна и Југоисточна Европа | проф. д-р Милева Ѓуровска |
| Јасмина Тренкоска | Работна оптовареност и задоволство од работа кај вработени во металопреработувачка индустрија | проф. д-р Елисавета Сарџоска |
| Надица Ристоска | Мотивираноста на работодавачите за вработување на лица со инвалидност | проф. д-р Ристо Петров |
| Славчо Чадиев | Статусот на вработените лица со слушна оштетеност во заштитните друштва во општина Велес согласно постоечката легислатива | проф. д-р Зора Јачова |
| Иван Киселоски | Влијанието на миграциите врз социјалните политики во Европската унија и Македонија | проф. д-р Маја Геровска Митев |
| Крстена Ангеловска | Практичната настава во високо-образовните институции за образување на наставнички кадар | проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ |
| Ленка Мирческа | Дидактичко-методските компоненти во учебниците по математика во првиот образовен циклус | проф. д-р Снежана Адамческа |
| Емилија Калафова | Мотивацијата и ефикасното менаџирање во основното образование | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| Јусуф Велиу | Управување со демократските процеси во наставата | проф. д-р Снежана Адамческа |

| | | |
|---|---|---|
| Славица Андреева | Реформите во основното образование во Р.Македонија и Европа | проф. д-р Сузана Миовска Спасева |
| Катерина Атанасовска | Деловната комуникација помеѓу директорот и воспитувачите во детските градинки | проф. д-р Вера Стојановска |
| Киро Атанасов | Состојба и пристап кон оспособување на граѓаните и силите за заштита и спасување на Република Македонија | проф. д-р Зоран Нацев |
| Валбона Усеин | Имплементација на стратегиските определби на Р.Македонија во борбата против трговија со луѓе и илегална миграција | проф. д-р Зоран Нацев |
| Билјана Казаковска | Менаџментот на човечките ресурси во социјалната заштита во Република Македонија | проф. д-р Јован Пејковски |
| Африм Идризи | Улогата и придонесот на НАТО во глобалната безбедност | проф. д-р Трајан Гоцевски |

## П Р Е Г Л Е Д

**на одобрена тема за изработка на магистерски труд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје, Природно-математички факултет - Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 25.11.2010 година**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Александра Цветкоска, дипломиран еколог | „ДИЈАТОМЕИТЕ ОД ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО КАКО ПАЛЕОЕКОЛОШКИ ИНДИКАТОРИ НА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО ПОСЛЕДНИОТ ГЛАЦИЈАЛЕН – ИНТЕРГЛАЦИЈАЛЕН ЦИКЛУС“ | - д-р Златко Левков, вонр. проф. на ПМФ – Скопје |

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НАДВОРЕШНОПОЛИТИЧКАТА МОЌ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ИДЕОЛОГИЗАЦИЈАТА НА НОВИОТ СВЕТСКИ ПОРЕДОК„ , ИЗРАБОТЕНА ОД М – Р ГОРАН ИЛИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ИСППИ ВО СКОПЈЕ

Во својство на членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов „**Надворешнополитичката моќ на Европската унија во идеологизацијата на новиот светски поредок„** од кандидатот **м – р Горан Илиќ**, формирана со решение на Научниот совет на ИСППИ бр. 02 – 1177/15 од 20. 9. 2010 година, до Научниот совет на ИСППИ го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. СОДРЖИНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Содржината на прегледаната дисертација структурирана е како Вовед, пет глави со наслови: „Идеологија и идееологизација„ , „Надворешнополитичка моќ на Европската унија„ , „Нов светски поредок„ , „Надворешнополитичката моќ на Европската Унија во идеологизацијата на новиот светски поредок„ и „Форматот на новиот светски поредок„ , и потоа како Заклучок, Прилози и Библиографија.

Во Воведот кандидатот посебно ја истакнува потребата од анализа на разликите на Европската унија во однос на државата како поим, со цел да се дојде до финален заклучок за посакуваниот, идеотелиски формат на новиот светски поредок, визиран од аспект на Унијата и нејзината идеолошка рамка. Секако, во релација со новонастанатите глобално – политички дисторзии, односно настапувањето на светската економска криза и почетокот на постамериканската ера, како околности кои дефинитивно повлекуваат драстични промени во досегашните сфаќања и предикации за светот и меѓународната политика воопшто. Воедно, кандидатот посебно ја истакнува и потребата од анализирање на фундаменталните инструменти на Унијата во исполнувањето на својата цел, односно потребата да се анализира и презентира мултилатерализмот како метода на Унијата за идееологизација на новиот светски поредок. Ваквата “мултилатерална идеологија” на Унијата се истакнува дека во суштина претставува своевиден динамички алгоритам, за практикување на нејзиното влијание репрезентирано преку симболот на европскиот мултилатерализам, кој во себе акцептира три базични постулати: (ко)операција, (ко)оптација и (ко)ординација.

Во првата глава, со наслов „Идеологија и идееологизација„ , се анализираат поодделните прашања на идеологијата како поим, идеолошката схема ( еидологија, идееологија и идеотелија ) , идеолошката рамка на Европската унија, постисторијата, палингенезата на историјата, европската креативност и на дивергенцијата на европските и американските перспективи ( со посебен акцент на “Обама моментот” или иницијативата за конвергенција на перспективите ) .

Во оваа глава, кандидатот подетално анализирајќи го аксиолошкиот систем на ЕУ, истакнува дека кога зборуваме за вредности, посебно за вредностите на

Европската унија, може да се констатира едно општо прифатливо и ноторно решение, дека, всушност, не станува збор за ексклузивни вредности на Европската унија, туку станува збор за еден систематизиран конгломерат од цивилизациски прифатени и прифатливи вредности, инкорпорирани во нормативно – политичката структура на Европската унија, како политичко – правен организам со детерминирачка целисходност. Во таа насока, конкретно треба да се зборува за Европската унија и нејзиниот аксиолошки систем, бидејќи прашањето за паневропскиот ( сфатен географски и историски ) аксиолошки систем е веќе друго прашање. Во рамките на тоа, би можеле да влезат и некои други цивилизациски неприфатливи вредносни парадигми.

Во втората глава, со наслов „Надворешнополитичката моќ на Европската унија„ , се анализираат поодделните прашања на параметрите за дефинирање на моќта на ЕУ, генезата на европската надворешна политика, концептуализацијата на надворешнополитичката моќ на ЕУ ( цивилна моќ, идентитет, нормативна и трансформативна моќ на ЕУ ), дифузијата на нормите и анатомијата на моќта на ЕУ.

Во оваа глава кандидатот силно ја акцентира констатацијата за тоа дека Унијата, во зависност од својата внатрешна позиционираност, претставува еден хибриден и поливалентен проект, кој екстраполативно и директно имплицира на нејзината хетерогена, хибридна, а исто така, и мултифацијална визура на надворешнополитичката моќ, аспектирана преку востановениот капацитет за наметнување на влијание во глобални рамки. Односно, капацитет за идеологизирање на постамериканскиот светски поредок, и нејзината историска амбиција за моделирање и создавање на еден нов светски поредок, или поредок на одговорната моќ, меѓународната правда и светскиот мир. Тргнувајќи од тоа, а во согласност со презентираните концепти на цивилната, нормативна и трансформативна моќ на Унијата, може да се констатира и нејзината хибридна цикличност, во поглед на артикулацијата на основата, средствата, целите, функцијата и ефектите на нејзиното постоење и функционирање како „актер – модел„ на новото време.

Во третата глава, со наслов „Нов светски поредок„ , се анализираат поодделните прашања на парадигмата на новиот светски поредок, ЕУ наспроти нацијата – држава и постамериканскиот свет.

Во оваа глава кандидатот, меѓу другите констатции, ја истакнува таа која се однесува на претпоставката дека со доаѓањето на Барак Х. Обама на чело на САД, конечно ќе биде на некаков начин ограничена агресивноста на американската надворешнополитичка и воена доминација во решавањето на прашањата од глобално значење. Но во истовреме, таквиот факт директно не имплицира едно тотално нарушување на американската надворешнополитичка конзистентност, сфатена како драстична промена на традиционалната американска, проактивна ( наспроти изолационистичка ) надворешна политика. Тоа всушност се третира како факт, што треба да овозможи остварување на новите, иманентни процеси на глобализација, проследеи со јакнењето на другите држави, односно светски економии, како: ЕУ, Кина, Русија, Бразил, Мексико, Јужна Африка и Индија.

Во четвртата глава, со наслов „Надворешнополитичката моќ на Европската унија во идеологизацијата на новиот светски поредок„ , се анализираат поодделните прашања на мултилатерализмот како преференцијална метода за

идеологизација на новиот светски поредок од страна на ЕУ, нормативната призма на европскиот мултилатерализам, идеологизацијата на глобалното милје, ЕУ и САД ( новата политика на САД, новата трансатлантска парадигма, предизвици, идеологизација или синергија? ) , ЕУ и Кина ( вештиот кинески прагматизам, глобални политички прашања, „реципроцитетен ангажман„ како стратегија за идеологизација ) и ЕУ и Русија ( односи, фрагментација на европското единство, препораки за тактичка идеологизација, перспективите на Русија за новиот светски поредок ).

Во оваа глава кандидатот посебно се задржува и на своевидната афирмација на формулата: идеологизација преку мобилизација, која, најгенерално гледајќи, ја означува определбата и потребата земјите - членки на Унијата поединечно да придонесуваат во функција на заедничкиот интерес на Унијата. Токму во тоа се гледа и провокативноста на концептот на интерферентни империи, што подразбира дека секоја држава – членка на Унијата поединечно, искористувајќи ги своите историски врски на еден кооперативен начин, ќе треба да придонесе кон остварување на заедничките цели, на новата „неимперијална империја„ , наречена Европска унија.

И понатаму, во оваа глава од дисертацијата, кандидатот истакнува и дека како мошне интересен факт се наметнува детерминацијата на Унијата, можеби свесно или несвесно, за европеизирање, односно евросферизирање на светот. Како начин за негова идеологизација, односно како начин за дифузирање на идеолошката, ЕУтописка рамка на Унијата во светот. Формирањето на евросферите несомнено произлегува од колонијалното минато на државите - членки на Унијата, но истото тоа засилено со имплементацијата на Европската соседска политика ( European Neighbourhood Policy ), како тенденција за институционална комуникација со соседството.

Во петтата глава, со наслов „Форматот на новиот светски поредок„ , се анализираат поодделните прашања на димензиите на новиот светски поредок и на преференцијалниот формат на новиот светски поредок.

Во оваа глава кандидатот констатира дека форматот на новиот светски поредок претставува еидолошка манифестација на ( ре )алокацијата на политичката / надворешнополитичката моќ во конкретни меѓународни центри (држави, меѓународни организации или други форми на политичка организација ). Односно, „форматирањето„ на новиот светски поредок коинцидира со комплементарниот идеоконцепт, кој директно извира од поларизираноста на светот по основа на моќ или акцелерација на надворешнополитичка моќ во конкретни центри, што корелира со парадигмите на униполаризмот, биполаризмот и мултиполаризмот, како и нивната евентуална комбинација, па дури и нонполаризмот / аполаризмот.

Што се однесува до поодделното прашање на преференцијалниот модел / формат на новиот светски поредок, секако во корелација со „генетскиот код„ на Унијата, кандидатот потенцира дека многу битно е да не се изгубат од вид три фактори: мултилатерализам, регионализам и институционална креативност / инвентивност. Во спротивно, дискурсот за преференцијалниот модел на Унијата за нов светски поредок би бил депласиран.

Во Заклучокот кандидатот ги сублимира и ги есенцијализира најбитните сознанија и констатации содржани во дисертацијата. Притоа, како специфично

јадро би можела да се третира констатцијата за тоа дека кога станува збор за новиот светски поредок, тогаш е битно да биде потенциран фактот дека тој во дисертацијата генерално е дефиниран како глобален ( ре )организациски моментум на политичка моќ со свои препознатливи специфики. Но, она што посебно инспирира кога се елаборира мултиинтерпретативната и комплексна природа на новиот светски поредок, а воедно и учеството на Унијата во неговото ремоделирање или иницијално креирање, е токму нејзината ексклузивна „мултилатерална идеологија„ во перцепцијата на општествената реалност. Како идеологија, во трудот структурирана преку трите витални елементи на европскиот тип на мултилатерализам, односно: (ко)операција, (ко)оптација и (ко)ординација. Овие елементи имплицираат на мултилатералниот статус, природа и детерминација на Унијата во однос на новиот светски поредок.

Како Прилози во дисертацијата се ставени: Прилог бр. 1: Евросфера ( во која влегуваат 114 земји од светот: 27-те држави – членки на Европската унија; четирите држави – кандидати за членство во Унијата, односно: Македонија, Турција, Хрватска и Исланд; и, покрај нив, уште и земјите од Западен Балкан, Заедницата на независни држави, Средниот Исток и Северна Африка и Екваторијална Африка ) и Прилог бр. 2: Хронолошки преглед на односите меѓу Европската унија и Кина.

И, на крајот од дисертацијата, во Библиографијата, подредена е целокупната ( исклучително богата ) реферирана литература, групирана како научни и стручни трудови, како документи и како печатени и електронски медиуми.

## II. ОЦЕНА НА КОМИСИЈАТА

Комисијата изгради оцена дека прегледаната докторска дисертација **„Надворешнополитичката моќ на Европската унија во идеологизацијата на новиот светски поредок„** изработена од кандидатот **м-р Горан Илиќ**, на бележито ниво на квалитет целосно ги задоволува воспоставените научни стандарди, критериуми и мерила за квалитет на докторска дисертација од областа на политичките науки.

Оваа своја оцена Комисијата ја втемелува и ја развива на неколку посебно битни научни перформанси / доблести на прегледаната докторска дисертација:

Комисијата, имено, смета дека е одбрана и дефинирана тема за изработка на докторска дисертација која, најобјективно гледајќи, претставува една од најбитните и најпрестижните теми од областа на современите меѓународни политички односи. Тоа е тема во која всушност се вкрстуваат и се испреплетуваат најрелевантните состојби, констелации, процеси и тенденции на современите меѓународни политички односи. Ова е тема која на најесенцијален можен начин и ниво на политиколошка научност ги проблематизира и аналитички ги обработува идеологизациите / рационализациите на посакуваните глобални / светски / планетарни констелации, односно глобални / светски / планетарни поредоци, па вкупна ( значи – не само политичка во потесното нејзино значење ) општествена моќ, и тоа како краен, стабилен и одржлив систем. Притоа, на респектабилно ниво на епистемолошка зрелост, аналитички осветлувајќи и објаснувајќи ги поодделните ( специфични ) државни, национални и регионални интереси и цели,

организационо – институционално втемелени, изградени и рационализирани преку и во рамките на координатите на самореферентните идеологизации / рационализации на конкретни поодделни конструкти на нов светски поредок.

Во рамките на овој глобален / планетарен / светски контекст на констелирање на вкупна општествена моќ секако дека се осмислуваат, конципираат и практично – политички се дефинираат и се реализираат различните / спротивставените погледи и сфаќања во однос на самата суштина на политичкото надградување на ЕУ, при што во дисерацијата, со целосно право, доста големо внимание е посветено на анализата на вистинските и реалните дострели на содветните конституционални основи / документи – неуспешниот Устав и Лисабонскиот договор. Во оваа смисла, во дисертацијата на крајно релевантно ниво на научност се анализираат соодветните релации и на конвергентност и на дивергентост. Значи, од една страна, и оние релации кои политичкиот / надворешнополитичкиот идентитет и субјективитет на Унијата го осмислуваат, конципираат и институционално го развиваат во рамките на глобална / светска / планетарна констелација на моќ поставена и изградена како мултиполарна – со ЕУ како еден од половите на таа констелација; и, од друга страна, и оние релации кои тој идентитет и субјективитет на Унијата го осмислуваат, конципираат и институционално го развиваат во рамките на глобална / светска / планетарна констелација на моќ поставена и изградена како униполарна - со САД како еден единствен пол на таа констелација и со ЕУ како еден од повеќето инструменти на меѓународно – политичка идеологизација / рационализација и практична реализација на националните / државните интереси и цели на САД. Тоа, впрочем, е структурата на мултилатералност која администрацијата на Barack H. Obama ја постави во фундаментот на трансформацијата на концептите и моделите на идеологизација / рационализација и практична меѓународно – политичка реализација на националните / државните интереси на САД како единствен столб на униполарниот нов светски поредок на George H. W. Bush – САД. Многу јасно, своите национални / државни интереси и цели и понатаму униполарно ќе ги осмислуваат и конципираат, но нема повеќе и унилатерално практично – политички да ги реализраат, туку тоа ќе го прават преку мултилатерална структура на свои пријатели, партнери, сојузници и поддржувачи.

Комисијата смета дека оваа поента од дисертацијата всушност претставува една од најкруцијалните и најкардиналните нејзини научно – политиколошки придонеси.

Воедно, Комисијата сака да ја потенцира и бележитата важност на анализата содржана во дисертацијата која е посветена на реалноста на вистинските вкупни државни / национални потенцијали и капацитети на Русија и Кина својот државен / национален интерес да го втемелат и да го изградат као еден од столбовите на некој нов конкретен меѓународен поредок, односно некоја нова конкретна констелација на глобална / планетарна / светска општествена моќ.

Дефинираната тема на докторската дисертација, научната систематичност, прецизност и коректност на нејзината анализа, надградена со научна синтеза конотирана со целосно релевантни и објективни научни сознанија, ја прават структурата на истакнатиот научниот придонес на кандидатот во оваа докторска дисертација.

Во секој случај, Комисијата смета дека кандидатот на високо ниво на знаење и на информираност ја владее темата на докторската дисертација; исто како што го владее и основниот поимно – категоријален инструментариум кој го користи при изработката на дисертацијата. Воедно, во овој контекст, Комисијата сака да го апострофира и соодветниот избор и реферирање на целосно релевантна научна и стручна литература.

Сето ова досега изнесено и дава за целосно право па Комисијата да ја изгради бележито позитивната оцена за прегледаната докторска дисертација.

Членовите на Комисијата своите поодделни и парцијални критички забелешки, гледања и размислувања за конкретни делови од докторската дисертација усно ќе ги изнесат и елаборираат на нејзината одбрана.

## III. ПРЕДЛОГ ДО НАУЧНИОТ СОВЕТ

Врз основа на оваа оцена, Комисијата му предлага на Научниот совет на ИСППИ да го прифати овој извештај и да ја овласти Комисијата да ја закаже и да ја одржи одбраната на докторската дисертација **„Надворешнополитичката моќ на Европската унија во идеологизацијата на новиот светски поредок„** , изработена од кандидатот **м – р Горан Илиќ**.

Во Скопје, па 12 поември 2010 година

КОМИСИЈА

1. Проф. д – р Славејко Сасајковски с. р.
2. Проф. д – р Мирјана Најчевска с. р.
3. Проф. д – р Звонимир Јанкуловски с. р.
4. Проф. д- р Наташа Габер – Дамјановска с. р.
5. Проф. д – р Јован Донев с. р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: БИОХЕМИЈА 1, БИОХЕМИЈА 2, ХЕМИЈА НА ХРАНАТА, ТЕХНОЛОГИЈА НА МАСТИ И МАСЛА, ИНДУСТРИСКА МИКРОБИОЛОГИЈА И ИНДУСТРИСКА МИКРОБИОЛОГИЈА ЗА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје од 1.11.2010, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент за групата предмети: биохемија 1, биохемија 2, хемија на храната, технологија на масти и масла, индустриска микробиологија и индустриска микробиологија за прехранбени производи.

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" на 15.10.2010 се пријавил само дипл. инж. Божидар Ристовски. По разгледувањето на поднесената документација од страна на пријавениот кандидат, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот Божидар Ристовски е помлад асистент на горенаведената група предмети. Неговите биографски податоци и постигнати резултати се прикажани подолу.

**Биографски податоци на кандидатот дипл. инж. Божидар Ристовски**

Датум и место на раѓање: 8.8.1980 год., Скопје, Република Македонија.

**Образование:**

- 2007, дипломиран инженер - технолог по прехранбена технологија, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје;
- од октомври 2008 запишан е на втор циклус (магистерски) студии, насока: прехранбена технологија и биотехнологија, модул: прехранбена технологија, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје и положил неколку предмети.

**Работно искуство:**

- септември 2007 - март 2008, Т.Д. Тохем дооел, Скопје, соработник за сокарство и пиварство;
- од 31.3.2008 до денес, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, помлад асистент по групата предмети: биохемија 1, биохемија 2, хемија на храната, технологија на масти и масла, индустриска микробиологија за прехранбени производи и индустриска микробиологија.

**Странски јазици:**

- англиски јазик - напредно ниво на познавање;
- германски јазик - основно ниво на познавање.

**Компјутерски вештини:**

- програми од Microsoft Office пакетот (Word, Excel, PowerPoint, Outlook).

**Наставно-образовна дејност:**

Дипл. инж. Божидар Ристовски, од средината на 2008 година до денес, како помлад асистент ги изведува лабораториските и пресметковните вежби по предметите: биохемија 1, биохемија 2, хемија на храната, технологија на масти и масла, индустриска микробиологија за прехранбени производи и индустриска микробиологија. Вклучен во наставата на базични предмети работи и посветува внимание на консултациите со голем број студенти и учествува во реализација на колоквиумите и испитите.

Коавтор е на долунаведените интерни наставни материјали, практикуми за вежби (*прифатени од страна на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, со одлука донесена на седницата одржана на 9.6.2010*):

1. Д-р М. Боцевска, **дипл. инж. Б. Ристовски**, Хемија на храна (Лабораториски практикум), Технолошко-металуршки факултет, **2008**.
2. Д-р М. Боцевска, **дипл. инж. Б. Ристовски**, Технологија на мастите и маслата (Лабораториски практикум), Технолошко-металуршки факултет, Скопје, **2008**.
3. **Дипл. инж. Б. Ристовски**, д-р М. Боцевска, Практикум за лабораториски вежби по Биохемија I, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, **2009**.

4. Д-р М. Боцевска, д-р Д. Дошева-Шапческа, **дипл. инж. Б. Ристовски**, Биохемија 2 – Практикум за вежби, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, **2010**.

## Научноистражувачка работа

Неговата активност на полето на научноистражувачката работа во овој период резултира со по еден печатен труд во научно списание и зборник на трудови и три презентирани труда на конгреси.

### Трудови објавени во научни списанија:

1. M. Bocevska, V. Samardjioski, I. Aldabas, **B.Ristovski**, Kvalitet i bezbednost ulja u pripremi brze hrane, Uljarstvo 39,1-2 (**2008**), 11-15.

### Трудови објавени во зборници на трудови:

1. M. Bocevska, V. Samardjioski, I. Aldabas, **B. Ristovski**, Kvalitet i bezbednost ulja u pripremi brze hrane, 49. Savetovanje Proizvodnja i prerada uljarica, Herceg Novi, 15-20.06.**2008**, 77-82.

### Учество на конгреси:

1. **Б. Ристовски**, М. Боцевска, Биодеградабилни и јадливи филмови, VII конгрес по чиста и применета хемија на студентите од Македонија, Скопје, 4-6 октомври **2007**, 34-35.
2. М. Боцевска, В. Самарџиоски, С. Рендевски, **Б. Ристовски**, Диелектрична и УВ спектроскопија за следење на квалитетот на маслата за пржење, XX конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Охрид, 17-20 септември **2008**, 107-108 (*краток и проширен апстракт*).
3. M. Bocevska, **B. Ristovski**, Water Uptake, Gelatinization and Enzymatic Digestion of *Japonica* Rice Varieties, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, September 23-26 **2010**, 155.

### Учество на семинари и обуки:

Напоредно со активностите поврзани со наставата и науката, тој ги проширува своите знаења во подрачја значајни за неговите професионални обврски:

- престој во Вагенинген, Холандија (февруари 2009), во рамките на ТЕМПУС - проектот CDJEP-40065-2005 (координатор: д-р С. Кузманова)
- ги завршува курсевите:
  - „Нов пристап во развојот на менаџментот на квалитет", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 19-20 октомври 2009.
  - „Подобрување на комуникациски вештини", Технолошко-металуршки факултет и Модус Центар, Скопје, ноември 2009.

**Други активности:**

Учествува во низа други значајни активности:

- Повеќепати зема учество во активности за презентација на Технолошко-металуршкиот факултет :
  - 9.4.2009 - саемска манифестација „Денови на образование и кариера", на штандот на Технолошко-металуршкиот факултет, Скопје;
  - 10.11.2009 - ученици од IV одделение од Основно училиште „Љубен Лапе", општина Аеродром, Скопје, во Лабораторија за прехранбена технологија и биотехнологија, при Технолошко-металуршкиот факултет, Скопје;
  - 7.12.2009 - ученици од IV година во Средното училиште на Град Скопје „Георги Димитров" - Скопје;
  - 15.4.2009 - саемска манифестација „Денови на образование и кариера", на штандот на факултетите од областа на техничко-технолошките науки при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
  - 29.5.2010 - во ПСУ Колеџ „Јахја Кемал" - Гостивар, пред учесници на манифестацијата „Смотри на младите истражувачи од средните училишта на Македонија", во организација на Народна техника на Македонија.
- Бил член на организациониот одбор на XX конгрес на хемичарите и технолозите на Македонија, Охрид, 17-20 септември 2008.
- Учесник е во подготовката на повеќејазичниот електронски речник на поими и изрази поврзани со храната - Food Dictionary (превод на општи

и стручни термини од англиски на македонски јазик), креиран од Фондацијата Food-Info и Универзитетот во Вагенинген (www.fooddictionary.eu), при престојот (8-28.2.2009) остварен на The Food Science Department, Wageningen University & Research Centre, Вагенинген, Холандија, во рамките на Темпус - проектот „Нови модели на курикулуми за едукација на прехранбени инженери", CD_JEP-40065-2005.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од изнесените податоци за кандидатот дипл. инж. Божидар Ристовски, помлад асистент на Технолошко-металуршкиот факултет, може да се констатира дека станува збор за кандидат кој успешно ги реализира обврските поврзани со наставата, работи на полето на науката и истражувањето, континуирано се надообразува и реализира низа други активности значајни за Факултетот. Според тоа, Комисијата констатира дека се работи за млад кадар кој вложува во сопствената надградба во струката и пренесување на знаењата на студентите. Согласно со констатираното и со Правилникот за единствените критериуми и постапки за избор/реизбор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет да го реизбере дипл. инж. Божидар Ристовски во звањето помлад асистент по предметите: биохемија 1, биохемија 2, хемија на храната, технологија на масти и масла, индустриска микробиологија и индустриска микробиологија за прехранбени производи.

### Рецензентска комисија

1. Д-р Мирјана Боцевсака, редовен професор на Технолошко-металуршкиотфакултет во Скопје, с.р.

2. Д-р Ацо Димитровски, редовен професор во пензија, с.р.

3. Д-р Донка Донева-Шапческа, насловен доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: ТЕХНОЛОГИЈА НА КИСЕЛИНИ И БАЗИ, ТЕХНОЛОГИЈА НА СОЛИ И ЃУБРИВА, ЗАГАДУВАЊЕ НА ПОЧВИ И ЗАШТИТА, ПОЛУТАНТИ, ОСНОВНИ СУРОВИНИ И НИВНА ТЕХНОЛОШКА ПОДГОТОВКА, ЧИСТО ПРОИЗВОДСТВО И ЦВРСТ ОТПАД И РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука од 45. седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, одржана на 1.11.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент по групата предмети: ***технологија на киселини и бази, технологија на соли и ѓубрива, загадување на почви и заштита, полутанти, основни суровини и нивна технолошка подготовка, чисто производство и цврст отпад и рециклирање.***

По прегледот и анализата на доставената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс објавен во дневниот весник „Дневник" на 15.10.2010 година за избор во соработничко звање - асистент по горенаведената група предмети, се пријави само еден кандидат - м-р Бошко Бошковски.

***Биографски податоци:***

Име и презиме: Бошко Бошковски
Датум на раѓање: 14. 1. 1979
Место на раѓање: Велес, Република Македонија

***Универзитетско образование:***

- 2004, дипломиран инженер-технолог, насока: базно неорганско инженерство, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје;
- 2010, магистер на технички науки од областа неорганска технологија, студиска програма: нови материјали - неоргански материјали, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

***Работно искуство:***

- 2004 - 2008, Крзнара "Димко Митрев" - Велес, раководител на штавен погон;

- од 2008 до денес, помлад асистент на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

***Наставно - образовна дејност:***

Наставно-образовната дејност на м-р Бошко Бошковски се состои од изведување на вежби по предметите на кои е избран: технологија на киселини и бази, технологија на соли и ѓубрива, загадување на почви и заштита, полутанти, основни суровини и нивна технолошка подготовка, чисто производство и цврст отпад и рециклирање, како и изведување на вежби по предметите општа и неорганска хемија 1 и општа и неорганска хемија 2, како доделени предмети од страна на ННС.

Покрај активноста од одржување на вежби по горенаведените предмети, кандидатот е коавтор на следните учебни помагала, одобрени од страна на ННС на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје:

1. С.Богоевски, Б.Бошковски, Технологија на киселини и бази (интерна скрипта), Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2009;

2. С.Богоевски, Б.Бошковски, Технологија на киселини и бази - збирка задачи (интерни материјали), Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2009;

3. С.Богоевски, Б.Бошковски, Технологија на ѓубрива и соли - збирка задачи (интерни материјали), Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2009.

***Научноистражувачка работа:***

Трудови, презентирани на конгреси:

1. S.Bogoevski, B.Boskovski, "Influence of structure genesis of white opalized tuff upon the characteristic of miling process", VIII[th] Congress of Pure and Applied Chemistry of Students from Macedonia (with international participation), Skopje 8-10 October 2009.

2. B.Boskovski, S Bogoevski,"High temperature crystalization process into opalized silicate tuff", XXI[th] Congres of Chemist and Technologists of Macedonia, Ohrid 23-26 September 2010.

3. S.Bogoevski, B Boskovski, "Concentration of the carbonate admixture from raw opalized tuff into one separated fraction", XXI$^{th}$ Congres of Chemist and Technologists of Macedonia, Ohrid 23-26 September 2010.

*Стручно-апликативна дејност:*

1. С.Богоевски, Е.Фиданчевска, С.Зафировски, Б.Бошковски, В.Јованов, Студија за технолошките испитувања на керамичка глина од АД ИГМ Еленица, Струмица; Инвеститор АД ИГМ Еленица-Струмица, ТМФ, мај 2008.

2. Е.Фиданчевска, С.Богоевски, Р.Аџиски, Б.Бошковски, В.Јованов, Студија за технолошките испитувања на глини од локалитетот Ајватовци, Скопско; инвеститор: АРБ Комерц-Тетово, ТМФ, јуни 2008.

3. С. Богоевски, Б.Бошковски, Извештај за извршени анализи на примероци од малтер од црквата Сите Свети, с. Лешани, ноември, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Охрид, 2008.

4. С. Богоевски, Б. Бошковски, Извештај за извршена идентификација и карактеризација на карбонатна минерална суровина, инвеститор: Добер-ДОО Валандово, ТМФ, ноември 2009.

5. С.Богоевски, С.Зафировски, Р.Аџиски, Б.Бошковски, В.Јованов, Студија за технолошките испитувања на индустриска проба (1 и 2) од керамичка глина од локалноста Ајватовци - Скопско и опоснител од локалноста Урошевац; инвеститор: АРБ Комерц-Тетово, ТМФ, октомври 2010.

*Други активности:*

- одговорно лице за научно-техничката соработка помеѓу ТМФ - Скопје и АД Зеолит БСБ, Пробиштип;
- извршени презентации на студиските програми на ТМФ - Скопје во средни училишта.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на поднесената документација од страна на кандидатот м-р Бошко Бошковски и изнесената анализа на неговиот стручен профил, може да се констатира дека се работи за перспективен кадар кој рамномерно се развива во сите потребни правци, поточно, во образовниот, научниот и апликативниот дел од дејноста. Кандидатот изразува способност за тимска работа, како и за самоиницијативност, што е од битно значење за неговиот натамошен развој.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје да го избере м-р Бошко Бошковски, досегашен помлад асистент, во звањето асистент по групата предмети: технологија на киселини и бази, технологија на соли и ѓубрива, загадување на почви и заштита, полутанти, основни суровини и нивна технолошка подготовка, чисто производство и цврст отпад и рециклирање.

Рецензентска комисија

Д-р Слободан Богоевски, вонр. проф. с.р.

Д-р Благица Близнаковска, ред. проф. с.р.

Д-р Милосав Милошевски, ред. проф. с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје**

на 368. седница на Наставно – научниот совет одржана на 30.11.2010 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Јелена Ристиќ, дипл.град.инж. | Компаративна сеизмичка анализа на армирано бетонска мостовска конструкција со примена на важечките Македонски прописи и Еврокодови | проф. д-р Елена Думова - Јованоска |
| 2 | Борис Тасевски, дипл.град.инж. | Компаративна анализа на повеќекатни гаражи изведени од челик | проф. д-р Атанас Филиповски |
| 3 | Оливер Колевски, дипл.град.инж. | Влијание на брзината на градење врз однесувањето на армиранобетонските елементи во тек на време | проф. д-р Горан Марковски |
| 4 | Зоран Мирчевски, дипл.град.инж. | Геометриски карактеристики и дијаграми на интеракција за симетрични и несиметрични армирано бетонски пресеци | проф. д-р Љупчо Лазаров |

## П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **Неда Бакевска** | **Пренесувањето на значењето на археолошкиот локалитет Кокино преку документарните телевизиски програми** | **Проф.д-р Мишел Павловски** |
| **Билјана Николовска Жагар** | **Системи на кариера – предуслов за развој на стручна и професионална државна служба во Република Македонија** | **Проф.д-р Јорде Јакимовски** |
| **Анета Зафировска** | **Менаџментот на волентерството кај програмските активности на Црвениот крст на Република Македонија** | **проф. д-р. Љубица Чонева** |
| **Елизабета Кучера** | **Влијанието на социјални фактори на квалитетот на менаџерската работа во организациите за технички преглед на возила** | **проф.д-р Љубица Чонева** |
| **Катерина Петковска** | **Компонентите на мотивацијата и задоволството од работата како фактор за ефективност во работењето** | **проф. д-р Васил Поповски** |

# ПРЕГЛЕД

на пријавени теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје на седницата одржана на 25.11.2010 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Синиша Спасов | Конструктивни, влечно-динамички и еколошки специфики на друмски возила на електричен погон | Проф. д-р Милан Ќосевски |
| Гоце Серафимовски | Прилог кон дефинирање на критериуми за избор на ветерна турбина поставена во урбана средина | Проф. д-р Славе Арменски |
| Дарко Николовски | Анализа на заостанатите напони и деформации од заварување-нумерички и експериментален приод | Проф. д-р Јован Гочев |
| Марјан Митев | Развој на интерконекциските модели во функција на ефективност на бизнис процесите кај комуникациските услуги | Вон. проф. д-р Валентина Гечевска |
| Николина Стојанова | Влијание на плазма нитриран слој на векот на траење на алати за обработка со пластична деформација | Вон. проф. д-р Јасмина Чалоска |

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДВА ПОМЛАДИ АСИСТЕНТА ПО ПРЕДМЕТОТ ФАРМАКОЛОГИЈА СО ТОКСИКОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ, ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование и членовите 42-46 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со Анекс 1 и Анекс 2 од овој Правилник, во согласност со конкурсот објавен во весникот „Утрински весник" од 19.10.2010 година, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на својата VII редовна седница одржана на 18. 11. 2010 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија за преизбор на два помлади асистента по предметот фармакологија со токсикологија, во состав:

1. Проф. д-р Петар Милошевски
2. Проф. д-р Никола Лабачевски
3. Проф. д-р Маја Сланинка Мицеска

Комисијата има задача да изготви рецензија на кандидатите кои се јавија и тоа: помл.ас. д-р Огнен Петровски, помл.ас. д-р Кристина Павловска и д-р Анита Пеловска.

По прегледувањето на приложената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### *1. Помл. ас. д-р Огнен Петровски*

Помл ас д-р Огнен Петровски е роден во Скопје во 1979 година. Основно и средно образование со континуиран одличен успех завршил во Скопје. На Медицинскиот факултет се запишал во 1998 година како прв студент на ранг листата на примени студенти и дипломирал во 2004 година со просечен успех 9,59. Стручниот испит го положил во почетокот на 2005 година, а потоа волонтерски работел во здравствената амбуланта на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на проектите ХИВ/СИДА и "Алерт-систем за рано откривање и надзор над заразните болести" во Републичкиот завод за здравствена заштита. Од крајот на 2006 година е вработен на Медицинскиот факултет на одредено работно време преку агенцијата "Партнер" и е распореден на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија. Во 2009 година е вработен на неопределено време на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија. За помлад асистент на Катедрата за фармакологија со токсикологија е избран во 2008 година, според извештајот објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје број 938 од 14 март 2008 година.

Во 2004 година се запишал на постдипломски студии на Медицинскиот факултет во Скопје и ги положил сите предвидени испити од трите семестри. Во текот на периодот на волонтирање започнал специјализација по медицинска микробиологија со паразитологија и во февруари 2010 година го положил специјалистичкиот испит. Работи со компјутер и активно ги користи англискиот и германскиот јазик, за кои има и меѓународни дипломи.

### Научноистражувачка дејност

Уште од времето на студирањето покажал интерес за научноистражувачка работа и како прв автор или коавтор изработил стручни трудови кои биле презентирани на конгреси во Р. Македонија и во некои европски земји, како: 23 Меѓународен студентски конгрес, Охрид, 2000; 9 Годишен меѓународен студентски

конгрес на Аин Шам, Каиро 2001, Прв студентски меѓународен конгрес за медицински науки, Белград, 2001; 13 Европска студентска конференција за идни биомедицински научници и доктори, Берлин 2002; 27 Студентски конгрес во Охрид, 2004 година; Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид 2006; 40 Денови на превентивната медицина, Ниш, 2006, IV контрес на микробиолозите на Македонија, Охрид, 2009; VI конгрес на Балканското друштво на микробиолози „Microbiologija Balkanica 2009„, Охрид, 2009. Трудовите што ги работел опфаќаат области од инфекции, антимикробна терапија и испитување на осетливост, дијагностички постапки и инциденција на некои типови инфекции. Активно е вклучен во истражувачката и стручната работа на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија во изведувањето на клиничките студии (биоеквивалентност на лекови).

**Стручно усовршување**

Реализирал повеќе стручни престои и посетувал неколку семинари и летни школи кои биле подготвувани од меѓународни студентски организации и професионални медицински асоцијации. Во текот на студиите во 2002 година престојувал еден месец на Клиниката за кардиологија во Вроцлав, Полска, во рамките на меѓународната студентска размена. Во 2003 година работел еден месец на Клиниката за офталмологија на Малта. Летната школа по ургентна медицина во Дубровник, подготвена од студентската организација ЕМСА од Загреб и Студентскиот оддел на Хрватската медицинска асоцијација, ја посетувал во летото 2004 година. Учествувал на семинарот “Алерт-систем за рано известување и надзор над заразните болести” во Охрид, 2005 година, на семинарот “Втора генерација следење на ХИВ” во Охрид во 2005 година и на семинарот “За употреба на брзи ХИВ-тестови” во 2006 година во Скопје, сите организирани од тогашниот Републичкиот завод за здравствена заштита, денешен Институт за јавно здравје на Р. Македонија.

Во 2007 година ја посетувал Научната летна школа (Scientific Summer School) во Истанбул, Турција, во организација на Списанието за електрокардиологија (Journal of Electrocardiology), Списанието по кардиологија на Анатолија (Anatolian Journal of Cardiology), Хрватското медицинско списание (Croatian Medical Journal) и Меѓународното друштво по електрокардиологија (International Society of Electrocardiology).

Го поминал Основниот курс за ресусцитација спонзориран од Европскиот совет за ресусцитација (BLS/AED Provider Course), а одржан во Охрид, 2009 година.

Учествувал на 5 ЕГА-фармацевтски симпозиум на Југоисточна Европа одржан во Охрид, Р.Македонија во 2009 година.

Вклучен е во редовната работа на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија од моментот на привременото вработување и активно учествувал во изведувањето на поголем број клинички студии (биоеквиваленции). Учествува во работата на Националниот центар за пријавување на несакани дејства на лекови.

**Наставна дејност**

Вклучен е во изведувањето на практичната настава за студентите по стоматологија, медицина и фармација и во изведувањето на сите испити по предметот фармакологија со токсикологија. Во текот на студиите посетувал прво курс за здравствен едукатор, кој го организирало Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Р. Македонија, во 2001 година, а потоа учествувал во предавањата на организацијата.

**Други активности:**

Бил член на Организацискиот одбор на 10 Собир на национални координатори на Европската медицинска студентска организација (ЕМСА), одржана во Скопје во 2003. Членува во Лекарската комора на Македонија, Македонското лекарско друштво и во Здружението на микробиолозите на Македонија при МЛД.

Поседува Сертификат за учество на сите конгреси, стручни состаноци и за успешно совладан Основен курс за ресусцитација издаден од Европскиот совет за ресусцитација (BLS/AED Provider Course).

**Трудови за рецензија:**

*Трудовите 1-11 кои се наведени во биографијата се рецензирани во Билтенот број 938 на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје од 14 март 2008 година.*

12. Jurhar-Pavlova M., K.Mladenovska, O.Petrovski, M.Prodanov, M.Slaninka-Miceska, N.Panovski, M.Petrovska: Effect of Lactobacillus casei used as probiotic on spontaneously hypertensive rats, Мак Мед Преглед 63: (суплемент 77), 2009, 60

Цел на овој труд е испитување на ефектот на *Lactobacillus casei* употребуван како пробиотик во соино млеко врз систолниот крвен притисок кај спонтано хипертензивни стаорци. Заклучено е дека *Lactobacillus casei* употребуван како пробиотик во соино млеко покажал хипотензивен ефект врз систолниот крвен притисок кај машките хипертензивни стаорци. Ефектот бил сигнификантен четири часа по апликацијата на млекото, додека 24 часа по терапијата тој престанал.

13. Петровски О., Л.Лабачевска-Ѓатовска, М.Петровска: Влијанието на температурата врз антимикробниот ефект на антибиотици од различни групи, Мак. мед. преглед 63: (суплемент 77), 2009, 55-56

Трудот се однесува на лабораториско in vitro испитување на влијанието на температурата врз ефикасноста на антибиотици од различни групи: кинолони (ципрофлоксацин, пефлоксацин), аминогликозиди (гентамицин), цефалоспорини (цефтриаксон) пеницилини (пеницилин Г, прокаин пеницилин) врз бактериски соеви од родот *Escherichia coli* (за кинолони, аминогликозиди и цефалоспорини) и *Staphylococcus pyogenes* (за пеницилини). Заклучено е дека покачената температура не влијае врз антимикробната активност на кинолоните, аминогликозидите и цефалоспорините, а има влијание врз активноста на пеницилините.

14. AtanasovskaE., K.Jakovski, E.Kostova, A.Petlichkovski, C.Dimitrovski, I.Bitovska, I.Kikerkov, O.Petrovski, N.Labachevski: Effects of Rosiglitasone on Metabolic Parameters and Adiponectin Levels in Fructose-Fed Rats, Macedonian Journal of Medical Sciences, 2009, Mar 15; 2(1):HH-HH.
    doi: 10.3889/MJMS.1857-5773.2009.0037

Цел на овој труд е истражување на ефектот на росиглитазон, гама-агонист на рецепторите, активатори на пролифераторите на пероксизомите кај машки вистар-стаорци. Студијата е изведувана со давање на росиглитазон по 5мг/кг на ден, а претходно е предизвикан метаболички синдром со давање на фруктоза во водата за пиење во траење од 12 седмици. Како заклучок, оваа студија индицира дека терапијата со росиглитазон ги подобрува компонентите на метаболниот синдром, кој е асоциран со пораст на концентрациите на адипонектин.

**2. Д-р Кристина Павловска**

**Биографски податоци**

Кристина Павловска е родена во Скопје, во 1981 година. Основно и средно образование завршила во Скопје, а дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје во 2006 година со просечна оценка 9,76. Државниот испит го положила во 2007 година во Скопје и со тоа добила основна лиценца за работа. Во 2007 година се запишала на специјализација и на постдипломски студии по интерна медицина. Од 2008 година работи на Институтот за физиологија, каде што е избрана за помлад асистент. Од 2010 година е вработена на Институтот за фармакологија и токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Активно ги зборува англискиот и шпанскиот јазик.

Стручно- научна дејност

Д-р. Кристина Павловска од своето вработување прво на Институтот за физиологија, а потоа и на Институтот за фармакологија и токсикологија покажува континуирана стручно-научна активност. Активно е вклучена во изведувањето на практичната настава за студентите по медицина, стоматологија и фармација.

Рецензирани трудови:

При изборот во звањето помлад асистент рецензирани се три труда, во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" број 937, од бр.1 до 3.

Трудови за рецензија:

4.И.Смоковски, К.Павловска. Проценка на кардиоваскуларен ризик кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2 преку користење на системот SCORE.Physioacta,Vol 3,No 1,2008.

Во трудот авторите преку примената на системот за проценка SCORE кај кохорта од пациенти со дијабетес мелитус тип 2 и без кардиоваскуларно заболување (КВЗ) и микроалбуминурија го утврдуваат 10-годишниот ризик за фатално КВЗ и ја потврдуваат потребата од интензивен третман за превенција на КВЗ

5. Ј.Давчева, Б.Танева, Н.Костова, В.Хаџиев, К.Павловска, Е.Лазарова, М.Бошевски. Кардиоваскуларен одговор при коронарен стрес-тест кај жени со дијабетес мелитус. 3. Македонски конгрес по ендокринологија, 1-4.10.2008, Охрид. Македонија, книга на апстракти, стр.55.
Целта на студијата била проценка на кардиоваскуларниот одговор при физичка активност кај жени со различно времетраење на дијабетес мелитус. Кај жените со дијабетес, особено оние што боледувале подолго време од оваа болест, имало нешто поголем хипертензивен одговор при стрес-тестот во споредба со контролната група.

## 3. Д-р Анита Пеловска

### Биографски податоци

Д-р. Анита Пеловска е родена 1986 година во Штип. Основно и средно образование завршила во Штип со одличен успех. Има учествувано на општински, републички и меѓународни натпревари по математика, на кои има добивано бројни награди и признанија.

На Медицинскиот факултет се запишала во 2004 година, а дипломирала во 2010 година. За време на студирањето била дел од организацијата на Конгресот на медицинари во Охрид, како и претседател на Одделот за медицинска едукација на Сојузот на студенти. Во 2008 година била на размена на студенти во Риека, Хрватска.

Активно го зборува англискиот јазик.

*ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ*

Рецензентската комисија ги разгледа приложените документи на пријавените кандидати за преизбор на два помлади асистента и по анализата на документите констатира:

Сите кандидати имаат адекватно високо образование, односно завршени студии по медицина, го задоволуваат условот просечна оценка од студиите најмалку 8, и познавање на странски јазик. Д-р Огнен Петровски покажува несомнен интерес за научноистражувачка работа како автор и коавтор и како студент на постдипломски студии.

Бидејќи бројот на пријавени кандидати е поголем од оние што можат да бидат избрани, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му ги предлага за избор кандидатите помл ас д-р Огнен Петровски и помл ас д-р Кристина Павловска со следново образложение:

Д-р Огнен Петровски ги задоволува формалните услови за избор за помлад асистент: просекот од студиите на Медицински факултет е 9,59; одлично го познава англискиот јазик; запишан е на постдипломски студии од областа фармакологија; покажува интерес за научноистражувачка работа што се потврдува со изработените студентски трудови и трудови по дипломирањето; има способности и основна едукација за спроведување на наставна дејност. Активно работи на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија, совесно извршувајќи ги сите задолженија, вклучувајќи ја наставата, истражувачката и рутинската работа, заради што со право се очекува негов понатамошен професионален развиток и во иднина.

Д-р Кристина Павловска исто така ги исполнува условите за преизбор за помлад асистент по предметот фармакологија со токсикологија. Покажува интерес за научно-истражувачка работа што се гледа од изработените научни трудови.

Затоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет да го усвои извештајот и да ги преизбере во звањето помлад асистент по предметот фармакологија со токсикологија на Медицинскиот факултет во Скопје: **помл ас д-р Огнен Петровски и помл ас д-р Кристина Павловска.**

ЧЛЕНОВИ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Проф д-р Петар Милошевски________________ с.р.

Проф д-р Никола Лабачевски________________ с.р.

Проф д-р Маја Сланинка Мицевска____________ с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ЛАТИНСКИ ЈАЗИК, ДИДАКТИКА, ПАЛЕОГРАФИЈА И ЕПИГРАФИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XII редовна седница одржана на 17.11.2010 год., донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за научните области (дисциплини): латински јазик, дидактика, палеографија и епиграфија. Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Љубинка Басотова, проф. д-р Маргарита Бузалковска-Алексова и акад. Витомир Митевски, по увидот во доставениот материјал, до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје има чест да го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот што беше објавен во весникот *Дневник* на 21 октомври 2010 година, за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): латински јазик, дидактика, палеографија и епиграфија, се пријави еден кандидат, д-р Весна Димовска, вонреден професор на Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет во Скопје.

## 1. Биографски податоци и професионален развој

Д-р Весна Димовска е родена 1962 год. во Штип. Основно и средно училиште завршила во Скопје, а во јули 1985 год. дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје, на ННСГ за класични студии. По дипломирањето се вработила како професор по латински и старогрчки јазик во УСНО „Јосип Броз Тито" во Скопје, а на Филозофскиот факултет во Скопје при Институтот за класични студии работи од ноември 1987 год., кога била избрана за помлад асистент по предметот нормативна латинска граматика I и II. Како помлад асистент учествувала во изведувањето вежби по овие предмети, како и по предметите морфологија на латинскиот јазик, синтакса на латинскиот јазик, старогрчки јазик и античка литература II.

Во март 1986 год. се запишала на Филозофскиот факултет во Белград, на постдипломски студии при Одделението за класични студии, книжевно-историска насока. Постдипломските студии ги продолжила на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности при Филолошкиот факултет во Скопје, а во февруари 1995 год. ја одбранила магистерската тема под наслов *Античкаша лишерашурна шрадиција во македонскаша лишерашура од времешо*

*на ūреродбаūа*. По ова, во јуни 1995 година била избрана во звањето асистент по предметите морфологија на латинскиот јазик и синтакса на латинскиот јазик. Во октомври 1998 год. е преизбрана во истото звање за предметите: морфологија на латинскиот јазик, синтакса на латинскиот, латински јазик и читање латински текстови со метрика.

Во декември 2000 год. ја одбранила својата докторска дисертација под наслов *Иронијаūа како реūоричка каūеīорија кај Кикерон,* под менторство на проф. д-р Љубинка Басотова. Во октомври 2001 година била избрана во звањето доцент по предметите: морфологија на латинскиот јазик, синтакса на латинскиот јазик, латински јазик и латинска палеографија, а држела предавања и вежби и (според новите студиски програми) по предметите: латински јазик - почетен курс 1 и 2, латински јазик - продолжителен курс 1 и 2, Латински јазик - напреден курс 1 и 2, Јазична анализа на латински текстови 1 и 2, средновековен латински јазик, нововековен латински јазик, дидактика на класичните јазици, латинска палеографија 1 и 2 за студентите од Институтот за класични студии, за студентите од други институти на Филозофскиот факултет и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Од 2001 година е вклучена и во изведувањето на наставата и испитите на постдипломските студии и е член на Советот за постдипломски студии на Институтот за класични студии.

**Во јуни 2006 година е избрана во звањето вонреден професор** во научните области (дисциплини): латински јазик, дидактика, палеографија и епиграфија.

## 2. Наставно-образовна дејност

Во изминатиот период, од изборот во звањето вонреден професор, д-р Весна Димовска успешно и посветено ја изведува наставата од првиот циклус на студии по предметите: латински јазик – почетен курс 1 и 2, латински јазик – продолжителен курс 1 и 2, латински јазик – напреден курс 1 и 2, јазична анализа на латински текстови 1 и 2, средновековен латински јазик, нововековен латински јазик, дидактика на класичните јазици, латинска палеографија 1 и 2 за студентите од Институтот за класични студии, за студентите од други институти на Филозофскиот факултет (Институт за археологија и историја на уметност, Институт за историја и историја со архивистика, Институт за филозофија и Институт за психологија), како и за студенти од катедрите за француски јазик и книжевност, италијански јазик и книжевност, општа и компаративна книжевност, англиски јазик и книжевност и македонски јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Според најновите студиски програми, од учебната 2008/09 година до денес, д-р Димовска ја покрива и наставата по предметите: латински јазик (почетен курс), латински јазик (продолжителен курс), латински јазик (напреден курс).

Д-р Весна Димовска е ангажирана и во изведувањето на наставата и испитите на вториот циклус студии на Институтот за класични студии по предметите: методологија на класичните јазици, историја на преводот, латински

автор по избор, методи и техники во предавањето на класичните јазици, средновековен латинитет и грчки автор по избор, како и на Институтот за историја на уметност со археологија и Институтот за историја, по предметите: латински јазик и средновековен латински јазик.

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Димовска била ментор и член на повеќе комисии за оцена и одбрана на дипломски работи на студентите. Исто така, била член на комисии за оцена и одбрана на докторати и магистерски трудови, како и ментор на еден магистерски труд и една докторска дисертација. Во изминатите четири години, проф. д-р Весна Димовска својот сестран ангажман во образовната дејност го потврдува и како автор / коавтор на наставни програми, на учебници и на дидактички прирачник за средното и основното образование:

- ***Класичната култура во европската цивилизација.*** Учебник за петто одделение за основното образование (изборен предмет). Коавторство со д-р Весна Томовска. Скопје, 2010, 93 стр.

Овој учебник и според највисоките стандарди на учебникарството со право може да се окарактеризира како извонредно иновативно и креативно дидактичко остварување за учениците во основното образование, целосно сообразено со целите на предметот и адекватно за возраста на учениците. Учебникот (привлечно и инспиративно дизајниран и од стручен и од естетско-графички аспект) ги воведува учениците во светот на универзалните вредности на класичната култура, отворајќи им нови перспективи и хоризонти, и укажувајќи им на изворите и корените на различни домени од европската цивилизација ги поттикнува на самостојни истражувања и ја збогатува нивната општа култура.

- ***Elementa linguae Latinae medicinalis.*** Учебник за прва година – здравствена струка. Коавторство со м-р Светлана Кочовска, 203 стр. (позитивно рецензиран и предаден за печатење).

Учебникот по латински јазик наменет за учениците од здравствената струка концепциски грижливо осмислен, со изборот на текстовите, но и на доплнителните дидактички содржини (вежбите и задачите) им овозможува на учениците усвојување на специфичната стручна лексика и терминологија, како и елементарни знаења од латинската граматика целесообразени со потребите на нивната струка. Методологијата применета при презентацијата и разработката на содржините настојува да укаже на цврстата меѓусебна поврзаност меѓу граматичката и лексичката компонента, како и на комуникациската функција на латинскиот јазик, кој реално сè уште е во употреба. Граматичката компонента е сведена на потребниот минимум, без наведување на исклучоците, ретките употреби и други слични специфики, а акцентот е ставен на стручната терминологија и лексика, на нејзино правилно разбирање и коректна практична примена.

Проф. д-р Весна Димовска се пројавува и како рецензент на учебници по латински и старогрчки јазик, но и како прв автор на три пакети на материјали за предметите: ***латински јазик – почетен курс 1, латински јазик – почетен курс 2 и латински јазик – продолжителен курс 1 и 2,*** што се користат од студентите на Филозофскиот и Филолошкиот факултет и содржат

предавања, избор од соодветни (оригинални или адаптирани) текстови, вежби и прашања.

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје (Универзитетски гласник, бр. 138 од 6.7.2009.), д-р Весна Димовска остварила вкупно 91,57 поени од наставно-образовната дејност и со тоа повеќекратно го надминала минималниот потребен број поени по овој основ за избор во звањето редовен професор.

### 3. Научноистражувачка дејност

Д-р Весна Димовска во изминатиов период го разви својот научен потенцијал и го продлабочи својот истражувачки интерес во дисциплините со кои и претходно се занимаваше и за кои беше избрана во звањето вонреден професор (латински јазик, дидактика на класичните јазици, латинска палеографија и латинска епиграфија), но исто така и го прошири во областа на применетата лингвистика, теоријата на книжевноста, римската реторика и говорништво, историјата и теоријата на преводот. Ова го потврдуваат и многубројните објавени научни и стручни трудови, предавања на универзитети во странство, како и респектабилниот број учества на научни собири и учествата во научни проекти во земјата и во странство.

Како позначајни **истражувања во областа на јазикот** цениме дека треба да се издвојат следниве трудови: „Латинизмите во јазикот на медиумите во Македонија", реферат со кој учествуваше на научниот собир *Антиката и европската наука и култура*, одржан во рамките на јубилејот „60 години ИКС" (ФЗФ, Скопје, 21–22 ноември, 2006) и секциското предавање „Латинско-македонске фразеолошке паралеле у настави латинског језика" на научниот собир со меѓународно учество: *Applied Linguistics Today*, што се одржа од 28 септември до 1 октомври 2006 година во Белград, Р. Србија и што подоцна беше објавено во зборник на трудови од истиот собир.

**Континуираната фокусираност врз проучувањето на римската класична литература воопшто, и на римската реторика и говорништво**, а особено врз делата на еден од најзначајните нејзини претставници – Кикерон, во изминатиов период резултирале со трудовите: 'Freedom of Speech in the Early Roman Empire according to Tacitus' *Annales* et *Vita duodecim Caesarum*' (пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Politics of Community and Politics of Self. Ethics, Law and Political Theory in European Intellectual Tradition. 06 септември 2006, Софија- Китен, Р. Бугарија); 'Taciti *Germania* et *Agricola* sive de virtute Romana' (пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Text and Identity. European Patterns an Experiences in Antiquity and Beyond. 20 август, 2007, Софија-Велико Трново, Р. Бугарија; '*Психагогија* во реторичките списи на Кикерон', *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје* 59 (2006), 319-324.; 'Teorijski i praktični aspekti ironije kod Cicerona', *Lucida intervalla* 35 (1-2007), Beograd, 2008, 327-340.; Одредниците: *Иронија* (221-223),

*Парономазија* (402-403), *Реторика* (460-466), *Реторичко прашање* (466), *Троп* (556-557) во: *Поимник на книжевната теорија*, приредувач К. Ќулафкова, МАНУ, 2007 и други.

Д-р Весна Димовска со неколку свои научни прилози дава **значаен придонес во развојот на дидактиката на класичните јазици, латинската палеографија и теорија и историја на преводот**, дисциплини што во изминатите децении беа речиси запоставени во нашата земја, а во последниве години бележат напредок и предизвикуваат интерес. Овде би ги потенцирале: проектот "Development and implementation of Master studies in Didactics of Classical languages", од кој призлезе и зборникот *Docendo discimus*. АНТИКА, Скопје, 2008, во кој е објавен и нејзиниот труд под наслов „Latine via methodis novis: Насоки за осовременување на наставата по латински јазик", стр. 9-16; потоа, за македонската наука иновативниот и исклучително значаен текст „Новооткриен ракопис на латински јазик" *Класика, балканистика, палеославистика*, Материјали од научниот собир по повод одбележувањето на 85-годишнината од раѓањето и 60 години научна работа на акад. Петар Хр. Илиевски, уред. акад. З. Тополињска и др., МАНУ, Скопје, 2007, 113-120.; „Преводот на метатекст – превод како метатекст", во: *Метаморфози и метатекстови*, Зборник на трудови од научна работилница (11 мај, 2007). Скопје, 2008, стр. 173-181; секциското предавање под наслов: 'Предизвиците при преведувањето на *Vita et res gestae Georgi castrioti Scanderbegi* на Марин Барлети', одржано на научниот собир „Musarum semper amator", 3-4 ноември 2009, Софија, Р. Бугарија. Со ваквиот научен ангажман д-р Димовска се профилира во сериозен и докажан научен истражувач, со јасно дефинирани компетенции и потенцијал кои придонесуваат и во оформувањето на нови, млади научни кадри.

Особено внимание заслужува нејзината **соработка со колеги и институции од регионот и од Европа**, со што придонесува за меѓународна афирмација на Институтот за класични студии и на Филозофскиот факултет: од 2005 до 2008 г. беше главен координатор (за македонскиот тим) на проектот „Развој и имплементација на мастер студии по дидактика на класичните јазици", одобрен и финансиран од Швајцарската фондација за наука (SNSF) во рамките на програмата SCOPES, а спроведен во соработка со Универзитетот во Нојшател. Во периодот од 2005 до 2008 беше вклучена и во меѓународниот научен проект од програмата HESP (ReSET) "Contextualizing Classics. Renewal of Teaching Practices and Concepts" на Факултетот за класична и модерна филологија при Унив. „Св. Климент Охридски" во Софија (во кој учествуваа претставници од 17 европски земји), како дел од тимот предавачи. Повеќе пати, по покана на колегите од странство, гостувала со свои предавања на универзитетите во соседните земји и остварувала значајни контакти што овозможуваат проширување на соработката на институционално ниво.

Според член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје (Универзитетски гласник, бр. 138 од 6.7.2009.), д-р Весна Димовска остварила вкупно 52,00 поени по основ на нејзината научноистражувачка дејност.

## 4. Стручно-апликативна дејност

Покрај наставниот и научноистражувачкиот ангажман, д-р В. Димовска е активна и на полето на стручно-апликативната дејност. Нејзината повеќегодишна континуирана работа врз преводи на дела од класичните јазици на македонски јазик продолжила и во изминатиов период и тоа со преводот на два значајни, за прв пат приопштени на македонски јазик наслови:

- **Барлети М., *Скендербеӣ, живоӣоӣ и делаӣа на еӣирскиоӣ владеӣел*, превод од латински јазик и белешки: Љ. Басотова (1-6 и 11-13 книга) и В. Димовска (7-10 книга), Скопје: Култура, 2008.**

Излегувањето од печат на македонскиот превод на делото на Барлети од страна на компетентни лица беше оценето како културолошки и издавачки настан, со оглед на значењето на делото, но и според тежината на преведувачкиот потфат. Преводот работен врз старопечатена книга од издание од 18 век, подразбира палеографски пристап и справување со бројни проблеми, произлезени од несовршеноста на доцниот средновековен латински јазик и израз со кој е напишано делото. Фактот што ова дело, освен на албански, речиси да не е преведено на ниту еден современ јазик ја потврдува ексклузивноста на македонскиот превод и компетенциите и вложениот напор на преведувачите.

- **Псевдо-Калистен, *Живоӣоӣ и делаӣа на Александар Велики*, превод од старогрчки јазик, предговор и белешки: Весна Димовска, Скопје: Слово, 2008.**

Оваа нетипична биографија на Александар Велики претставува еден од најчесто користените и цитирани извори за животот и делата на големиот војсководец, што доволно јасно го илустрира значењето на македонскиот превод, изработен со врвна професионалност и критички, со користење на повеќе редакции на изворникот, со неопходниот за вакви изданија филолошки коментар. Текстот на преводот е извонредно течен и читлив, со соодветни преведувачки решенија за долгите и често пати не сосема јасни периоди во оригиналот. Покрај респектабилното искуство и многубројните успешни преводи од латински јазик, д-р Весна Димовска со овој превод се докажува како подеднакво компетентен и стручен преведувач и од старогрчки јазик.

Од многубројните **експертски ангажмани и активности од поширок интерес**, би ги нагласиле следниве: од 2003 г. наваму е македонски претставник и член на Генералното собрание на Еврокласика (Европска асоцијација на национални здруженија на класични филолози и професори по класични јазици); 2001-2009 во два мандата била претседател на Здружението на класични филолози „Антика"; а во два наврата, од 2001 до 2005 г. и од 2005 до 2009 г. била заменик-раководител на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје; во септември 2009 г. е избрана и назначена за раководител на

Институтот за класични студии и едновремено за раководител на постдипломските студии на ИКС; од 2002 г. наваму е член на Редакцискиот одбор на електронското стручно списание од областа на класичните науки-СИСТАСИС; 2005 – 2006 г. била претседател на комисиите за изработка на испитната програма за државна и училишна матура по латински и старогрчки јазик во гимназиите и средните стручни училишта во РМ; во истиот период е назначена и за претседател на комисиите за изработка на испитни прашања за државна и училишна матура по латински и старогрчки јазик. Во 2007 г. била ангажирана и за изготвување на наставната програма по новововедениот изборен предмет - класичната култура во европската цивилизација, за учениците од основното осумгодишно и деветгодишно образование. Од 1990 г. континуирано учествува и десетина години го раководи тимот за организација и спроведување на републичките натпревари по латински јазик; од 1997 г. наваму учествува како експерт и обучувач на повеќе советувања и семинари за наставниците по латински јазик и класичната култура во европската цивилизација, организирани од БРО.

Со членството во повеќе организациски одбори на научни собири и научни работилници, д-р Димовска своите организациски способности ги стави во служба на афирмација на македонската класична филологија, а под нејзино претседателство Организацискиот одбор на европскиот собир *Aeternitas Antiquitatis* (28.8.09, Скопје) и на Годишната конференција на Еврокласика (27-31 08 2009, Скопје и Охрид) направи исклучителен исчекор успешно реализирајќи меѓународен настан од ваков обем и значење, што беше извонредна можност за презентација на нови идеи и размена на искуства, пред се, во областа на дидактиката на класичните јазици.

Д-р Весна Димовска во изминатиот четиригодишен период била член на повеќе комисии на Филозофскиот факултет (член на Конкурсна комисија за спроведување на уписите и приемните испити, претседател на Комисијата за самоевалуација на Филозофскиот факултет), како и член на повеќе организациски одбори на научни собири и активности за одбележување на јубилеи, работилници и летни школи.

Според член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје (Универзитетски гласник, бр. 138 од 6.7.2009.), д-р Весна Димовска остварила вкупно 33,60 поени од стручно-апликативната дејност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесените оцени за наставно-образовниот, научноистражувачкиот и стручно-апликативниот ангажман на проф. д-р Весна Димовска, може да се заклучи дека станува збор за комплетно изграден универзитетски наставник и веќе афирмиран научен истражувач со потврдени квалитети и компетенции во областите со кои се занимава, а приложените трудови и документи претставуваат повеќе од доволни агрументи и показ за континуираниот професионален развој, за ентузијастичката посветеност во

наставната и апликативната дејност, како и за научната сериозност и критичката темелност во истражувачките активности на д-р Димовска.

Според тоа, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека кандидатката проф. д-р Весна Димовска во целост ги исполнува условите од конкурсот и ги задоволува критериумите предвидени со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје. Ни претставува особена чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје **да ја избере д-р Весна Димовска во звањето редовен професор** по научните области (дисциплини): латински јазик, дидактика, палеографија и епиграфија.

**Членови на комисијата**

1. Проф. д-р Љубинка Басотова, с.р.

2. Проф. д-р Маргарита Бузалковска-Алексова, с.р.

3. Акад. Витомир Митевски, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **проф. д-р Весна Драган Димовска**

**Институција:** **Филозофски факултет / Институт за класични студии**

**Научна област:** **латински јазик, дидактика, палеографија, епиграфија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава за прв циклус студии** | |
| 2. | Латински јазик - почетен курс I (2+1), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 3. | Латински јазик - продолжителен курс I (2+1), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 4. | Латински јазик - напреден курс I (2+1), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 5. | Латински јазик - почетен курс I (Арх.,Ист. умет., Ист.) (2+1), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 6. | Латински јазик - почетен курс I (Филолошки фак.) (2+2), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 7. | Латинска палеографија I (2+1), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 8. | Латински јазик - почетен курс II (2+1), летен 2006/07 | 1,2 |
| 9. | Латински јазик - продолжителен курс II (2+1), летен 2006/07 | 1,2 |
| 10. | Латински јазик - напреден курс II (2+1), летен 2006/07 | 1,2 |
| 11. | Латински јазик - почетен курс II (Арх.,Ист. умет., Ист.) (2+1), летен 2006/07 | 1,2 |
| 12. | Латински јазик - почетен курс II (Филолошки) (2+1), летен 2006/07 | 1,2 |
| 13. | Латинска палеографија II (2+1), летен 2006/07 | 1,2 |
| 14. | Латински јазик (Психологија) (2+0), летен 2008/09 | 1,2 |
| 15. | Латински јазик - почетен курс I (Филолошки) (2+1), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 16. | Латински јазик - продолжителен курс I (2+1), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 17. | Латински јазик - напреден курс I (1+1), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 18. | Латински јазик - почетен курс I (Арх.,Ист. умет., Ист.) (2+1), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 19. | Латински јазик - почетен курс I (Филолошки фак.) (2+2), зимски 2007/08 | |
| 20. | Јазична анализа на старогрчки текстови I (1+1), зимски 2007/08 | 0,6 |
| 21. | Латинска палеографија I (2+1) зимски 2007/08 | 1,2 |
| 22. | Латински јазик - почетен курс II (Филолошки) (2+1), летен 2007/08 | 1,2 |
| 23. | Латински јазик - продолжителен курс II (2+1), летен 2007/08 | 1,2 |
| 24. | Латински јазик - напреден курс II (2+1), летен 2007/08 | 1,2 |
| 25. | Латински јазик - почетен курс II (Арх.,Ист. умет., Ист.) (2+1), летен 2007/08 | 1,2 |
| 26. | Јазична анализа на старогрчки текстови II (1+1), летен 2007/08 | 0,6 |
| 27. | Латинска палеографија II (2+1), летен 2007/08 | 1,2 |
| 28. | Латински јазик (Психологија) (2+0), летен 2007/08 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 29. | Латински јазик - почетен курс I (2+1), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 30. | Латински јазик - продолжителен курс I (2+1), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 31. | Латински јазик - напреден курс I (2+1), зимски 2008/09 | 0,6 |
| 32. | Латински јазик - почетен курс I (Арх.,Ист. умет., Ист.) (2+1), зимски 2008/09 | 1,2 |
Кај двете групи испитаници биле одредувани пародонталните индексни вредности (дентален плак, забен камен, гингивална инфламација, гингивално крварење, епителна апикална миграција и индекс на луксација), како и нивото на ПгЕ2 во плазмата и гингивалниот флуид.
Добиените резултати укажуваат на сигнификантно повисоки вредности за ПгЕ2 во плазмата и гингивалниот флуид кај двете групи од испитуваните пациенти, при што нивото на ПгЕ2 во плазмата бележи повисоки вредности во првата испитувана група, додека нивото на ПгЕ2 во гингивалниот флуид е поизразено застапено кај втората група испитаници. Пародонталниот статус укажува на умерено изразено пародонтално заболување со измерена епителна апикална миграција помеѓу 2 и 5 мм.
Добиените податоци ја поддржуваат тезата дека локализираната перзистентна инфекција може да влијае на системското ниво на инфламаторните медијатори како простагландин Е2.Трудот има стручно-научен придонес.

34. **Influence of fixed orthodontic appliances on periodontal index values**
Radojkova-Nikolovska V, Nakova M, Dzipunova B, Ristoska S.

10[th] Congres of Balkan Stomatological Society (Abstract book).Belgrade/Serbia and Montenegro; Balkan Stomatological Society, 2005:114

Широката примена на фиксните ортодонтски помагала и нивното влијание врз пародонтално ткивниот комплекс беше мотив авторите да ја формираат целта на овој труд: преку следење на индикативни параметри да се утврди состојбата на пародонталното здравје кај носителите на фиксни ортодонтски апарати. Во испитувањето биле вклучени 20 пациенти, на возраст од 12 до 18 години, кај кои во текот на една година биле следени индексите на дентален плак, гингивално воспаление, гингивално крварење и нивото на коскена ресорпција. Резултатите укажуваат на значајно зголемување на сите индексни вредности, за што авторите сметаат дека се должат на ортодонтското оптоварување, како и на зголемената плак акумулација и неможноста за одржување адекватна орална хигиена. Трудот има стручен придонес.

35. **Multidisciplinary approach in adult patient: a case report**

Dzipunova B, Radojkova-Nikolovska V, J Gjorgova, Simjanovska Lj

10th Congres of Balkan Stomatological Society (Abstract book).Belgrade/Serbia and Montenegro; Balkan Stomatological Society, 2005:96
Трудот е рецензиран во Билтен бр.892 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2005 година.

36. **Emotional stress and gingival inflammation**

Ristoska S.Minoska A, Pandilova M, Radojkova-Nikolovska V.

10th Congres of Balkan Stomatological Society (Abstract book).Belgrade/Serbia and Montenegro; Balkan Stomatological Society, 2005:114
Трудот е рецензиран во Билтен бр.945 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2008 година.

37. **The level of C-reactive protein (CRP) in gingival fluid in patients with gingival inflamation**

Dirjanska K, Nakova M, Ivanovski K,Radojkova- Nikolovska V, Pandilova M, Stefanovska E.
9th Congres of Balkan Stomatological Society (Abstract book).Ohrid/Macedonia; Balkan Stomatological Society, 2004:276
Трудот е рецензиран во Билтен бр.945 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2008 година.

**38. Влијание на половите хормони врз пародонтално-ткивната афекција**
(докторска дисертација)
Вера Радојкова Николовска
Стоматолошки факултет, Скопје, 2008 година.
Докторскиот труд е рецензиран во Билтен бр.950 на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од 2008 година.

2. Кандидатката д-р Катарина Дирјанска е родена на 26. 7.1961 година. во Скопје. Основно и средно образование завршила во гимназијата "Јосип Броз Тито" во Скопје, во 1979 година. На Стоматолошкиот факултет во Скопје се запиШала во учебната 1979 година и дипломирала во 1986 година. Стручниот испит го положила во 1987 година. Во 1994 година се здобила со звањето специјалист по болести на устата и пародонтот. Дел од специјалистичкиот стаж од 1991 до 1992, година го поминала на ВМА во Белград.
Во 1987 се вработила во Воената амбуланта во Куманово. Во периодот 1990-1995 година работела на стоматолошките одделенија при Воената болница во Скопје. На Клиниката за болести на устата и пародонтот при ООЗТ Стоматолошки клиники, се вработила во 1995 година. На постдипломски студии од обласга болести на устата и пародонтот се запишала во учебната 1995/96 година, а во текот на 1997 е избрана за помлад асистент на Катедрата за болести на устата и пародонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во 2002 година успешно го одбрани магистерскиот труд под наслов "Клиничко-биохемиска детекција на иницијалната пародонтална лезија".

Својата стручна активност успешно ја реализира, со тенденција за перманентно надградување на своето знаење од областа на оралната патологија и пародонтологија. Во изминатиот повеќегодишен период, д-р Дирјанска е вклучена и во тимската изведба на практичната настава по предметот, прво како клинички лекар, а потоа посебно како помлад асистент. Активно се служи со англискиот јазик.

Д-р Катарина Дирјанска учествува на 1. и на 2. Конгрес на стоматолозите од Македонија во Охрид. Исто така, учествувала и на неколку стручни собири во земјата и во странство.

Добитник е на Благодарница и Диплома од Македонското лекарско друштво во 1995 и во 2000 година.

До изборот за помлад асистент, д-р Катарина Дирјанска има објавено три труда, рецензирани во Билтенот бр. 678 во 1997 година.

До повторниот избор во звањето помлад асистент, д-р Катарина Дирјанска има објавено седум труда, рецензирани во Билтенот бр. 763 во 2000 година.

До изборот за асистент има објавено седум труда
рецензирани во Билтенот бр.826 во 2003 година.

За реизбор во звањето асистент има објавено седум труда, рецензирани во Билтен бр. 892 во 2006 година

Во 2009 година ја одбрани докторската дисертација под наслов "Улогата на слободните радикали во патогенетските механизми на пародонталната болест".

За оваа изборна постапка д-р Катарина Дирјанска ги достави за рецензија следниве трудови:

25. Ристоска С., Миновска А. Радојкова-Николовска В., Стефановска Е., Дирјанска К., Ренџова В. 4. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006; 51-52

Емоционален стрес и психолошки профил на мажите со хронична пародонтопатија

Авторите ја формираат целта на овој труд за да го проследат влијанието на психосоцијалниот стрес и психолошкиот профил врз прогресијата на хроничната пародонтална болест. За таа цел биле проследени 14 испитаници со локализирана и 14 со генерализирана форма на пародонтална болест во сите три клинички стадиуми на возраст 20 - 50 години. Покрај ова, било одредувано нивото на серумскиот кортизол, концетрацијата на сИгА во плунката и индексот на денталниот плак. Врз основа на добиените резултати од статистичката анализа на податоците, авторите заклучиле дека долготрајниот емотивен стрес и психолошкиот профил кај мажите условуваат покачување на нивото на кортизол, кој го супримира локалниот имунолошки одбранбен одговор и условува развој на генерализирана форма на пародонтопатија и тогаш кога денталниот плак е подеднакво присутен. Трудот има стручно-научен придонес.

26. Дирјанска К., Накова М., Ивановски К., Стефановска Е., Дејанова Б.
Улогата на липидната пероксидација во патогенетските механизми на пародонталната болест 4. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2006; 51-52.

Авторите презеле испитување се со цел да го утврдат патогенетскиот придонес на липидната пероксидација во појавата и прогресијата на пародонталната болест. Реализацијата на поставената цел била спроведена кај 60 пациенти, поделени во три подгрупи според клиничките стадиуми со дијагностицирана пародонтопатија. Како контролна група биле користени 20 испитаници без клинички знаци на пародонталната болест. Кај сите пациенти било одредувано нивото на липидната пероксидација во серум. Добиените резултати укажуваат на статистичка сигнификантност помеѓу липидната пероксидација, слободните радикали и антиоксидативниот капацитет. Добиените податоци ја подржуваат тезата дека зголемената активност на липидната пероксидација може да има придонес во патогенетските механизми на пародонталната болест. Трудот има стручно- научен придонес.

27. Стефановска Е., Накова М., Радојкова В., Дирјанска К., Ристоска С.
Хемиска и механичка контрола на денталниот плак кај ментално-хендикапирани деца- клинички резултати
5. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество (Апстракти), Охрид, 2009; 67.

Фактот дека најчестата причина за слабата орална хигиена кај лицата со ментален хендикеп е нивната неспособност за отстранување на дентален плак. За таа цел авторите дизајнирале студија да одредат дали постои разлика помеѓу ментално хендикепираните деца кои спроведувале хемиска плак-контрола со стоматидин и деца кои спроведувале механичко отстранување на дентален плак со четки и паста за заби. За таа цел биле вклучени 60 деца, поделени по 30 во соодветна група. Кај сите пациенти биле одредувани индексот на гингивална инфламација и индексот на орална хигиена при првиот клинички преглед и после два, четири и шест месеци од испитувањето. Врз основа на податоците

добиени со статистичка анализа било утврдено сигнификантно намалување на степенот на гингивалната инфламација и подобрување на оралната хигиена кај двете испитувани групи, без разлика на кој начин била спроведувана контролата на плакот. Трудот има стручно- апликативен придонес.

28. Дирјанска К.
„Улогата на слободните радикали во патогенетските механизми на пародонталната болест"
Докторска дисертација, Скопје, 2009.

Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 957, од 2009 година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

3.Кандидатката насл. доц. д-р Силвана Георгиева е родена на 2 август 1960 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата "Раде Јовчевски Корчагин" во Скопје во 1979 година. На Стоматолошкиот факултет дипломирала во 1985 година со просечна оценка 8,40. На Клиниката за болести на устата и пародонтот се вработила во 1989 година. На студиите од трет степен за магистри по стоматологија се запишала во 1985 година и испитите ги положила со просечна оценка 9,80. Во 1992 година, на Стоматолошкиот факултет во Скопје, го одбранила магистерскиот труд под наслов "Прилог кон етиологијата на глосопирозите" и се здобила со научен степен магистер на стоматолошки науки од областа болести на устата и пародонтот.
Во 1994 година се здобила со звањето специјалист по болести на устата и пародонтот. Во 1997 година била на стручно усовршување на Универзитетот во Атина, Р. Грција, кај проф. Папаниколау во траење од два месеца.
Со одбраната на докторската дисертација на Стоматолошкиот факултет во Скопје во 2002 година, под наслов "Биохемиска и цитолошка анализа на глосопирозите кај пациенти со хипохромна анемија", се стекнала со звањето доктор на стоматолошки науки од областа болести на устата и пародонтот.
Во 1992 година, е избрана за помлад асистент на Катедрата за болести на устата и пародонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје, а во 1994 година е избрана за асистент. Во звањето асистент е реизбрана двапати, во 1998 и 2002 година. Во 2008 година била избрана во звањето насловен доцент по група предмети од областа болести на устата и пародонтот.
Активно учествувала со усни и постер-презентации на голем број конгреси, научни и стручни собири и симпозиуми од домашен и меѓународен карактер. Има одржани предавања од едукативен карактер наменети за стоматолошкиот кадар во Р. Македонија.
Има издадено 51 стручна и научна статија и трудови, објавени во домашни и странски публикации. Автор е на учебник со наслов "Фокална инфекција - фокалозис" и на учебно помагало "Орални фокуси и фокални инфекции" - практикум наменет за студентите по стоматологија.

*Стручна и научна дејност*
Во текот на досегашната работа активно е вклучена во секојдневната проблематика и активност на Клиниката за болести на устата и пародонтот. Покрај учеството во едукација на студентите, вклучена е и во едукација на кадрите кои се доусовршуваат и специјалистички се насочуваат на Клиниката

за болести на устата и пародонтот и притоа им помага во дијагностиката и терапијата на оралната патологија и пародонтологија, како и во разрешувањето на одредени стучни дилеми.

Нејзиниот афинитет кон научноистражувачка работа, освен преку одбраната на магистерската и докторската дисертација, го преточува во голем број научни и стручни статии и трудови објавени во домашни и странски публикации.

Има оджано предавања од едукативен карактер наменети за стоматолошкиот кадар во Р.Македонија:

1. Собир на стоматолозите во Македонија по повод Денот на здравјето, организиран од ЈЗО СКЦ „Св. Пантелејмон" - Скопје и Македонското стоматолошко друштво на тема: „Примена на ласерот во терапијата на оралната патологија", април 2006 година;
2. Семинар за континуирано образование, организиран од Стоматолошкиот факултет во Скопје на тема: „Дентални фокални инфекции" - профилакса и менаџмент, во 2007 година.

*Наставна дејност*

Како долгогодишен асистент активно била вклучена во наставната дејност на Катедрата за болести на устата и пародонтот која ја вршела самостојно и со целосна ангажираност на студентите.

Учествувала во формирање на испитните прашања за студентите по стоматологија кои полагале по системот на компјутеризирано тестирање, како и во формирањето на програмите за реализирање на практичната настава. Била вклучена во реализацијата на колоквиуми и на практичниот дел на некои предмети по кредит-трансфер системот на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Била ментор на шест и коментор на една објавена студентска тема.

*Општествена дејност*

Активно е вклучена во сите дејности на ЈЗУ УСКЦ „Св Пантелејмон", Скопје.

Во 1999 и 2006 година била именувана за шеф на сала на Клиниката за болести на устата и пародонтот.

Во 2001 година е именувана за член на Управен одбор на Стоматолошкиот клинички центар-Скопје.

Во 2007 била именувана за советник на Клиниката за болести на устата и пародонтот, а во 2008 година за раководител на истата Клиника.

*Награди*

Добитник е на следниве награди:

-*Благодарница* од Стоматолошкиот факултет по повод 40-годишнината од основањето на факултетот во 1999година.

-*Пофалница од* Стоматолошкиот факултет по повод 50-годишнината од основањето на факултетот во 2009 година.

-*Диплома* од Македонското лекарско друштво во 1995 година;

-*Плакета* од Македонското лекарско друштво во 1995 година.

Објавени трудови

До изборот за насловен доцент во 2008 година има објавено 45 научни и стручни трудови, рецензирани во Билтен број 582, 631, 667, 704, 708, 756 и 944.

46. Георгиева С. Зендели- Бецети Л. Перковска М. Трифуновски М.
„Влијанието на оралната хигиена на ph на плунката ка ко предуслов за развој на Candida albicans". Макед стом. Прегл. 2005;29(1-2):64-68.
Авторите преку клиничка и микробиолошка анализа го проследуваат влијанието на оралната хигиена и останатите локални иритирачки фактори во колонизацијата на Candida albicans на оралната лигавица. Добиените резултати укажуваат на влијанието на микроорганизмите и гингивални инфламаторни фактори кои доведуваат до создавање на оптимални услови за развој на орална кандидијаза.
Трудот има стручен придонес.
47. Георгиева С.Белазелкоска З.Попоски Љ. Перковска М. Цифкарова А.
„Акумулација на денталниот плак и гингивална инфламација кај пациенти со фиксни ортодонтски апарати". Макед. стом. прегл. 2005;29(3-4):235-237
Авторите го проследуваат влијанието на фиксните ортодонтски апарати во акумулација на денталниот плак и гингивалната инфламација. Добиените резултати укажувааат на висока процентуална затапеност на денталниот плак и гингивалната инфламација кај испитуваната група. Се поддржува тезата дека оралната хигиена е најдобрата мерка во спречувањето на гингивалната инфекција.
Трудот има апликативно-стручен придонес.
48. .Георгиева С. Зендели- Бецети Л. Перковска М.Поповски Љ. Ивановски В.
„Влијанието на фиксно-протетските конструкции во колонизацијата на хифи и бластоспори на Candida albicans во оралната празнина" Макед. стом. прегл. 2006;30(3-4):342-346.
Авторите го проследуваат влијанието на фиксно-протетските изработки во преваленцата на колонизација на хифи и бластоспори на Candida albicans врз оралната лигавица. Металкерамичките мостови, за разлика од сребренопаладиумски легури, преку намалена плак-акумулација ја превенираат кандидијалната инфекција.
Трудот има апликативен придонес.

49. Георгиева С, Накова М.
„Профилакса и менаџмент на оралните фокални инфекции кај пациенти со ризик"(приказ на случај) Макед. стом. прегл. 2007;31(3-4):148-153
Авторите во трудот укажуваат на врската помеѓу оралните инфекции и системските нарушувања, како и за третманот кој ризичните пациенти треба да го добијат во стоматолошките ординации. Се нагласува потребата од подигнување на квалитетот на живеењето, применувајќи ги клиничките доктринарни ставови кои ја опсервираат оваа проблематика.
Трудот има стручен придонес.

50. Георгиева С, Белазелкоска З, Зендели-Бецети Л, Попоски Љ.

„Биохемиска анализа на глосопирозите кај пациенти со хипохромна анемија". Макед. стом. прегл. 2008;(1-2):83-88
Авторите ја формираат целта на овој труд за да ја проследат врската меѓу хипохромната анемија и патогенетските случувања одговорни за клиничката манифестација на глосопирозите. Добиените резултати укажуваат на зголемена активност на оксидоредуктивниот ензим кој е условен од хипоксијата како последица на феродефицит во организмот.
Трудот има стручен придонес.

51. Георгиева С. Белазелкоска З. Зендели-Беџети Л.
„Примена на Фиделис III Nd-JAG ласерот во хируршкиот третман на оралните мукогингивални промени приказ на случаи ".
50 години Стоматолошки факултет. Современи дострели. Стоматолошки факултет, Скопје, 2009: 29-34.
Авторите го проследуваат хируршкиот ефект на Фиделис III Nd-JAG ласерот. Проследени се два пациента со орални мукогингивални промени, при што авторите заклучуваат дека примената на ласерот во орално хируршките интервенции има значителна предност.
Трудот има стручен придонес.

*Публицистичка дејност*
1. Белазелкоска З. Георгиева С.
„Фокална инфекција - фокалозис,"
Стоматолошки факултет, Скопје, 2008.
Учебник за студентите по стоматологија на додипломска и постдипломска настава и за специјалисти и специјализанти по сите специјалности од областа на стоматологијата и медицината.
2.Георгиева С. Белазелкоска З. Пешевска С.
„Орални фокуси и фокални инфекции - практикум"
Стоматолошки факултет, Скопје, 2009.
Учебно помагало наменето за студентите по стоматологија, специјализантите и стоматолозите практичари во дијагностицирањето, превентивата и терапијата на оралните фокални инфекции.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Земајќи ја предвид приложената документација за ангажираноста на кандидатите кои се јавија на конкурсот за избор на два асистента од областа на болести на устата и пародонтот на Катедрата за болести на устата и пародонтот: ас. д-р Вера Радојкова- Николовска, ас. д-р Катерина Дирјанска и насл. доц. Силвана Георгиева, во изминатиов перид од последниот избор до сега, Комисијата го дава следниов предлог:

Сумирајќи ги резултатите од рецензентскиот извештај, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека кандидатите ас. д-р Вера Радојкова-Николовска и ас. д-р Катерина Дирјанска се исклучително квалитетни научни работници кои од вработувањето до денес имаат постигнато извонредни резултати, како во научно истражувачката така и во образовната и стручно апликативната дејност. Импонираат квалитетните научни трудови од областа на која конкурираат, презентирани и публикувани на еминентни собири во земјава и странство, кои ги афирмираат како квалитетни научни работници не само во нашата средина туку и надвор од неа.

Како аистенти покажаа извонредна педагошка подготвеност и способност за работа со студентите во секојдневна непосредна достапност за комуникација и консултации. Вежбите и активностите за кои беа ангажирани ги одржуваа педантно, совесно и квалитетно, создавајќи работна и коректна атмосфера.

За истакнување е нивниот студиозен и сериозен пристап кон обврските, трудољубивоста, дисциплината, инвентивноста, коректниот однос кон колегите и нивната конструктивна соработка.

Врз основа на изнесеното, Комисијата констатира дека кандидатите ас. д-р Вера Радојкова- Николовска и ас. д-р Катерина Дирјанска во целост ги исполнуваат научните критериуми, законските услови и условите предвидени со релевантните акти на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" и Стоматолошкиот факултет во Скопје, кои се во согласност со Законот за високото образование.

Земајќи го предвид горе наведеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да ги избере кандидатите ас. д-р Вера Радојкова- Николовска и ас. д-р Катерина Дирјанска во звањето асистент по предметот болести на устата и пародонтот.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Марија Накова, с.р.**

2. **Проф. д-р Златанка Белазелкоска, с.р.**

3. **Проф. д-р Киро Ивановски, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ АНАТОМИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата VII редовна седница одржана на 18.11.2010 година, по предлог на Кадровскиот одбор донесе решение за формирање на Рецензентска комисија по распишаниот конкурс, во состав: проф. д-р Наташа Наќева Јаневска, проф. д-р Анѓа Стратевска Зафировска и проф. д-р Марија Папазова.
На конкурсот објавен во весникот „Утрински весник " од 19.10.2010 година, за избор и преизбор на лица во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет се пријави еден кандидат: д-р Биљана Зафирова.
Врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија има чест да го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

**Ас. д-р Биљана Зафирова**

Биографски податоци
Д-р Биљана Зафирова е родена на 17.9.1966 година во Велес. Основно и средно образование завршила во Скопје. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирала на 30.1.1992 година со просечен успех 9,3. Од 9.5.1995 година вработена е на Институтот за анатомија, каде што работи и сега. Во звањето помлад асистент е избрана во 1999 година, во звањето асистент е избрана во 2003 година, а реизбрана во 2007.

Постдипломски студии за магистри по медицина (област-анатомија) запишала во учебната 1998/99 година, и на 5.7.2002 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Антропометриски карактеристики на новороденчето.*

На 8.4.2010 година го одбранила докторскиот труд на тема: *Антропометриски показатели на растот и телесните компоненети како индикатори за детекција на степенот на исхранетост кај деца од 5 до 9 годишна возраст.*

## Наставна, научна и стручна активност

Од почетокот на вработувањето активно е вклучена во наставната дејност на Институтот за анатомија со учество во практичната настава за студентите по медицина, стоматологија, фармација како и со студентите на

Високата стручна школа. Од изминатата учебна година (2009/10), учествува и во изведувањето на теоретската настава за студентите од високите школи на Медицинскиот факултет.

Во изминатиов период континуирано и активно учествува во научно-истражувачката работа на Институтот, со презентација на трудови, како автор и коавто, на голем број конгреси и симпозиуми во земјата и во странство. Антропометријата е сферата на нејзиниот научен интерес. Во 2005 година учествувала во Работилницата за пластинација во Скопје, Македонија.

Активно е вклучена и во рутинската работа на Институтот. Член е на: Здружението на анатоми и морфолози на Македонија, Здружението на физиолози и антрополози на Македонија, Лекарската комора на Македонија и Македонското лекарско друштво. Активно се служи со англискиот јазик.

Трудовите поднесени при изборот во звањата помлад асистент, асистент и преизборот на асистент се рецензирани во билтените бр.728 (1999 год.), 830 (2003 год.) и 914 (2007 год.).

Список на трудови за рецензија:

1. Antropometrijske karakteristike novorodgenih. **Zafirova B.**, Lazarova D., Nakeva N., Papazova M, Trpkovska B et al. XLII Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2003. Zbornik Rezimea, Sombor, Vojvodina.
   Евалуирани се антропометриските карактеристики, физичките пропорции и полово-специфичните разлики на новородени со мерење на одделни делови на телото или во негова целина. Кај повеќето од испитуваните антропометриски параметри регистрирани се полово-специфични разлики во корист на новороденчињата од машки пол. Се препорачува утврдените антропометриски карактеристики на новороденчињата да најдат примена во рутинската клиничка практика.

2. Biofizicke karakteristike falx cerebri fetusa. Papazova M, Korneti K, **Zafirova B**, Trpkovska B et al. XLII Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2003. Zbornik Rezimea, Sombor, Vojvodina.
   Билтен бр. 913, 2007 година.

3. Plantarne dermatoglifske karakteristike kod Makedonske populacije. Cadikovska E., Dgordgevic N., Dgordgevic D., Lazarova D., Nakeva N., Papazova M, **Zafirova B** et al. XLII Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2003. Zbornik Rezimea, Sombor, Vojvodina.
   Билтен бр. 913, 2007 година.

4. Telesne strukturne komponente kod Makedonskih tinejdgera. Nakeva N., Lazarova D., Strateska A., **Zafirova B** et al. XLII Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2003. Zbornik Rezimea, Sombor, Vojvodina.
   Билтен бр. 924, 2007 година.

5. Morphological body structure defined with factor analysis. Nakeva N., Lazarova D., Strateska A., Papazova M, **Zafirova B** et al. 1st Joint Meeting of EACA & AACA. 2003.Abstract Book, Graz.
Билтен бр. 924, 2007 година.

6. Morphology of the fetal lung. Lazarova D., **Zafirova B.**, Trpkovska B., Cadikovska E., Bojadzieva B.et al.1st Joint Meeting of EACA & AACA. 2003.Abstract Book, Graz.
Анализирани се морфолошките карактеристики и димензии на феталните бели дробови со употреба на инспекциона и корозивна метода со цел да се утврди нормалниот раст и градбата на белите дробови на фетусот. При тоа било заклучено дека во зависност од надворешните карактеристики на белите дробови, нивната тежина и соодносот со тежината на фетусот, може индиректно да се изведе заклучок за феталната зрелот на белите дробови.

7. The meaning of some anthropometrical parameters for assessment of neonatal body composition. **Zafirova B.**, Lazarova D., Papazova M., Trpkovska B. 27.Konres Drustva Anatoma Jugoslavije, Zbornik radova, 2003.Beograd.
Утврдено е значењето на селектирани антропометриски параметри во евалуација и процена на неонаталната телесна композиција, полово-специфичните разлики и телесните физички пропорции кај новороденчињата од обата пола, родени во термин (38-42 г.н). Се препорачува нивна примена во клиничката практика.

8. Toe pattern elements in Macedinian Population. Cadikovska E., Dgordgevik N., Lazarova D., Nakeva N., Papazova M.,**Zafirova B** et al. 27.Konres Drustva Anatoma Jugoslavije, Zbornik radova, 2003.Beograd.
Билтен бр. 912, 2007 година.

9. The morphological types of the circulus arteriosus cerebri. Papazova M. **Zafirova B,** Trpkovska B et al. 27.Konres Drustva Anatoma Jugoslavije, Zbornik radova, 2003.Beograd.
Артерискaта циркулација на мозокот е важен елемент на цереброваскуларниот систем со важно морфолошко, функционално и клиничко значење. Анализирани се 100 мозоци добиени со рутинска обдукција каде што била исклучена цереброваскуларната патологија. Резултатите покажале важни информации за типот, нормалните димензии и варијациите на компонентите на артерискиот систем.

10. Evaluation of kidney length in preter infants. Joveska S,. Lazarova D., Strateska A., Papazova M., Matveeva N., **Zafirova B.** 27.Konres Drustva Anatoma Jugoslavije, Zbornik radova, 2003.Beograd.
Билтен бр. 979, 2010 година.

11. Morphological body structure defined with factor analysis. Nakeva N., Lazarova D., Papazova M, **Zafirova B** et al.14th Congress EAA.2004, Abstracts. Komotini, Greece.
    Билтен бр. 913, 2007 година.

12. The anthropometrical study of pre-term newborns. **Zafirova B.,** Lazarova D., Nakeva N., Papazova M, Trpkovska B et al. 14th Congress EAA. 2004, Abstracts. Komotini, Greece.
    Евалуирано е значењето на анатомско морфолошките и физичките пропорции кај предврено родените деца (пред 37. г.н.), со помош на некои антропометриски параметри мерени со стандардни техники на мерење по методологијата на (IBP). При тоа утврдени се статистички значајни полово-специфични разлики во 36. г.н. кај речиси сите испитувани антропометриски параметри, што е значајно за процена на неонаталната телесна композиција и во утврдувањето на разликите на растот кај предвремено родените деца од двата пола.

13. Znacenje nekih antopometrijskih parametara. **Zafirova B.,** Lazarova D., Nakeva N., M.Papazova, et al. XLIII Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2004. Zbornik Rezimea ,Cacak, Srbija.
    Билтен бр. 979, 2010 година.

14. Procena bubreznog anteroposteriornog diametra kod fetusa.S Joveska., Lazarova D., Strateska A., N.Matveeva.,N.Nakeva., **Zafirova B** et al. XLIII Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2004. Zbornik Rezimea ,Cacak, Srbija.
    Билтен бр. 979, 2010година

15. Проценка на бубрежните димензии кај предвремено родени деца со различна гестациска старост. Jovevska S, Lazarova D., Korneti K, Nakeva N Papazova M., **Zafirova B**, Trpkovska B et al. Acta Morphologica.2004;(1):18-21.
    Билтен бр. 979, 2010 година.

16. Антропометриски сличности и разлики на новороденчињата во Македонија, **Zafirova B,** Lazarova D, Nakeva N Papazova M.,Trpkovska B et al. Acta Morphologica.2004;(1):30-39.
    Утврдени се антропометриските карактеристики, физичките пропорции И полово-специфичните разлики на новороденчињата родени во термин од двата пола, преку мерење на телото во целина или на одделни негови делови. Кај повеќето од испитуваните антропометриски параметри биле регистрирани полово-специфични разлики во корист на новороденчињата од машки пол. Единствено кожните дипли над скапула и трицепс биле сигнификантно повисоки кај женските новороденчиња. Се укажува на потребата секоја популација да изработи свои регионални антрополошки стандарди со практична апликација во

евалуација на телесните антропометриски карактеристики на новороденчињата од обата пола, различна националност, родени во термин како и пред термин.

17. Значењето на некои антропометриски параметри во процена на антрополоската телесна композиција кај новороденчињата. **Зафирова Б.,** Лазарова Д., Накева Н., и сораб. Македонски Медицински Преглед.2004;(5-6):203-300.
    Билтен бр. 979, 2010 година.

18. Antropometrijske karakteristike novorodgenih rodgena predtemina (35-37 gn). **Zafirova B.**, Lazarova D., Nakeva N., Strateska A., Papazova M.et al. XLIV Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2005. Zbornik Rezimea,Brus, Srbija.
    Билтен бр. 979, 2010 година.

19. Procena bubreznog razvoja kod fetusa. S.Joveska., Lazarova D., N.Matveeva., **Zafirova B.**, XLIV Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2005. Zbornik Rezimea,Brus, Srbija.
    Билтен бр. 979, 2010 година.

20. Biomehanicke karakteristike falx cerebri tokom starosti. Papazova M, Lazarova D., Nakeva N., Strateska A, **Zafirova B**. XLIV Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2005. Zbornik Rezimea ,Brus, Srbija.
    Билтен бр. 941, 2008 година.

21. Antropometrski status tela kod Makedonski skolske omladine. Nakeva N., Lazarova D., Strateska A., Papazova M**, Zafirova B** et al. XLIV Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2005. Zbornik Rezimea,Brus, Srbija.
    Детерминирани се и дефинирани структурните морфолошки димензии кај македонската школска младина. Резултатите покажале трансверзален пресек во зависнот од полот и возраста на 22 антропометриски параметри и 4 димензионалности: лонгитудинални, трансверзални, циркуларни и поткожно масно ткиво. Се препрачуваат како стандарди за научна, практична и образовна примена.

22. Citology of the His Bundle. Lazarova D., Zivadinovik J., Korneti K., Strateska A., Nakeva N.,Papazova M**, Zafirova B** et al. XVIII International Symposium on Morphological sciences. 2005.Abstract Book, Beograd, Srbija.
    Билтен бр. 979, 2010 година.

23. Plantar and inerdigital triradi. Cadikovska E., Lazarova D., Nakeva N., Papazova M, **Zafirova B,** et al. XVIII International Symposium on Morphological sciences. 2005.Abstract Book, Beograd, Srbija.
    Билтен бр. 941, 2008 година.

24. The anthropometrical similarity and differences on newborns in Macedonia. **Zafirova B.**, Lazarova D., Nakeva N., Papazova M, et al. XVIII International Symposium on Morphological sciences. 2005.Abstract Book, Beograd, Srbija. Билтен бр. 979, 2010 година.

25. Anthropometric references – modern trend meaning and usage. **Zafirova B.**, Lazarova D., Nakeva N., Strateska A., Papazova M., Trpkovska B et al. Acta Morphologica.2005;2(2):29-31.
    На одредени географски простори, на различни популациони групи во различно дефинирани возрасни стадиуми, кај обата пола се регистрирани промени на антропометриските варијабли како резултат на еден аантрополошки тренд означен како акцелерација. Наједноставен начин на нејзино детектирање кај сопствената популација е примената на антропометријата како антрополошка метода која е брза, сигурна, едноставна, сензитивна, економична и пред се неинвазивна со која се регистрираат промените предизвикани од акцелерацијата. Изработката на референтни вредности на антропометриските варијабли има своја практична примена во евалуација, процена и детекција на биофизичкиот профил во сите фази на растот и развојот, во сите возасни стадиуми и кај давата пола.

26. Znacenje nekih antropometrisjih parametara kod novorodencad rodena pretermina (35-37 g.n.). **Zafirova B** ., Lazrarova D., Nakeva N, Papazova M, Trpkovska B et al. XLV Kongres ADJ sa medgunarodnim ucescem, 2006. Zbornik Rezimea, Bar, Crna Gora.
    Со стандарни антропометриски процедури биле мерени антропометриските параметри кај новородни од обата пола, родени пред термин (35.-37. г.н), со цел да се детерминира нивното значење во евалуација и процена на физичкиот раст, биофизичкиот профил и телесната градба. Резултатите покажале дека покрај стандарните антропометриски параметри (телесна маса, должина, обем на глава и гради) се препорачува и мерење на обем на надлакт и натколено кај оваа група на испитаници.

27. Antropometriski pokazateli na rastot i telsenite komponenti kako indikatori za detekcija na stepenot na ishranetost kaj deca od 5-9 godisna vozrast. **Zafirova Biljana.** Doktorska disertacija.Skopje; Medicinski Fakultet;2010.
    Антропометријата е применета со цел за процена и евалуација на телесната градба, растот, нутритивниот статус и структурните компоненти на телото во однос на демографските обележја кај деца на возраст 5-9 години во Р.Македонија со формирање на сопствени јасно дефинирани и прецизни антропометриски критериуми за детекција и класификација на отстапувањата во растот и нутрицијата. Мерењата биле спроведени во седум статистички региони по претходно направена стратификација на 2176 испитаници од обата пола. Резултатите покажале постоење на возрасни, полово-специфични и демографски

разлики на одредни испитувани параметри во корист на децата од македонска националност и урбана средина. Утврдено било дека машките испитаници имаат значајно повисоки вредности речиси за сите испитувани параметриц, со исклучок на кожните дипли кои биле регистрирани како повисоки кај женските испитаници. Посебен акцент е ставен на детекција на нутритивните ризици како што се прекумерно-лесни, прекумерно тешки и здебелени деца. Најголем процент со ризик од дебелина и дебели деца бил регистриран на возраст од 6, односно 9 години, од двата пола. Се препорачува сите мерени антропометриски параметри и индекси со дефинираните гранични вредности како точки на пресек cut off да најдат примена како антропометриски критериуми за процена на растот и нутритивниот статус кај оваа детска популација.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на разгледаната приложена документација, како и стручно-научните педагошки квалитети на кандидатката, Рецензентската комисија констатира дека д-р Биљана Зафирова ги исполнува сите услови за преизбор во звањето асистент по предметот анатомија.

Согласно со тоа, членовите на Комисијата имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на наредната седница кандидатката да биде преизбрана во звањето асистент по предметот анатомија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Наташа Наќева Јаневска, с.р.

2. Проф. д-р Анѓа Стратеска Зафировска, с.р.

3. Проф. д-р Марија Папазова, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ПИЈАНО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ

Наставно–научниот и уметнички совет на ФМУ, на својата седница одржана на 1.9.2010 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. Јован Каровски, проф. Борис Романов и проф. м-р Валери Стефановски. На конкурсот, објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" на 30.8.2010 година, за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет пијано, се пријави кандидатот вонр. проф. м - р Зоран Пехчевски.

Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот Зоран Пехчевски е роден во Скопје, на 22.11.1961 година. Иако музичкото образование го започнал подоцна од предвиденото, тој успеал за само шест години да го заврши основното и средното музичко образование во МБУЦ „Илија Николовски-Луј" во Скопје, во класата на проф. Гордана Бачовска. Паралелно со тоа го оформува и класичното образование во гимназијата „Орце Николов" во Скопје. Во тој период, на републичките натпревари во Скопје одржани во 1978 и 1980 година, тој освоил први награди и учествувал на тогашните сојузни натпревари во Белград и во Загреб, каде што освоил трета награда. Во 1987 година дипломирал на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Бранко Цветковиќ, со највисока оценка 10. Како студент-претставник од Факултетот за музичка уметност во Скопје учествувал на петтиот „Меморијал Дарко Лукиќ" во Осиек, Република Хрватска, каде што неговиот настап оставил силен впечаток.

Во 1987 година се вработил како професор по пијано во МБУЦ „Илија Николовски-Луј", каде што се стекнал со драгоцено педагошко искуство.

Во 1993 година, со голем успех, ги завршил постдипломските студии под менторство на познатиот руски педагог проф. Борис Романов и се стекнал со звањето магистер по пијано. За време на овие студии тој совладува и концертно презентира, на јавни часови, класни концерти и аудиции, музички дела кои пред изведувачот поставуваат највисоки технички и уметнички барања, потврдувајќи го високиот музичко-пијанистички потенцијал кој го поседува.

Резултат на покажаниот успех во музичкиот развој е изборот на Зоран Пехчевски за соработник по предметот пијано на ФМУ, во звањето помлад асистент, во 1995 година. Како асистент кој особено соработува со проф. Б.Романов и ја користи можноста за постојано усовршување и музичко-пијанистичка надградба, тој активно учествува во подготвувањето и реализирањето на многубројните концертни програми на студентите од оваа класа. Во овој контекст, тој има јавно изведено, на високо професионално ниво, оркестарски делници (извод за пијано) на преку 20 концерти или други дела за пијано и оркестар, со студенти на додипломски и постдипломски

студии. Особено забележителна и успешна е неговата соработка со Симон Трпчески и многубројните заеднички настапи кои наидувале на одличен прием кај публиката, на тој начин помагајќи во градењето и афирмацијата на овој сега светски успешен уметник.

Во 2001 година, Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје го избира за наставник по пијано во звањето доцент, а во 2006 година во звањето вонреден професот.

Зоран Пехчевски активно учествува како асистент и координатор на меѓународните семинари по пијано под раководство на проф. Б.Романов во Охрид, одржувани секоја година, од 1992 до 2004 година.

Во периодот од 2002 до 2005 година, како член на Комисијата за самоевалуација на ФМУ, ангажиран е во процесот на нејзиното спроведување и работењето на проектот за приспособување на наставно-образовната дејност и студиските програми со Болоњската декларација и имплементацијата на ЕКТС. Како претседател на Комисијата, тој го понесе најголемиот товар за спроведувањето и на втората самоевалуација на ФМУ, во 2007 година. Заради обука и стручна подготовка за извршувањето на задачите од оваа област, тој учествувал на повеќе семинари, работилници и консултации раководени од домашни и странски експерти

Од академската 2009/2010 година, Зоран Пехчевски ја извршува функцијата продекан за настава на ФМУ. Во првата година од неговиот мандат тој се истакнува како еден од најангажираните во однос на проектот за изработката на елаборатите за акредитација на новите студиски програми за балетска педагогија (класичен балет и современ танц) и популарни жанрови и започнувањето на нивното функционирање од учебната 2010/2011 година.

Во истата 2009 тој е избран и назначен за раководител на Колегиумот за втор циклус на студии. Студиите, започнувајќи од академската 2009/2010 година, имаат нов формат и за нивното успешно одвивање тој има голем придонес.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Музичката индивидуалност и способноста на Зоран Пехчевски е забележана уште на почетокот на неговото образование, преку неговото брзо напредување во совладувањето на пијанистичката проблематика. Затоа тој е реализатор на голем број настапи кои ги претставувале Музичката младина на Македонија, МБУЦ „Илија Николовски-Луј" и Факултетот за музичка уметност во Скопје, во форма на разни ревијални концерти и натпревари, во рамките на Републиката и надвор од неа.

Интензитетот на активностите особено се засилува со започнување на постдипломските студии и менторството од проф. Б.Романов, кога покрај презентирањето на дела за пијано кои ја сочинуваат програмата за рецитали, Зоран Пехчевски се истакнува со бројните заеднички настапи со студентите на додипломски и постдипломски студии на концерти во Републиката и надвор од неа, изведувајки ги на пијано оркестарските делници, кои често по сложеноста и тежината не заостануваат зад солистичко-пијанистичките. Таквите активности и ангажмани се за одбележување и тие заслужуваат почит, заради покажаното високо ниво на професионализам и уметнички достигнувања, иако со себе не го носат публицитетот и бенефитот на солистичките настапи. Треба да се спомене и желбата за достојно презентирање и афирмирање на музиката од македонските автори, како што

се праизведбата на свитата „Сита тие танци" од Димитрије Бужаровски во Скопје и Пловдив-Бугарија, како и концертните изведби на „Соната за две пијана" од Томислав Зографски во Скопје и Охрид.

## КОНЦЕРТИ

| | |
|---|---|
| 16.4.1992 | Настап на концерт на класата на проф.Б.Романов,М1 студио МТВ |
| 17.5.1992 | Настап на „Отворена пијанистичка вечер" на ЕПТА, студио МТВ |
| 26.2.1993 | Концерт-рецитал, концертна сала ФМУ, Скопје |
| 23.11.1993 | Настап на концерт „Од програмите на МММ", Скопје |
| 27.12.1993 | Концерт-рецитал, Дом на културата, Битола |
| 1.3.1994 | Концерт-рецитал, пионерски дом, Гевгелија |
| 2.3.1994 | Концерт-рецитал, музичко училиште, Струмица |
| 9.3.1994 | Концерт-рецитал, концертна сала на ФМУ, Скопје |
| 6.10.1995 | Концерт со Зоран Казаков (труба), „Интерфест", Битола |
| 15.3.1996 | Настап на концерт на класата на проф.Б.Романов, концертна сала на ФМУ Скопје |
| 19.03.1996 | Концерт со класата на проф.Б.Романов, сала АМТИ, Пловдив, Бугарија |
| 8.10.1996 | Концерт со Симон Трпчески, концертна сала на ФМУ, Скопје |
| 5.01.1999 | Настап на концерт на класата на проф.Б.Романов, концертна сала на ФМУ Скопје |
| 14.12.1999 | Настап на концерт „Страници од творештвото на Томислав Зографски", концертна сала на ФМУ, Скопје |
| 21.12.1999 | Настап на концерт на класата на проф.Б.Романов, концертна сала на ФМУ, Скопје |
| 22.3.2000 | Концерт со Симон Трпчески, концертна сала на ФМУ, Скопје |
| 21.9.2000 | Концерт со Калина Мрмевска, концертна сала на ФМУ, Скопје |
| 1.8.2002 | Концерт со Јован Каровски (пијано), фестивал „Охридско лето", Охрид |

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Педагошката дејност и стекнувањето на педагошкото искуство кандидатот Зоран Пехчевски ги започнал во МБУЦ „Илија Николовски-Луј", каде што во периодот од 1987 до 1995 година работел како професор по пијано. За својот успех во наставата и пијанистичкото воспитување на учениците од различна возраст се стекнува со висок професионален углед, кој се потврдува со успехот кој тие го постигнуваат на годишните испити и јавните настапи.

Особено значајно и драгоцено е искуството кој тој го стекнува со континуираното учество и вклученоста, како асистент, во работата на меѓународните семинари по пијано под раководство на проф. Б.Романов, одржувани секое лето, во периодот од 1992 до 2004 година.

Од 2001 година, кога тој е избран за наставник по пијано на ФМУ во звањето доцент, тој се докажува како одговорен и подготвен педагог кој со својот авторитет и знаење ги едуцира студентите во областа на музичката уметност, одржувајќи настава по предметите: пијано на студиската програма за пијано, пијано како облигационен предмет за сите студиски програми во кои е застапен, камерна музика и корепетиција со практика.

Во учебната 2009/2010 година тој е и ментор на студент на вториот циклус студии.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали и личниот увид во севкупниот музички, уметнички и педагошки развој на пријавениот кандидат, Рецензентската комисија го дава следново мислење:

Според увидот во комплетната документација и приложените материјали доставени на конкурсот, можеме да констатираме дека пријавениот кандидат ги има сите стручни и формални квалификации, со што ги исполнува општите и посебните услови на конкурсот.

Зоран Пехчевски со својата досегашна уметничка и наставно-образовна дејност успева да ги увери професионалните кругови и музичката јавност во својот уметнички и педагошки капацитет. Тој покажува високо ниво на зрела музикалност и пијанистички способности, како во солистичкото така и во ансамбловото музицирање. Досегашниот покажан пристап и однос кон работата со неговите студенти наидува на многу позитивни реакции од нив и постигнување на солидни резултати. Сето тоа оди во прилог на убеденоста во проценката за неговата успешна понатамошна уметничка и педагошка надградба и кариера, која треба да најде простор за потврдување во дејноста на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Значајни се и неговите досегашни залагања и вложен труд во повеќегодишните проекти на реорганизирање и приспособување на процесот на образованието на ФМУ кон системот на европското високо образование.

Затоа, Комисијата, според сите релевантни факти од доставените материјали, му предлага на Наставно – научниот и уметнички совет на ФМУ да го избере м-р Зоран Пехчевски за наставник по наставниот предмет пијано, во звањето вонреден професор.

Рецензентска комисија

1. Проф. Јован Каровски с.р.
2. Проф. Борис Романов с.р.
3. Проф. м-р Валери Стефановски с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Зоран Стојан Пехчевски

**Институција:** Факултет за музичка уметност, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

**Научна област:** пијано

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава од прв циклус студии: пијано (16 часа неделно), 2001/2002 | 19,2 |
| 2. | Настава од прв циклус студии: пијано (16 часа неделно), 2002/2003 | 19,2 |
| 3. | Настава од прв циклус студии: пијано (16 часа неделно), 2003/2004 | 19,2 |
| 4. | Настава од прв циклус студии: пијано (16 часа неделно), 2004/2005 | 19,2 |
| 5. | Настава од прв циклус студии: пијано (15 часа неделно), 2005/2006 | 18 |
| 6. | Настава од прв циклус студии: пијано (16 часа неделно), 2006/2007 | 19,2 |
| 7. | Настава од прв циклус студии: пијано/камерна музика/корепетиција (16 часа неделно), 2007/2008 | 19,2 |
| 8. | Настава од прв циклус студии: пијано/камерна музика/корепетиција (16 часа неделно), 2008/2009 | 19,2 |
| 9. | Настава од прв циклус студии: пијано/камерна музика/корепетиција (16 часа неделно), 2009/2010 | 19,2 |
| 10. | Настава од прв циклус студии: пијано/камерна музика/корепетиција (14 часа неделно), 2010/2011 (прв семестар) | 8,4 |
| 11. | Настава од втор циклус студии: пијано (2 часа неделно), 2009/2010 | 3 |
| 12. | Настава во летни школи и работилници (учесник): Меѓународен семинар по пијано под раководство на проф. Б.Романов, во Охрид 2001/2002/2003/2004 | 4 |
| 13. | Консултации со студенти | 0,6 |
| 14. | Ментор на 2 дипломски работи | 0,4 |
| 15. | Член на комисија за оцена или одбрана на 11 магистерски работи | 3,3 |
| 16. | Член на комисија за оцена или одбрана на 27 дипломски работи | 2,7 |
| | **Вкупно** | 194 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 2. | Ментор на магистерска работа | 1 |
| | **Вкупно** | **5** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 26.2.1993, концерт-рецитал, концертна сала ФМУ, Скопје | 8 |
| 2. | 27.12.1993, концерт-рецитал, Дом на културата, Битола | 8 |
| 3. | 9.3.1994, концерт-рецитал, концертна сала ФМУ, Скопје | 8 |
| 4. | 06.10.1995, концерт со Зоран Казаков(труба), „Интерфест“, Битола | 8 |
| 5. | 19.3.1996, концерт со класата на проф.Б.Романов, сала АМТИ, Пловдив, Бугарија | 8 |
| 6. | 8.10.1996, концерт со Симон Трпчески, концертна сала ФМУ, Скопје | 8 |
| 7. | 21.12.1999, концерт со класата на проф.Б.Романов, концертна сала ФМУ, Скопје | 8 |
| 8. | 22.3.2000, концерт со Симон Трпчески, концертна сала ФМУ, Скопје | 8 |
| 9. | 1.8.2002, концерт со Јован Каровски, фестивал „Охридско лето“, Охрид | 8 |
| | **Вкупно** | **72** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на Комисијата за самоевалуација на ФМУ, 2002 | 0,5 |
| 2. | Претседател на Комисијата за самоевалуација на ФМУ: 2007 | 1 |
| 3. | Член на жири-комисија на државниот натпревар по пијано, 2010 | 1 |
| 4. | Учество во промотивни активности на ФМУ во средните музички училишта во Р.Македонија, 2010 | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 5. | Продекан за настава на ФМУ, 2009- | 4 |
| 6. | Член на Комисија за избор во звање на 2 кандидата | 0,4 |
| 7. | Координатор за ЕКТС на ФМУ, 2004 | 1 |
| 8. | Раководител на колегиумот за втор циклус студии на ФМУ, 2009- | 2 |
| | **Вкупно** | **10,4** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 194,0 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 5,0 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 72,0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 10,4 |
| **Вкупно** | **281,4** |

**Рецензентска комисија**

1. Проф. Јован Каровски с.р.
2. Проф. Борис Романов с.р.
3. Проф.м-р Валери Стефановски с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, на својата 367. седница одржана на 21.X 2010 год., по повод распишаниот конкурс објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајме" од 8.X 2010 год. ние избра за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент од научната област математика.

На објавениот конкурс се пријави кандидатот м-р Зоран Мисајлески, дипломиран математичар, вработен на Градежниот факултет во Скопје, на Катедрата за математика.

Врз основа на добиените материјали со пријавата на конкурсот и следењето на работата на кандидатот, а согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник бр.138/2009), Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Кандидатот м-р Зоран Мисајлески е роден на 18.I 1977 година во Скопје. Средно образование завршил во Природно-математичката гимназија „Никола Карев" во Скопје со континуиран одличен успех.

Во учебната 1996/97 година се запишал на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, студии по математика-теориска насока. Дипломирал на 10.II 2003 година со дипломска работа на тема *Инверзни лимеси и множество краеви*, оценета со 10 и се стекнува со звањето дипломиран математичар. Додипломските студии ги завршил со просечен успех 9,64 и е прогласен за најдобар студент на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет за учебната 2002/03 година.

Во март 2003 година се запишал на постдипломските студии на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје при Институтот за математика, теориска насока. Магистрира на 17.IX 2010 година со одбрана на магистерскиот труд *Проксимативни низи-дискретизација на непрекинатоста. Внатрешна дефиниција на облик* и се стекнува со звањето магистер на математички науки.

Во учебната 2003/2004 година волонтирал како помлад асистент, на Факултетот за општествени науки и ММ-колеџот во Скопје. Изведувал вежби по предметите математика I, векторска и линеарна алгебра и математика за бизнис, како и консултации по предметите математика II и статистика за бизнис.

Во декември 2003 година се вработил на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во февруари 2004 е избран за помлад асистент за предметите од областа на математиката и реизбран во истото звање во април 2007 година.

Кандидатот м-р Зоран Мисајлески ги познава рускиот и англискиот јазик. Интерес за проширување на своите знаења, кандидатот пројавува уште во средното образование со учество на две зимски и една летна школа по математика, како и на регионални и државни натпревари. На турнирот по математика „Црноризец Храбар" освоил второ место на ниво на Република Макадонија. Поради покажаните резултати во текот на образованието, добивал стипендија за талентирани ученици и студенти од 1992 до 2000 година.

Своите искуства од непрекинатото учество на натпревари ги користи од дипломирањето до денес како учесник во организацијата и реализацијата на натпреварите по математика за учениците од основното и од средното образование.

Во овој изборен период ги продлабочува своите знаења во користење на компјутери, проучувајќи го програмскиот пакет Matematika кој го демонстрира пред студентите укажувајќи на неговата примена и практичност и се стекнува со сертификат за напредниот курс за компјутери „Windows XP, Internet Explorer, Microsoft Word, Microsoft Exel, CorelDraw, Photoshop and Dreamweaver" for **200** hours (мај-јули 2009).

Активностите од научната и стручната дејност до 2007 година се наведени во Билтен бр.841 од 15.XII 2003 при изборот за помлад асистент и Билтен бр. 916, април 2007 при реизборот во истото звање.

Подолу ќе бидат анализирани дејностите на кандидатот м-р Зоран Мисајлески за периодот **по реизборот** за помлад асистент.

**Наставно-образовна дејност**

На Градежниот факултет од реизборот во звањето помлад асистент држел вежби на додипломски студии (прв дел на студии) по предметите:

- **математика** за студентите по геодезија;
- **математика I** за студентите по градежништво и геотехника;
- **математика II** за студентите од градежништво.

Во учебната 2010/2011година одржува вежби на постдипломски студии (втор дел на студии) по предметот:

- **одбрани поглавја од математика** за студентите од геодезија и геотехника.

Кандидатот посветува доста време во изнаоѓање прифатлив и близок начин за пренесување на наставната содржина и нејзино полесно совладување од страна на студентите.

Новиот начин на студирање, т.н. ЕКТ - систем, со домашни задачи, парцијални испити и консултации, кандидатот м-р Зоран Мисајлески заедно со своите колеги од Катедрата успешно го реализира. За таа цел, кандидатот м-р

Зоран Мисајлески учествува со обработка на одредени поглавја со решени задачи за предметите по математика I и математка II, како и решени испитни задачи од спроведените испити и спроведени парцијални испити, подготвени заедно со доц. д-р Силвана Петрушева и демонстратор Даниел Велинов. Тој материјал е достапен за студентите што им овозможува полесно учење и полагање на испитите на веб-страницата на Катедрата за математика http:/matematika.gf.ukim.edu.mk).

**Научно - истражувачка дејност**

Новите научни сознанија кандидатот ги здобива преку постдипломските студии кои успешно ги завршува преку учество на семинари со свои презентации. Така:

- во летниот семестар од 2010 година, како предавач држи семинар на тема „**Внатрешна дефиниција на облик**" (Скопје, ПМФ, јануари-мај 2010);

- со предавањето под наслов „**Внатрешен дефиниција на облик со $\varepsilon$-непрекинати функции**" учествува на семинарот по топологија одржан во Штип, 29-30 мај 2010 година.

Здобиеното знаење успешно го применува со изработка и одбрана на магистерскиот труд „**Проксимативни низи-дискретизација на непрекинатоста. Внатрешна дефиниција на облик** " и се стекнува со звањето магистер на математички науки.

Предмет на магистерскиот труд е внатрешната дефиниција на облик за компактни метрички простори, односно дефиницијата со помош на проксимативни низи. Проксимативните низи претставуваат низи од пресликувања кои се блиску до непрекинати или $\varepsilon$-непрекинати. Идејата за $\varepsilon$-непрекинатост на функцијата $f: X \to Y$ води до непрекинатост до на некој покривач $\mathcal{V}$ на $Y$, односно до $\mathcal{V}$-непрекинатост. Проксимативната низа е низа $(f_n)$ од вакви функции, во која со растењето на природниот број $n$ се намалува $\varepsilon$ (на пример, ако земеме $\varepsilon = \frac{1}{n}$), или во која за секој природен број $n$ се зголемува раситнувањето на покривачот $\mathcal{V}_n$ на кој функцијата $f_n$ е непрекината и затоа со право може да се нарече дискретизација на непрекинатоста. Во тој поглед може да се гледа примената на оваа теорија во практиката.

Како резултат на научноистражувачката работа е научниот труд

**„The intrinsic approaches to shape of Sanjurjo and Shekutkovski are equivalent"**, презентиран на -„Matematical Conference dedicated to Profesor Gjorgi Ģorgi Čupona", Ohrid, Macedonia, September 10-13, 2010.

Во овој труд се покажува дека категориите на облик конструирани во трудовите на Jose M. R. Sanjurjo, *A non continuous description of the shape*, Quart. J. Math. Oxford Ser. 40 (1989), 351-359 и N.Shekutkovski, *Intrinsic definition of strong shape for compact metric spaces*, Topology Proceedinds 37 (2011), се изоморфни.

Кандидатот м-р Зоран Мисајлески учествува на повеќе научни предавања и собири од областа на математиката , меѓу кои:

- серија предавања во рамките на проектот „Математички семинар" (Скопје -2006/2007);

- Школа на DAAD: "Differential Calculus, Conservation Laws and Applications in Mechanics" (Нови Сад, 10-17.10.2008).

**Стручна дејност**

Стручната активност на кандидатот м-р Зоран Мисајлески се одвива и во рамките на Сојузот на математичарите на Македонија.

Учествува во организацијата на *натпреварите по математика за основното образование* како:

- претседател на комисиите за спроведување на регионалните натпревари за основно образование по математика одржани во Драчево, Скопје – 2007; Ростуше, Дебар - 2008 и Кратово – 2010;

- член на комисиите за спроведување на државните натпревари за основно образование одржани во Струмица 2007, Скопје - Градежен факултет, 2008, Радовиш 2009 и Скопје- ПСУ „Јахја Кемал“ , 2010;

- член на комисиите за спроведување на македонските математички олимпијади одржани Скопје, ПМФ, 2007, 2009-2010 и ЕТУЦ , 2008.

Учествува во организацијата на *натпреварите по математика за средното образование* како:

- претседател на регионалните комисии за спроведување на регионалните натпревари по математика за средношколци одржани во Скопје, 2007, Гостивар, 2008 и Струмица, 2009.

- како член на комисиите за спроведување на државните натпревари за средношколци одржани во Скопје, Машински факултет, 2007; Скопје, ФОН, 2008; Скопје, ПМФ, 2009 и Пробиштип, 2010;

- член на Комисиите за спроведување на македонските математички олимпијади одржани во Скопје, ПМФ, 2007-2010.

Кандидатот м-р Зоран Мисајлески е автор на натпреварувачки задачи за регионални натпревари, државни натпревари и македонски математички олимпијади кои се објавени во стручното списание **„Macedonian matematical competitions“** (Macedonian matematical society 2008, 2009, 2010)

Координатор е на **Балканската математичка олимпијада** за средношколци (Охрид, 10-17.5.2008).

Заменик-водач е на македонска репрезентација на **Јуниорската балканска математичка олимпијада** (17-23.6.2010 Рамницу Валчеа-Романија).

Во учебните 2009/2010 и 2010/2011 година, уредник е на математичкото списание за основно образование **„Нумерус“**. Автор е на стручни текстови објавени во списанието „Нумерус“: **„Броеви на Фибоначи“** („Нумерус“ 2009/1), **Конкурсни, поготвителни и наградни задачи** („Нумерус“ 2010/1,2) и на сите текстови и цртежи од рубриката **„Забавна математика и загатки“** (2009/1,2,3,4). Исто така ја врши **компјутерската обработка и дизајн** на списанијата „Нумерус“ (2009/1,2,3,4).

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на претходно изнесеното може да се заклучи дека кандидатот м-р Зоран Мисајлески во изминатиот период имал успешна активност:

- наставно-образовната дејност ја изведува со успех спроведувајќи современ пристап во водењето вежби, подготвувајќи печатени материјали за работа на вежби и самостојна работа на студентите;

- напредок во самообразованието, навлегол самостојно во научното истражување изработувајќи ја магистерската работа и изработка на самостоен научен труд, учествува на семинари и симпозиуми, што укажува на негово понатамошно успешно развивање;

- стручната дејност ја реализира со своето учество во организација и реализација на регионални и државни натпревари по математика, за ученици од основното и средното образование, математички олимпијади, автор на задачи за нив, како и неговото членство во уредувачкиот одбор на списанието „Нумерус" со што се придонесува да се негува позитивниот однос кон математиката кај помладите генерации.

Според тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатот м-р Зоран Мисајлески да биде избран во звањето асистент за предметите од областа математика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Слободанка Георгиевска с.р.

2. Проф. д-р Никита Шекутковски с.р.

3. Доц. д-р Силвана Петрушева с.р.

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР НА ЛЕКТОР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата единаесетта редовна седница одржана на 10.11.2010 година, нè избра за Рецензентска комисија во врска со пријавата на м-р Катарина Ѓурчевска на конкурсот објавен во „Утрински весник“ на ден 20.10.2010 година, за избор на еден лектор по англиски јазик. По проучувањето на приложените материјали, на Наставно-научниот совет со задоволство му го доставуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

М-р Катарина Ѓурчевска е родена на 6.4.1983 година во Прилеп. По дипломирањето на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во 2003 година и стекнување на звањето толкувач по англиски и француски јазик, прво била ангажирана како надворешен соработник на Катедрата за преведување и толкување, а потоа и како редовно вработен помлад лектор по предметите англиски јазик, подготовка за преведување и толкување и двонасочно толкување. На 22.9.2010 година, Катарина Ѓурчевска-Атанасовска ја одбрани магистерската теза под наслов *Јазикот во англискиот оригинал и македонскиот превод на Даблинци од Џојс* и се стекна со звањето магистер на филолошки науки.

М-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска, иако многу млада, со својата педагошка работа и стекнатото наставно искуство во високото образование, пополека но сигурно станува еден од столбовите на развојот на Катедрата за преведување и толкување. Со својата работливост, трудољубивост, исполнителност, комуникативност со студентите, таа успева да ја исполни задачата на наставник на многу високо рамниште за што говорат многубројните пофалби и од колегите и од студентите на кои им предава.

Радува фактот што пополека но сигурно, м-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска го проширува полето на својот педагошки и научен интерес и навлегува подлабоко во сферите на теоријата на преведувањето и толкувањето каде што веќе покажа дека умее да се справува и со предизвици од највисок ранг.

Освен обврските во рамките на наставата кои редовно и со голем ентузијазам ги исполнува, Ѓурчевска-Атанасовска ја врши и функцијата секретар на Катедрата за преведување и толкување. Била член и на тринаесет комисии за одбрана на дипломски трудови, а учествувала и во други активности од работењето на Филолошкиот факултет.

Ѓурчевска-Атанасовска својот интерес во филолошките науки го покажала со учеството на повеќе симпозиуми, конгреси, конференции, работилници и тркалезни маси, некаде како симултан толкувач, а некаде како учесник со свој индивидуален настап и свој реферат.

Особено значајни за развојот на м-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска како научен работник се настапите со реферати на Симпозиумот за повеќекултурен и повеќејазичен дијалог во организација на Катедрата за преведување и толкување („Преведувачот како придобивка на општеството"), учеството на VI научен собир „Млади македонисти" („Анализа на лексиката во преводот на расказот „Катедрала" од Рејмонд Карвер на македонски јазик") и настапот на VII научен собир „Млади макеоднисти" („Нестандардната лексика во англискиот оригинал и македонските преводи на Даблинци од Џојс").

Во трудовите презентирани на научните собири „Млади македонисти", м-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска се сосредоточува на претставување на сопствената подготвеност да се справи со предизвиците што произлегуваат од работата врз најтешкиот вид превод - книжевниот. Теориски добро подготвена, особено од областа на теоријата на преведувањето, таа успешно покажува во колкава мера преведувачите успеале да ја исполнат својата основна задача, односно колку успеале претходно откриената литерарност на оригиналот да ја вградат со љубов и во детаљ во јазикот - цел. Преку суптилни споредбени анализи, таа

покажува што направиле преведувачите, во што успеале а во што не успеале и како би требало да се пренесува начинот на намера на оригиналот особено во делот што е предмет на нејзината анализа - лексиката.

Секако, врвот на досегашната научна работа на м-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска е нејзиниот магистерски труд *Јазикот во англискиот оригинал и македонскиот превод на Даблинци од Џојс*. Оценет како труд напишан на високо академско ниво и како значаен придонес за англистиката, македонистиката, а особено теоријата на преведувањето, во него м-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска покажува како треба да се приоѓа кон превод на значајно книжевно дело од светската книжевност за да може да се донесе релевантна, научно заснована, оцена за квалитетот на преведеното дело. Овој труд е модел за развојот на научната критика на преводот кај нас.

М-р Катарина Ѓурчевска, не само теориски туку и практично се занимава со преведување. Особено сакаме да го истакнеме нејзиниот успешен превод на збирката раскази *Даблинци* од Џојс што треба наскоро да се појави во јавноста, потоа преводот на учебникот *Меѓународни институции и институции на заедницата* (од француски), како и преводот од македонски на англиски на книгата *Спорот за името Македонија со Грција* од Светомир Шкариќ (дел од преведувачкиот тим).

# З А К Л У Ч О К

Од досега искажаното, можеме да заклучиме дека м-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска сосема ги исполнува посебните услови за работното место за кое се пријавила. Според покажаните резултати како помлад лектор, таа спаѓа во редот на најврдните, најспособните и најангажираните наставници на Катедрата за преведување и толкување, а и пошироко на Факултетот. Како научен и стручен работник, м-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска пополека, но сигурно си обезбедува високо место меѓу македонските англисти, а особено меѓу малубројните стручњаци од областа на теоријата и практиката на преведувањето и толкувањето. Затоа ни претставува особено задоволство, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да му предложиме да ја избере м-р Катарина Ѓурчевска-Атанасовска во звањето лектор по англиски јазик.

Рецензентска комисија

1. Д-р Драги Михајловски, редовен професор, с.р.
2. Д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, доцент, с.р.
3. М-р Сања Гавриловска, виш лектор, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *СТРАТЕГИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА*, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ГАДАФ РЕЦЕПИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно–научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под број 02-2482/2 од 7.10.2010 год., на седницата одржана на 24.9.2010 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов ***СТРАТЕГИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА,*** поднесена од кандидатот м-р Гадаф Рецепи. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата до Наставно–научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација содржи вкупно 293 страници текст, 27 страници користена литература и 11 страници прилози. Материјата во дисертацијата, покрај вовед и заклучок, е структурирана во пет глави, логично систематизирани, и тоа:

Вовед

Глава I Природа на конкурентноста

Глава II Извори на конкурентска предност на претпријатијата

Глава III Стратегијата и конкурентноста на претпријатијата

Глава IV Користење на стратегии за конкретни ситуации на претпријатијата

Глава V Примена на стратегии за конкретни ситуации на трговските друштва во Република Македонија

Заклучок

Литература

Прилози

Во воведниот дел се дефинирани актуелноста на проблематиката, предметот, целта и задачите на истражувањето. ***Предметот*** на истражување на докторската дисертација го претставуваат стратегиите за подобрување на конкурентноста на претпријатијата. ***Целта*** на докторската дисертација е да се изберат соодветни стратегии за претпријатијата кои се наоѓаат во фазата на зрелост и за претпријатијата кои дејствуваат на меѓународниот пазар во зависност од конкурентските услови, ресурсите со кои располага претпријатието, позицијата на пазарот и сл.

Првата глава со наслов ***Природа на конкурентноста,*** е посветена на истражување на односот помеѓу конкуренцијата и конкурентноста во светската економија, со посебен акцент на најважните теории на конкурентност и конкурентската предност (почнувајќи од неокласичните теории, теоријата на игри, како и теориите за динамична конкурентност). Во овие рамки посебно се обработува теоријата на еквилибриум со нејзините модификации, како на пример: доминантни стратегии на еквилибриум, Нешов еквилибриум. На крајот од ова глава се анализираат економските аспекти кои се остваруваат со конкурентноста. Конкуренцијата им помага на претпријатијата да остварат различни придобивки, меѓу кои како најважни се следниве: зголемувањето на пазарното учество, зголемувањето на профитабилноста, како и подобрувањето на лидерската позиција.

Во ***втората глава*** со наслов, ***Извори на конкурентска предност на претпријатијата,*** истражувани се најважните начини кои овозможуваат остварување конкурентска предност кај претпријатијата. Првиот извор на остварување на конкурентска предност се однесува на водството во трошоците. Остварувањето на конкурентска предност со водството во трошоците може да придонесе за остварување на пониски трошоци од просекот во конкуренцијата и да ја намали атрактивноста на супституитивните производи.

Вториот извор на остварување на конкурентска предност се однесува на диференцирањето кое има моќ и им овозможува на претпријатијата да остварат конкурентска предност во однос на другите претпријатија. Претпријатијата можат да ги користат следниве стратегии на диференцирање: стратегија на диференцирање со цена, со имиџ, со поддршка, со квалитет, со дизајн и недиференцирана стратегија. Менаџментот на вкупен квалитет претставува филозофија на претпријатијата за остварување конкурентска предност на пазарот. Техниките на менаџмент на вкупен квалитет (намалување на времетраењето на циклусот, benchmarking, континуирано подобрување, outsourcing) се извонредна можност за претпријатијата да остварат конкурентска предност со многу мали инвестиции. Целта на менаџментот на вкупен квалитет е да придонесе претпријатието да обрне големо внимание на квалитетот, кој треба да претставува главна континуирана и секојдневна преокупација на претпријатијата во нивното работење. Конкурентската предност се поврзува и со економијата на иновациите кои многу често прават една компанија да има подобра позиција во однос на конкурентите. Во зависност од самата иновација (оперативна иновација, организациска иновација, иновации на страна на понудата, иновации на главната активност, иновации на страна на продажбата, иновации на производите и услугите и иновација на иновациите) ќе зависи и силината и времетраењето на конкурентската предност.

Во ***третата глава*** со наслов ***Стратегијата и конкурентноста на претпријатијата***, се истражувани различни аспекти на стратегијата, т.е разграничување на тоа што претставува конкурентна стратегија, еволуирање на стратегијата, како и рамката на конкурентната стратегија. Стратегијата претставува создавање на уникатни вредности која овозможува создавање на конкурентска предност. Во овие рамки е разработен моделот на осум “S” на James M.Higgins, кој се разликува од моделот на седум “S” на McKinsey, со додавање на стратегиските перформанси на претпријатието. Во формулирањето на стратегијата извонредна улога игра и конкуренцијата која е анализирана со помош на моделот на петте сили Michael Porter, кој во последните неколку години го истражува влијанието на интернетот како шеста сила која

влијае на атрактивноста на индустријата. Една стратегија никако не смее да биде формирана, а при тоа да не се земаат предвид ресурсите со кои располага претпријатието. Одделни ресурси им овозможуваат на претпријатијата да остварат конкурентска предност во однос на нивните конкуренти. Во оваа глава се анализираат факторите кои влијаат на стратегијата и нивната поделба на индивидуални (интелектуалниот капитал, знаењето, способноста за стратегиско размислување, лидерските способности), организациски (пристап заснован на човечките, финансиските, материјалните и технолошките ресурси) и фактори на окружувањето. Анализата на факторите на окружувањето започнува со анализа на индустриската структура спроведена со помош на PEST-анализата на индустријата на кредитни картички и стратегиските групи во текстилната индустрија. Таквата анализа овозможува да се оцени атрактивноста на индустријата за влез на нови претпријатија. Истражувањето на ваквата поделба на факторите придонесува кон создавање нова рамка на факторите кои влијаат на формулирање на стратегијата. Користењето на рамката на факторите кои влијаат на стратегијата им овозможува на претпријатијата да креираат успешни стратегии кои понатаму би креирале одржлива конкурентска предност.

Во ***четвртата глава*** со наслов ***Користење на стратегии за конкретни ситуаци на претпријатијата***, истражувањето се фокусира на различните видови стратегии во зависност од дадената ситуација, фазата од животниот циклус во која се наоѓа претпријатијето. Влијанието на внатрешните и на надворешните фактори врз претпријатијата го отежнува изнаоѓањето на правилната стратегија која најдобро одговара на ситуацијата во која се наоѓа претпријатието. Како најважни фактори кои влијаат при изборот на стратегијата е фазата од животниот циклус во која се наоѓа претпријатието, индустријата во која претпријатието дејствува, конкурентските услови, сопствените ресурси, позицијата што ја има претпријатието на пазарот и сл. Стратегиите кои претпријатијата ги користат зависат од тоа во која фаза од животниот циклус се наоѓа претпријатието. Па така, претпријатијата применуваат стратегии во почетната фаза, во фазата на раст, во фазата на зрелост, во фазата на опаѓање. На крајот од оваа глава се претставени стратегиите за настап на претпријатијата на меѓународниот пазар.

Во последната глава ***Примена на стратегии за конкретни ситуации на трговските друштва во Република Македонија,*** со користење на методот на прашалник, методот на интервју, како и со методот на директна анализа, спроведено е истражување за тоа кои стратегии ги користат трговските друштва во Република Македонија кои се наоѓаат во фазата на зрелост како и за успешен настап на меѓународниот пазар. Претпријатијата се поделени во различни групи во зависност од дадената ситуација во која се наоѓаат или фазите од животниот циклус на претпријатијата. Истражувањето вклучува анализа и од аспект на стратегијата како акција. Важен дел на истражувањето претставува оцената на влијанието на примената на различните стратегии врз подобрувањето на финансиските перформанси на претпријатијата и подобрувањето на нејзината позиција во индустријата во која дејствува. На крајот од емпириското истражување се дадени предлози за најдобрите стратегии за трговските друштва во Република Македонија кои се наоѓаат во фазата на зрелост како и за оние што настапуваат на меѓународниот пазар. Истражувањето помага во создавање на рамка на факторите кои влијаат на формулирање на стратегија која им помога на претпријатијата во изборот на правилни стратегии, како и во подобрување на конкурентноста на трговските друштва.

Интегрален дел на докторската дисертација претставува ***заклучокот,*** во кој се систематизирани основните констатации кои произлегуваат од теоретското и емпириското истражување за подобрување на конкурентската способност на трговските друштва.

Составен дел на докторската дисертација претставува и ***користената литература.*** Користени се вкупно 354 библиографски единици, од кои најголемиот број се од странски автори, а само мал дел од домашни автори. Користената литература е објавена по 2000 година, со исклучок на некои капитални дела објавени пред таа година.

Последниот дел од докторската дисертација е посветен на ***прилози,*** кој содржи список на анкетирани трговски друштва во Република Македонија и анкетен лист кој беше основа на спроведеното емпириско истражување.

## Оцена на трудот

Сè позаострената конкуренција меѓу претпријатијата во светот во последниве неколку години придонесува за брзо губење на конкурентската предност на претпријатијата на пазарот. Претпријатијата најчесто во обид да создадат конкурентска предност инвестираат во нова технологија, подобрување на перформансите на производот, примена на нови менаџмент-техники и сл. Иако преземањето на овие инвестиции понекогаш давале добри резултати, сепак тоа било краткорочно и многу брзо било имитирано од страна на другите претпријатија-конкуренти. Создавањето на одржлива конкурентска предност е многу покомплексна активност, која се поврзува пред сè со создавање на конкурентна стратегија. Примената на правилни стратегии за секое претпријатие во зависност од фазата од животниот циклус во кој се наоѓа претпријатието претставува посебно многу важен предизвик во остварување на одржлива конкурентска предност на подолг рок.

Потребата од користење на конкурентни стратегии како и правилни стратегии се појавува и кај трговските друштва во Република Македонија, пред сèза нивно поуспешно соочување со претпријатијата при настап на меѓународниот пазар, како и со позаострената конкуренција на домашниот пазар. Користењето на правилни стратегии во зависност од дадената ситуација во која се наоѓа претпријатието побудува голем интерес во литературата посветена на стратегиите, подобрувањето на конкурентската способност, како и од страна на претпријатијата. Користењето на правилни стратегии не е едноставно прашање кое може да се разреши еднаш засекогаш. Тоа е перманентно актуелно и вклучува постојани иновации во својот концепт. Тоа е мултидимензионално прашање кое вклучува не само менаџерски, економски, финансиски, стратегиски, организациски, туку и општествени аспекти.

Кандидатот м-р Гадаф Реџепи посебно го истражува менаџментот на вкупниот квалитет кој претставува нов приод во развојот на менаџментот познат како „революција на квалитетот". Најновите истражувања покажуваат дека бизнис-лидерите на американските компании ги рангираат услугите на потрошувачите,

квалитетот на производот и технологијата како прва, втора и трета најважна цел за успех на својата организација. Подобрувањето на квалитетот е важен пат до конкурентноста. Квалитетот како збир на карактеристики на производот или услугата кои овозможуваат целосно пресретнување на барањата на потрошувачите и задоволување на потребите на потрошувачите стана еден од најконкурентните начини во деловниот свет. Реакциите на потрошувачите се најдобра мерка и индикатор за квалитетот на производот - услугата. Доколку се подобри квалитетот, се очекува трошоците да опаднат, со што поефективно ќе се задоволат потребите на потрошувачот.

Трудот на кандидатот м-р Гадаф Реџепи на тема ***Стратегии за подобрување на конкурентноста на претпријатијата*** претставува посеопфатно, теоретско и емпириско истражување, од областа на стратегиите за подобрување на конкурентноста на претпријатијата кој предлага модел кој ќе помогне при изборот на стратегиите на трговските друштва во Република Македонија. Посебен научен и стручен е придонесот на кандидатот во спроведувањето на емпириското истражување во периодот од 25 мај до 25 август 2010 година во 45 трговски друштва во Република Македонија, од кои 32 трговски друштва настапуваат и на меѓународниот пазар. Предмет на анализа кај трговските друштва беа стратегиите кои ги користат при настап на меѓународниот пазар.

Спроведеното истражување покажа дека како најчеста стратегија за настап на меѓународен пазар која трговските друштва ја користат е извозната стратегија. Резултатите исто така покажаа дека во најголем број од анкетираните друштва настапуваат сами на меѓународниот пазар, помал дел од нив соработуваат со меѓународен партнер кој не е од земјата во која се настапува, додека многу ретко трговските друштва соработуваат со локални партнери од земјата во која настапуваат.

Резултатите од емпириското истражување спроведено во трговските друштва кои се наоѓаат во фазата на зрелост овозможуваат да се констатира дека како најчеста стратегија која се користи, или 69% од анкетираните трговски друштва, претставува хибридната стратегија, односно стратегијата на

диференцирање и стратегијата на водство во трошоците. Втора по ред е стратегијата на намалување на трошоците која се користи во 11% од трговските друштва, додека само 7% од трговските друштва користат стратегија на диференцирање, додека стратегијата на фокус скоро и да не се користи. Високиот процент на користење на хибридната стратегија потврдува дека трговските друштва кои се наоѓаат во оваа фаза многу ретко се одлучуваат за чиста стратегија, наспроти многу автори кои сметаат дека користењето на хибридна стратегија е многу ризична. Како други стратегии кои се предлагаат за трговските друштва во фазата на зрелост се следниве: стратегија на вертикална интеграција, користење на иновативна стратегија, зголемување на продажбата на постојните потрошувачи, изградба на нови флексибилни конкурентни способности, стратегија на постојано подобрување на квалитетот и користење на стратегијата на „син океан".

Научниот и стручниот придонес на кандидатот се огледа и во истражувањето на животниот циклус на претпријатието наспроти животниот циклус на индустријата предлаган од повеќето автори. Трудот има пионерски карактер, прв од оваа област кој е фундиран и со емпириско истражување. Кандидатот предлага рамка на конкурентната стратегија со што се овозможува: *стратегијата да биде иновативна, стратегијата да произлегува како резултат на координацијата и синергијата на сите активности, стратегијата да еволуира преку повратните врски, како и конкурентската стратегија да биде постојано подобрувана. Како резултат на емпириското истражување, кандидатот предлага рамка на факторите кои влијаат на изборот на стратегијата која може да им помогне на претпријатијата во изборот на правилни стратегии со цел засилување на нивната конкурентска предност.* Податоците од емпириското истражување беа обработени со користење на статистички програми кои се наменети токму за ваков тип на истражувања, и тоа: SPSS – Statistical Package for the Social Sciences, како и STATA во одредени делови која овозможува подобра обработка. Користејќи ги овие статистички програми за обработката на податоците со користење на дескриптивна статистика се изврши определување на фреквенциите на варијаблите, одредување на

медијаната, корелацијата, регресијата, статистичката значајност, стандардната девијација, вкрстеното табелирање и друго.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација дојде до уверување дека кандидатот м-р Гадаф Реџепи успешно ги истражувал клучните прашања сврзани со стратегиите за подобрување на конкурентноста на претпријатијата.

Техничкото оформување на докторската дисертација е на највисоко можно ниво, а приодот кон материјата е доволно селективен. Општата архитектоника на ракописот (глави, точки, потточки, нивните пропорции по обем и заемната поврзаност на деловите, табели, слики ) е јасна. Текстот во дисертацијата е солидно компјутерски обработен, лекториран и отпечатен на хартија од највисок квалитет. Текстот во докторската дисертација е целосно во боја.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата констатира дека целите и задачите што кандидатот ги формулирал во воведот на докторската дисертација во целост се остварени и дека станува збор за квалитетен труд и успешно спроведено репрезентативно емпириско истражување кое овозможува да се утврдат начините за избор на стратегии кои најдобро ќе одговараат на претпријатијата во зависност од фазата од животниот циклус во која се наоѓаат со што се подобрува конкурентската позиција на трговските друштва во Република Македонија, се подобруваат перформансите, како и профитабилноста во работењето.

На трудот можат да му се стават забелешки како на пример: недоволно застапениот критички приод при креирањето на рамката на факторите кои влијаат на формулирањето на стратегијата, неразработената генеричка стратегија на фокусирање и недоволната поврзаност на герениричките стратегии со функционалните стратегии на претпријатијата, кои немаат позначајно влијание врз високиот квалитет на дисертацијата.

# Предлог

Врз основа на изнесените оцени за содржината и квалитетите на докторската дисертација, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- ***прво***, да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот дека докторската дисертација на кандидатот м-р Гадаф Реџепи на тема: ***СТРАТЕГИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА*** е успешно изработена;

- ***второ,*** да одобри закажување ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје,07.12.2010 година

Комисија за оцена и одбрана
на докторската дисертација

1. Проф. д-р. Бобек Шуклев,с.р.
2. Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р.
3. Проф. д-р Владимир Петковски,с.р.
4. Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска,с.р.
5. Доц. д-р Кирил Постолов,с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ“ ОД АВТОРОТ Д-Р САШО ЈОСИМОВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје определен сум за рецензент за учебникот со наслов „Информациски технологии“, од авторот д-р Сашо Јосимовски, кој претставува учебник по предметот информациони технологии на Економскиот факултет во Скопје. По внимателното читање на трудот, би сакал да го поднесам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Проблематиката обработена во трудот „Информациски технологии“, од авторот д-р Сашо Јосимовски, која се однесува на примената на информациските технологии во економската и деловна практика претставува мошне актуелна тема. Оттаму и учебникот „Информациски технологии“, наменет пред сè за студентите од додипломските студии кои го изучуваат истоимениот предмет, претставува труд во кој авторот преку темите кои се обработени во целост ја покрива наставната содржина.

Во однос на својата структура и начин на презентирање на обработената материја, трудот е изработен на 276 страници и е организиран во единаесет поглавја. Трудот содржи повеќе графикони и графички илустрации, со што се олеснува изучувањето на материјата. Во контекст на содржината, покрај останатите актуелни теми, во учебникот посебно внимание е посветено на дигиталната економија и веб-базираните технологии и апликации. На овие технологии претпријатијата денес посветуваат големо внимание, при што нивното познавање денес се смета за задолжително од страна на менаџментот и останатите вработени кои се занимаваат со решавање на економските и деловните проблеми. Во продолжение следува краток опис на поглавјата кои се обработени во трудот.

Првото поглавје насловено како *Информациските технологии во современото општество*, претставува вовед во основните концепти кои се користат понатаму во обработка на материјата во останатите поглавја. Најнапред е дефиниран концептот на информатиката и информациските технологии, а потоа следува дефинирање и објаснување на карактеристиките на информациското општество и општеството базирано на знаење. Во делот кој се однесува на информациското општество и општеството базирано на знаење, посебен акцент е даден на мерките кои ги преземаат земјите за развој на општество кое базира на примена на информациско-комуникациските технологии и знаења.

Во второто поглавје, *Информациските технологии во деловното работење*, се навлегува во подетално прикажување на влијанието на информациските технологии врз деловното работење на компаниите. Понатаму следува приказ на стратегиското користење на информациските технологии во дигиталната економија, како и приказ на два модела за анализа на конкурентската положба на компаниите. Со претставувањето на Портеровиот модел на конкурентски сили и Портеровиот модел на вредносен синџир кои претставуваат општо прифатени модели во литературата од оваа област, се заокружува второто поглавје.

Третото поглавје насловено како *Развој на компјутерите и претставување на податоците* ги обработува следниве точки: развој на компјутерите, нивната поделба и основните принципи на нивното работење. Во

делот кој се однесува на развој на компјутерите даден е краток осврт на историскиот развој и компјутерските генерации. Како дополнување на овој дел, поради динамиката и брзиот развој на проблематиката/технологиите, даден е и приказ на новите генерации и насоки на развој на компјутерите, како и основниот модел на компјутерскиот систем. Третото поглавје е заокружено со опис на основните принципи на теоријата информации и начинот на кој различните типови на податоци се претставени во компјутерите.

Во четвртото поглавје *Компјутерскиот хардвер и софтвер* се обработени компјутерскиот хардвер и компјутерскиот софтвер како две комплементарни подра;ја. Во делот кој се однесува на хардверот обработени се најчесто сретнуваните хардверски компоненти во деловната практика, со посебен акцент на микрокомпјутерскиот хардвер. Понатаму, следува приказ на најновите трендови во развојот на хардверот, вклучувајќи го и поврзувањето на микрокомпјутерите во компјутерските мрежи. Во делот кој се однесува на компјутерскиот софтвер, како и во првиот дел на оваа глава посебно внимание е посветено на компјутерскиот софтвер кој е наменет за микрокомпјутери, од едноставна причина што микрокомпјутерите во современата деловна практика денес масовно се применуваат.

Во петтото поглавје со наслов *Организација на податоци и бази на податоци,* обработени се основите на технологијата на обработка на податоците, датотеките и базите на податоци. Понатаму следува опис на различните типови датотеки и бази на податоци, како и нивните предности и недостатоци кои ги имаат во деловното работење. Петтото поглавје е заокружено со претставување на процесот на моделирање на податоци, кој се користи при креирање на релациски бази на податоци.

Во шестото поглавје, *Комуникации и компјутерски мрежи,* се систематизирани и детално обработени основните поими од компјутерските мрежи, поврзувањето на компјутерите и преносот на податоци.

Поради карактерот и значењето кое денес го има, на *интернетот* како една од технологиите која најмногу го менува начинот на извршување на деловните активности на претпријатијата, дадено му е посебно место во седмото поглавје кое го има истоимениот наслов. Ова поглавје ги опфаќа и ги обработува следниве точки: развојот, организацијата и најважните сервиси кои денес постојат во рамките на интернетот.

Во осмото поглавје насловено како *Е-бизнис и дигитална економија,* даден е посебен осврт на овие трендови во современото општество. Како резултат на сé поголемото значење кое го има електронскиот бизнис, како најважен тренд во примената на информациските технологии во деловното работење, во осмото поглавје посебно се елаборирани најчестите типови на е-бизнис модели кои се најкористени од компаниите. Некои од нив се: електронска размена на податоци, електронска комерција, електронски аукции, портали и други. Една од најзначајните технологии која директно го менува начинот на деловното работење на претпријатијата е и дигиталната економија. Бидејќи нејзиниот развој е непосредно поврзан со развојот на интернетот, посебно внимание во ова поглавје е посветено на искористувањето на интернетот за подобрување на економските перфоманси на претпријатијата.

Најважните типови на информациски системи кои се сретнуваат во економската практика се обработени, т.е. дефинирани и класифицирани во деветтото поглавје, со наслов *Информациски системи.* Во него исто така се претставени основите на системскиот пристап, кој се користи при решавање на практични проблеми од областа на информациските системи.

Десеттото поглавје насловено како *Апликации кои се користат во претпријатијата,* даден е преглед на процесно-базирани апликации и функционално-базирани апликации кои се користат во работењето на

претпријатијата. Посебен акцент е даден на клучните процесно-базирани апликации, и тоа на софтверот за планирање на ресурсите на претпријатијата, софтверот за менаџирање на односите со потрошувачите и софтверот за менаџирање со синџирот на снабдување. Исто така, претставени се неколку современи платформи кои се базираат на користење на информациските технологии, како што се компјутерското работење во облак, грид компјутерското работење и сервисно-ориентираната архитектира.

Основните етички норми во работењето со компјутерите, основните начини на заштита на компјутерското работење и правото на приватност, се обработени во последното, единаесетто поглавје со наслов *Етички, социјални и безбедносни аспекти на информациските технологии.*

Според дадениот опис на актуелноста на проблематиката, како и краткиот приказ на обработените поглавја, неминовен е заклучокот дека трудот претставува заокружена целина во која се опфатени сите позначајни информациски технологии кои треба да ги познаваат студентите на економскиот факултет.

Врз основа на изнесеното мислење, ми претставува чест да му предложам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го одобри публикувањето на учебникот *„Информациски технологии"* од авторот д-р Сашо Јосимовски. Исто така предлагам истиот труд да се користи како универзитетски учебник по предметот *информациони технологии.*

Скопје, 3.12.2010

Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ“ ОД АВТОРОТ Д-Р САШО ЈОСИМОВСКИ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје ме определи за рецензент на учебникот по предметот информациони технологии под наслов „Информациски технологии“, од авторот д-р Сашо Јосимовски. По темелното читање на трудот, го поднесувам следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Трудот „Информациски технологии“, од авторот д-р Сашо Јосимовски, обработува мошне значајна проблематика, која се однесува на примената на информациските технологии во економската и деловна практика. Учебникот е наменет пред сé за студентите од додипломските студии кои го изучуваат истоимениот предмет, при што треба да се нагласи дека во целост ја покрива наставната содржина. Трудот е изработен на 276 страници. Содржи бројни графикони и графички илустрации, со што се олеснува изучувањето на материјата. Посебно треба да се истакне вниманието кое е посветено на електронскиот бизнис, како технологија на која претпријатијата денес посветуваат најмногу внимание, како и деловните апликации, чие познавање денес е задолжително од страна на менаџментот и останатите вработени кои се занимаваат со решавање на економски и деловни проблеми. Трудот е организиран во единаесет поглавја, кои во продолжение накратко ќе бидат опишани.

Првото поглавје, *Информациските технологии во современото општество*, ги воведува основните концепти кои се користат во информатиката и информациските технологии, како и карактеристиките на информациското општество и општеството базирано на знаење. Посебно внимание е посветено на мерките кои ги преземаат земјите за развој на овие општества, кои се базираат на примена на информациско-комуникациските технологии.

Во второто поглавје, *Информациските технологии во деловното работење,* елаборирани се влијанијата на информациските технологии врз деловното работење, како и стратегиското користење на информациските технологии во дигиталната економија. За анализа на конкурентската положба на компаниите опишани се два модела кои се општо прифатени во литературата од оваа област, Портеровиот модел на конкурентски сили и Портеровиот модел на вредносен синџир.

Во третото поглавје, *Развој на компјутерите и претставување на податоците,* обработени се развојот на компјутерите, нивната поделба и основните принципи на нивното работење. Развојот на компјутерите е презентиран преку историскиот развој и компјутерските генерации. Воведени се и новите генерации и насоки на развој на компјутерите, како и основниот модел на компјутерскиот систем. На крајот од оваа глава опишани се основните принципи на теоријата на информации и начинот на кој различните типови на податоци се претставени во компјутерите.

*Компјутерскиот хардвер и софтвер* се обработени во четвртото поглавје. Воведени се најчесто сретнуваните хардверски компоненти во деловната практика, при што акцент е ставен на микрокомпјутерскиот хардвер. Презентирани се најновите трендови во развојот на хардверот, вклучувајќи го и поврзувањето на микрокомјутерите во компјутерски мрежи. Во вториот дел на ова поглавје обработен

е компјутерскиот софтвер. Како и во првиот дел на оваа глава, посебно внимание е ставено на компјутерскиот софтвер наменет за микрокомпјутери. Тоа е сосема разбирливо ако се има предвид масовноста на примената на микрокомпјутерите во современата деловна практика.

Основите на технологијата на обработка на податоците, датотеките и базите на податоци се обработени во петтото поглавје, *Организација на податоци и бази на податоци*. Во овој дел се опишани различните типови на датотеки и бази на податоци, како и нивните предности и недостатоци кои ги имаат во деловното работење. Претставен е процесот на моделирање на податоци, кој се користи при креирање на релациски бази на податоци.

Основните поими од компјутерските мрежи, поврзувањето на компјутерите и преносот на податоци се опфатени во шестото поглавје, *Комуникации и компјутерски мрежи*.

Една од технологиите која денес најмног го менува начинот на кој претпријатијата ги извршуваат деловните активности, *интернет*, е презентирана во седмото поглавје кое го има истоимениот наслов. Посебен акцент е даден на развојот, организацијата и најважните сервиси кои денес постојат во рамките на интернетот.

Електронскиот бизнис, како најважен тренд во примената на информациските технологии во деловното работење, е обработен во осмото поглавје *Е-бизнис и дигитална економија*, каде што посебно се елаборирани најчестите типови на е-бизнис модели, како што се: електронска размена на податоци, електронска комерција, електронски аукции, портали и други. Развојот на дигиталната економија непосредно е поврзан со развојот на интернетот. Таа претставува една од најзначајните технологии која директно го менува начинот на деловното работење на претпријатијата.

Во наредното, деветто поглавје, со наслов *Информациски системи*, дефинирани се и класифицирани најважните типови на информациски системи кои се сретнуваат во економската практика. Исто така претставени се основите на системскиот пристап, кој се користи при решавање на практични проблеми од областа на информациските системи.

Во следното, десетто поглавје со наслов *Апликации кои се користат во претпријатијата*, даден е преглед на процесно-базирани апликации и функционално-базирани апликации кои се користат во работењето на претпријатијата. Посебен акцент е даден на клучните процесно-базирани апликации, и тоа на софтверот за планирање на ресурсите на претпријатијата (ERP), софтверот за менаџирање на односите со потрошувачите (CRM) и софтверот за менаџирање со синџирот на снабдување (SCM). На крајот на главата претставени се современите платформи кои се базираат на користење на информациските технологии.

Во единаесеттото поглавје, *Етички, социјални и безбедносни аспекти на информациските технологии*, опишани се основните етички норми во работењето со компјутерите, основните начини на заштита на компјутерското работење и правото на приватност.

Може да се заклучи дека трудот претставува заокружена целина во која се опфатени сите позначајни информациски технологии кои треба да ги познаваат студентите на економскиот факултет.

Имајќи ги предвид изнесените оцени за трудот, му предлагам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да донесе одлука за публикација на трудот *„Информациски технологии"* од д-р Сашо Јосимовски и тој да се користи како универзитетски учебник по предметот *информациони технологии*.

Скопје, 2.12.2010 Проф. д-р Драге Јанев с.р.

**ПР Е Ц Е Н З И Ј А**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„ПРОУЧУВАЊЕ НА МОЖНОСТИ ЗА ЕФИКАСНО КОРИСТЕЊЕ НА ПЕКТИНОЛИТИЧКИ ЕНЗИМИ ПРОИЗВЕДЕНИ СО ЧИСТИ КУЛТУРИ МИКРООРГАНИЗМИ ВО БИСТРЕЊЕ НА ВИНАТА“** , ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р КИРО МОЈСОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ.

Врз основа на одлуката бр. 02-2428/9 на Наставно - научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, донесена на XXIII седница одржана на 1.12.2010 година, формирана е Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов: „Проучување на можности за ефикасно користење на пектинолитички ензими произведени со чисти култури микроорганизми во бистрење на вината“, пријавена и изработена од м-р Киро Мојсов, асистент на Технолошко-техничкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип.

Комисијата во состав: д-р Југослав Зибероски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Звонимир Божиновиќ, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Владимир Какуринов, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Михаил Петков, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и д-р Елизабета Ангелова, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, ја прегледа докторската дисертација и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација со наслов: „Проучување на можности за ефикасно користење на пектинолитички ензими произведени со чисти култури микроорганизми во бистрење на вината“, изработена од м-р Киро Мојсов, презентирана е 160 страници текст со вообичаен проред. Во содржината на текстот се дадени 20 табели, 15 графикони и 10 слики. На крајот се дава преглед на консултираната домашна и странска литература со 200 наслови и интернет-референци.

Трудот е поделен во 6 поглавја, и тоа: 1. Вовед; 2. Преглед на литература; 3. Материјал и методи на работа; 4. Резултати со дискусија; 5. Заклучоци и 6. Литература.

Во Воведот се даваат сортните особини на испитуваните сорти вина (вранец и смедеревка), и се потенцира дека испитуваните сорти се доста застапени во македонското лозарство, и од нив се произведуваат квалитетни вина во македонските винарии. Во овој дел од докторската дисертација е нагласен стремежот на нашата земја да се вклучи во европските асоцијации, а со тоа се менува ставот на менаџерите и сопствениците на винарии во насока на постигнување врвен квалитет на производите и услугите. Тука, се истакнува дека старомодниот

традиционален начин на производство на вино не може во целост да одговори на прашањата со кои се соочува современото работење на винарските индустрии од типот: како да се произведе вино со подобар квалитет, т.е. побистро, појака и постабилна боја, повеќе фенолни соединенија, подобра арома, подобар вкус и, се разбира постабилно вино, како и побрза филтрација, побрзо таложење и побрзо созревање на виното, така што би било конкурентно на светските пазари, како според квалитетот така и според цената. Во овој дел од докторската дисертација се укажува дека со примена на модерна биотехнологија во производството на вино ќе се добијат поголеми рандмани, вино со подобар квалитет и олеснети и скратени операции, т.е. на поекономичен начин, што е целта на секоја винарија. Тука е поставена и основната цел на истражувањето, што во основа претставува проучување на можностите за ефикасно користење на пектинолитичките ензимски препарати што се добиени од чисти култури микроорганизми во процесот на преработка на грозје во вино, и пред сѐ за ензимско бистрење на добиените вина од црвено грозје вранец и бело грозје смедеревка. За исполнување на главната цел на дисертацијата се поставени и следниве подцели: испитувани се ефектите од претферментациската ензимска мацерација и ензимска мацерација, комбинирана со алкохолна ферментација со 3 комерцијални пектинолитички ензимски препарати за мацерација на црвеното грозје вранец и 3 комерцијални ензимски препарати за мацерација на белото грозје смедеревка.

Поглавјето: „Преглед на литература„ се состои од 3 потпоглавја: (1) *Грозјето како суровина,* каде што е изнесено значењето на грозјето од сортите вранец и смедеревка за нивно вклучување во истражувањата, поткрепено со користење на многу домашна странска литература; (2) *Виното како суровина*, каде што се потенцира значењето на алкохолната ферментација во производството на квалитетни вина со користење на многу домашна и странска литература; (3) *Примената на пектинолитички ензими во производството на квалитетни вина,* каде што се потенцира значењето од примената на ензимски препарати за производството на вина со врвен квалитет со користење домашна и странска литература.

Во поглавјето: „Материјал и методи на работа„ се дава опис на потребните материјали и методи, кои се неоходни за да се дојде до поставената цел во докторската дисертација. Во овој дел се дава опис на употребените пектинолитички ензими што се добиени со чисти култури микроорганизми и нивната улога во бистрење на испитуваните вина. Опишани се методите неоходни за успешно завршување на овој докторски проект, за за што се вршени експериментални лабораториски и теренски истражувања. Теренските истражувања се вршени во винариите „Имако вино“- Штип и „Тристо“- Велес.

Описот на користената методологија за сите испитувани параметри е презентиран одделно. Особено внимание е посветено на количеството на пектинолитички ензими, за да се дојде до најоптималната доза на ензимски препарат, заради поекономично работење, притоа имајќи предвид дека треба да се користат дози кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот

во секој поглед. Користени се методи за микровинификација и винификација на црвеното грозје вранец и белото грозје смедеревка. Потоа, опишана е постапката за мерење на рандманите на шира (самоток) од црвеното грозје вранец и белото грозје смедеревка. Опишани се користените методи за брза филтрација и таложење. Во методологијата, заради успешно завршување на поставените цели е користена најмодерна опрема и адекватни реагенси. Самиот факт што во анализите на виното се вклучени соединенија кои го карактеризираат квалитетот на произведеното вино (вкупни феноли, вкупни антоцијани, флавоноиди, вкупни катеини и др.), неоходно било да се користи современа опрема, за да се дојде до саканата цел.

Во микробиолошките испитувања се користени методи, преку кои успешно се проценува микробиолошката исправност на пектинолитичките ензими што се добиени од чисти култури микроорганизми. За следење на микробиолошката исправност на добиените вина, испитувани се следниве групи микроорганизми: вкупен број **бактерии** на ml вино; вкупен број **квасци** на ml вино; вкупен број **габи** на ml вино; вкупен број на **сулфиторедуктивни клостридии** во 1 ml вино; бактерии **Salmonella** и **Shigella** во 25 ml вино; бактерии **Staphylococcus aureus** во 0,1 ml вино; бактерии **Proteus spp.** во 0,1 ml вино; бактерии **Escherichia coli** во 10 ml вино.

Поглавјето „Резултати и дискусија" заради подобро толкување на резултатите е поделено на неколку потпоглавја. Така, во потпоглавјето за резултатите од ефектот *на пектинолитичките езимски врз приносот на шира (самоток)* од црвеното грозје вранец и белото грозје смедеревка, според добиените резултати сите ензимски препарати покажале подобри ефекти врз рандманите на шира (самоток) од 4,85% до 6,35%, споредено со нетретираната каша од контролните проби. Но, ако се споредуваат меѓу себе пектинолитичките ензими, се забележува дека најдобри резултати покажува пектинолитичкиот ензимски препарат **Vinozym Vintage FCE.**

Во потпоглавјето што се однесува на резултати од *брзина на филтрација на шира од црвеното грозје вранец и белото грозје смедеревка* се презентирани резултати за ефектот на користените пектинолитички ензими врз брзината на филтрација, при што е констатирано дека ензимските препарати го намалиле времето на филтрација на **6,5 min,** споредено со **20,5 min** на нетретираната каша од контролната варијанта. Намалувањето на времето на филтрација зависело од количеството на употребените пектинолитички ензимски препарати. Меѓутоа, се дошло до заклучок дека, речиси во секој случај вината што биле третирани со пектинолитички ензими се бистреле многу побрзо во споредба со контролната варијанта. Од добиените резултати на истражувањата, споредено со истражувањата на бројни истражувачи, остварена е една од поставените цели на планираните истражувања во докторската дизертација. Имено, испитуваните пектинолитички ензимски препарати ја зголемувале брзината на филтрација, па доаѓало до скратување на времето за филтрација за неколку пати, споредено со контролната варијанта каде што не е вршено третирање со ензимски препарати.

Во потпоглавјето што се однесува на резултатите од *брзината на таложење на шираа кај црвното грозје вранец и белото грозје смедеревка,* е констатирано дека сите ензимски препарати предизвикале побрзо таложење во споредба со контролната (нетретирана) варијанта, и тоа за неколку пати.

Во потпоглавјето Р*езултати од интензитетот на бојата,* констатирано е дека вината што биле третирани со пектинолитички ензими имаат зголемен интензитет на бојата во споредба со контролното вино, но сепак пектинолитичкиот ензимски препарат *Vinozym Vintage FCE* покажал најдобри резултати. Поголемите дози на ензимскиот препарат покажале и поголем интензитет на бојата, но тоа не било така и кај другите ензимски препарати. Така, кај ензимскиот препарат *Rohapect VR-C* при зголемување на дозата во почетокот доаѓало до намалување на интензитетот на бојата, а потоа интензитетот се зголемувал, додека, пак, кај ензимскиот препарат Trenolin Rot DF прво се зголемувал интензитетот на бојата, а потоа доаѓало до негово намалување.

Во потпоглавјето Р*езултати од хемиските анализи* констатирано е дека во поглед на продукцијата на етил алкхол (vol%) најдобри резултати покажал пектинолитичкиот ензимски препарат *Vinozym Vintage FCE,* а во поглед на употребените дози е констатирано дека највисоката доза на сите испитувани ензимски препарати покажале највисока продукција на етел алкохол. Додека пак, испитуваните ензимски препарати не покажале некој позабележителн ефект врз продукцијата на вкупните киселини, кога се во прашање повисоки дози на препаратот, ниту пак во поглед на промената на pH кај различните дози на ензимските препарати.

Во потпоглавјето *Резултати од микробиолошките испитувања на вината* се имало за цел да се испита каков е микробиолошкиот состав по завршувањето на алкохолната ферментација кај употребуваните ензимски препарати, споредено со контролната варијанта. Резултатите од микробиолошките анализи покажале дека во сите добиени вина, со употреба на ензимски препарати,,, нема штетни микроорганизми. Во испитуваните вината се најдени квасци од видот Saccharomyces cerevisiae во помали количества (од 100 до 2.000 на ml.). Присутните квасци според авторот, не се опасни и штетни и е нормално да ги има.

Во поглавјето „*Заклучоци*,, , авторот ги изнесува заклучоците од добиените резултати во својата докторска дисертација. На крајот авторот завршува со заклучокот дека применетите пектинолитички ензими, добиени од чисти култури микроорганизми, покажуваат позитивни ефекти врз сите испитувани параметри, што збирно ќе дадат вина со подобар квалитет, кои ќе бидат произведени на поекономичен начин.

Во поглавјето: „*Литература*,, , се наведени 200 извори на користена литература од домашни и странски автори.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов **„Проучување на можности за ефикасно користење на пектинолитички ензими произведени со чисти култури микроорганизми во бистрење на вината“**, пријавена и изработена од м-р Киро Мојсов, асистент на Технолошко - техничкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, според својата форма, содржина, дефинирани цели, поставеноста на експериментите, методологијата на истражувањето, добиените резултати, нивното коментирање и донесувањето на заклучоци, претставува самостоен и оригиналет научен труд и ги исполнува сите предвидени критериуми за докторска дисертација. Оваа дисертација преставува прв научен обид за да се даде придонес во изнаоѓањето на можности за побрзо финализирање на вината, а со тоа и поекономично работење на винарските визби во Република Македонија. Во таа смисла, трудот претставува значаен придонес од областа на микробиологијата и винарството. Имајќи го сево ова предвид, Комисијата позитивно ја оцени докторската дисертација и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје да ја прифати и да го повика кандидатот на јавна одбарана.

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Југослав Зибероски, с.р., редовен професор на ФЗНХ

2 Д-р Звонимир Божиновиќ, с.р., редовен професор на ФЗНХ

3.Д-р Владимир Какуринов, с.р., вонреден професор на ФЗНХ

4.Д-р Михаил Петков, с.р., редовен професор на ФЗНХ

5. Д-р Елизабета Ангелова, с.р., вонреден професор на ФЗНХ

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО *НАУЧЕН СОВЕТНИК* ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ" ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 21. 10. 2010 година, избра Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Зекирја Незири, проф. д-р Севим Пиличкова и проф. д-р Клеанти Аповска, за избор на научен советник за работното место истражувач на албанскиот фолклор и етнологија во Р. Македонија.

На конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија" од 27. 9. 2010 година се пријави единствениот кандидат, проф. д-р Изаим Муртезани, вработен како виш научен соработник - истражувач на албанскиот фолклор и етнологија во Р. Македонија, при истиот Институт. Заблагодарувајќи се за довербата, чест ни е да го презентираме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Кратки биографски податоци

Кандидатот д-р Изаим Муртезани е роден на 3. 4. 1965 година во с. Копаница - Скопско. Основното образование го завршил во родното место, а другите степени на образование (средно и високо) во Скопје. Во 1988 година дипломирал на Филолошкиот факултет - група за албански јазик и книжевност. Постдипломските студии успешно ги завршил на истоимениот Факултет на 16. 3. 1988 година со одбрана на магистерскиот труд со наслов *Турцизмите во јазикот на албанската и македонската народна поезија*. На 1. 7. 2003 година успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов *Митските елементи во албанскиот и македонскиот јуначки епос и балада* и се здобил со звањето доктор на филолошки науки. По дипломирањето, најпрвин работел како наставник по албански јазик и книжевност во ЦОУ „Марко Цепенков" - Ст. Зелениково. Од 15. 02. 1995 година се вработил како

помлад асистент – Истражувач на албанскиот фолклор и етнологија во Р. Македонија, на кое работно место работи и ден – денес.

Кандидатот д-р Изаим Муртезани, од неговото вработување во горенаведениот Институт, интензивно се занимавал со научна дејност при што објавил многубројни научни трудови, како и шест научни монографии. Исто така учествувал во многу научни проекти и научни симпозиуми. Тој, како плод на покажаните резултати во полето на науката, бил ангажиран хонорарно во својство на професор - предавач на неколку предмети во рамките на некои високообразовни институции во земјата.

## 2. Научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Изаим Муртезани, од неговиот последен избор во звањето виш научен соработник (2008) до денес, објавил многубројни научни трудови од подрачјето на фолклористиката и етнологијата. Тој, освен објавените трудови, постигнал и своевидни резултати и преку учество на научни конференции, симпозиуми и различни научни проекти.

Во контекст на објавените научни трудови, особено вреди да се спомнат трите научни монографии од полето на фолклористиката и етнологијата кои се напишани во изборниот временски период. Научните монографии, односно книгите со наслов *Rite dhe praktika magjike të ciklit jetësor* (Обредни и магиски дејствија од животниот циклус), објавена во 2008 година, *Семиологија на митскиот простор (според примери од албанскиот и јужнословенскиот јуначки епос)*, објавена во 2010 година, како и *Festa e Shëngjergjit te shqiptarët e Maqedonisë,* (Празникот Ѓурѓовден кај Албанците во Македонија) објавена во 2010 година, претставуваат солидна и квалитетна научна литература во функција на продлабочување на знаењата од областа на фолклористиката и етнологијата.

Од редот на објавените научни трудови треба да се издвои и трудот, односно делот од научната монографија со наслов *Egzil i brendshëm. Barcoleta si lloj i krijimtarisë popullore* (Внатрешен егзил. Вицот како жанр на народното творештво), со кој видно се збогатува литературата посветена на кратките жанрови, која мора да се признае дека е дефицитарна во рамките на албанската народна книжевност.

Кандидатот д-р Изаим Муртезани, во функција на поткрепување на своите знаења, користи обилен теренски материјал со што уште повеќе придонесува кон тоа неговите објавени публикации да бидат автентични, но истовремено и занимливи поради користење на разновидни теориски поставки од познати светски фолклористи и етнолози.

### 3. Краток опис на научната дејност

Основниот столб на научната дејност во изборниот период на кандидатот д-р Изаим Муртезани го сочинуваат трите гореспомнати научни монографии. Во првата монографија со наслов *Rite dhe praktika magjike të ciklit jetësor* (Обредни и магиски дејствија од животниот циклус), објавена во 2008 година, се третираат проблеми поврзани со трите главни ритуални настани од биолошкиот циклус на поединецот, како што се раѓањето, свадбата и смртта. Низ призмата на многубројниот емпириски материјал – експлориран на подрачјето на Скопски Дервен, како и врз основа на теориските достигнувања поврзани со овие ритуални настани, авторот на мошне успешен начин проникнал во тајната на оваа научна материја. Тој, преку податоците што ги приложува и ги обработува, придонесува кон збогатување на литературата поврзана со овој дел на етнологијата. Во книгата се приложени многубројни обреди и обичаи кои се мошне архаични и занимливи за истражување. Некои од овие обичаи и обреди се разгледуваат и во балкански контекст, но и поопширно. Исто така, тие се споредуваат и со грчката и римската митологија, како и со пишаната грчка книжевност, особено делото „Илијада" од Хомер.

Сите активности на овие најбитни настани од животот на човекот се поврзани со обредите на премин со кои се означува промена на состојбата на поединецот, бидејќи се напушта претходниот социјален статус и се здобива со нов социјален статус. Во оваа смисла, авторот се користи со теоријата на обредите на премин која била разработена од етнологот Арнолд Ван Генеп. Оваа теорија подоцна била дополнета и од други автори, како Теренер, Мајерхоф и др. Кандидатот д-р Изаим Муртезани оперира мошне успешно со сите овие теории и покажува дека знае да ги стави во функција на развивање на тезите и проблемите кои ги поставува пред себе.

Во книгата со наслов *Семиологија на митскиот простор (според примери од албанскиот и јужнословенскиот јуначки епос)*, објавена во 2010 година, авторот д-р Изаим Муртезани нè упатува во една друга проблематика која е многу комплексна и обемна во однос на содржината која ја крие во себе. Истражувањето кое произлегува од книгата се засновува врз семиолошкиот приод кој, меѓу другото, оперира со спротивставени одредници, како живот: смрт, машко: женско, горе: долу, десно: лево, сонце: месечина, итн. Авторот, врз основа на приложените топоси со митска оптовареност кои произлегуваат од просторот на јуначкиот епос и балади, нуди многубројни примери и толкувања кои се потпираат врз теории од различни автори, како Мелетински, Строс, Елијаде, Проп и други.

Специфичноста на овој труд се состои во тоа што материјалот е обработен врз споредбена основа и во него се изнесени многу паралелни

мотиви кои понекогаш се продукт на стереотипите кои владеат во однос на перцепирање на „другиот", односно на тој кој е различен од нас. Инаку, просторот во рамките на овие творби се перципира преку основната бинарна опозиција: *свое* – *туѓо*. Под одредницата *свое* се подразбира просторот во кој се движи јунакот и во кој се чувствува сигурен од безбедносна гледна точка, а под одредницата *туѓо* се подразбира просторот кој не е совладен од страна на јунакот. Овие два света се вкрстуваат меѓу себе со тоа што настанува конфликтот меѓу јунакот и антијунакот.

Авторот, врз основа на добра разработена научна методологија, успеал многу умешно да изнесе на виделина многу детали од сферата на народната митологија која произлегува од содржината на јуначкиот епос како специфичен жанр на народното творештво. При објаснување на научните проблеми, тој се користи и со искуствата на другите сродни дисциплини и така создава своевиден мултидисциплинарен пристап кој е многу погоден за ваков вид истражувања.

Во третата книга со наслов *Festa e Shëngjergjit te shqiptarët e Maqedonisë* (Празникот Ѓурѓовден кај Албанците во Македонија), објавена во 2010 година, се третираат проблеми кои се однесуваат на горенаведениот пагански празник. Авторот на книгата, најпрвин од дескриптивна гледна точка, приложува многубројни обреди и обичаи поврзани со сточарството и земјоделството како примарни економски гранки за опстанокот на древниот човек. Исто така се приложени и низа обреди и обичаи поврзани со здравјето на семејството. Потоа врз основа на изнесениот емпириски материјал, авторот се обидува, низ призмата на семантичката анализа преку разглобување на категориите на времето, просторот, ритуализираните субјекти и ритуализираните објекти, да навлезе длабоко во проблематиката на оваа материја. Особено е занимливо поглавјето во кое се третираат некои обреди од аспект на нивната историска генеза. Во овој однос, особено мошне успешно се третира обредот на симулирање на свадба во с. Речан – Гостиварско при што авторот врз основа и на друга литература од овој домен, заклучува дека овој обред е многу архаичен и е поврзан со „светата свадба" која се изведувала по повод празниците кои означуваат премин од еден во друг временски период, како што е празникот Ѓурѓовден. И оваа книга се издвојува со примена на соодветна научна методологија која се поткрепува со низа теории кои се однесуваат на традиционалните празници. Во овој домен, особено се разликуваат делата на Мирча Елијаде, Едмунд Лич и ред други автори кои се занимаваат со конструкција и деконструкција на архаичната народна мисла.

Од редот на објавените трудови или, подобро кажано, дел од монографијата, вреди да се спомне студијата со наслов *Egzil i brendshëm. Barcoleta si lloj i krijimtarisë popullore* (Внатрешен егзил.

ефективно и рационално. Со еден збор, кандидатот ги има совладано „тајните" на науката која е поврзана со фолклористиката и етнологијата и затоа од него се очекуваат уште поголеми резултати во иднина.

Имајќи го предвид сето речено, Рецензентската комисија е на мислење дека кандидатот д-р Изаим Муртезани ги исполнува во целост предвидените критериуми за избор во повисоко звање и затоа на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" му предлага да го избере во звањето научен советник за работното место истражувач на албанскиот фолклор и етнологија во Р. Македонија.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Зекирја Незири, редовен професор, с. р.

Проф. д-р Севим Пиличкова, научен советник, с. р.

Проф. д-р Клеанти Ановска, научен советник, с. р.

# ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на
**магистерски труд** на

**ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје**

**Студиска програма**
**Културолошки студии во книжевноста**

| Ред. Бр. | Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1. | Мери Батакоја | „Културолошките процеси во третирањето на јавниот простор во Скопје по 1991 година"<br><br>„Culturological processes in the treatment of the public space in Skopje after 1991" | Проф. д-р Александар Прокопиев |
| 2. | Марта Маркоска | „Дијалектичка расправа за Зен будизмот (Религиско-филозофски трансцеденции во Источната и Западната мисла"<br><br>„Zen Buddhism: a Dialectical study (Religious and philosophical transcendence in Eastern and Western Thought)" | Проф. д-р Наташа Аврамовска |
| 3. | Ана Глигорова | „Идентитетите на подвижните слики"<br><br>Identity of motion pictures | Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева |
| 4. | Нина Стефанова | „Аспектите на родот во драмскиот дискурс на Харолд Пинтер"<br><br>Aspects of Gender in Harold Pinter`s Dramatic Discourse | Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева |
| 5. | Атила Клинче | „Сликата на Ориентот во делата на Орхан Памук"<br>Image of the Orient in the Orhan Pamuk works | Проф. д-р Мишел Павловски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Дафинка Балабанова -Алексова | „Возобновување на традиционалните занаети во функција на заштитата на нематеријалното културно наследство“<br><br>Restoration of Traditional Handcrafts in Function of Protection of Intangible Cultural Heritage | Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева |

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ХИГИЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08, 103/08 и бр. 26/09) и членовите 42-46 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ во Скопје со Анекс 1 и Анекс 2 од овој Правилник, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на својата VII редовна седница одржана на 18.11.2010 година, а во согласност со конкурсот од 19.10.2010 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) асистент по предметот хигиена во состав:

1. проф. д-р Драган Ѓорѓев;
2. проф. д-р Михаил Кочубовски;
3. проф. д-р Фимка Тозија.

Рецензентската комисија, откако ја проучи доставената документација, има чест на Наставно-научниот совет да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор на 1 (еден) асистент по предметот хигиена на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", со комплетни документи се пријави кандидатот:

1. помл. ас. д-р Игор Спироски.

**а) Биографски податоци**

Помл. ас. д-р Игор Спироски е роден на 24.10.1977 година во Прилеп, каде што завршил основно образование и природно-математичка гимназија. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје во 2003 година. Државниот испит го положил во 2005 година. Во истата година се запишал на постдипломски студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет во Скопје. Во јануари 2010 година успешно го одбранил својот магистерски труд со наслов „Карактеристики на нутритивниот статус на ромска популација на деца на училишна возраст во Република Македонија" и се стекнал со звањето магистер на науки од областа на јавното здравство. Од мај 2005 година е вработен во Институтот за јавно здравје на Република Македонија, а од септември 2006 година има статус на истражувач во Секторот за здравствена екологија, Одделение за физиологија и мониторинг на исхрана. Од јуни 2008 година има започнато специјализација по хигиена на Медицинскиот факултет во Скопје. Член е на Лекарската комора на Македонија и на Македонското лекарско друштво. Зборува англиски и француски јазик. Успешно се користи со поголем број апликативни компјутерски програми од интерес. На 22.5.2008 година е избран за помлад асистент по предметот хигиена.

**б) Стручна активност**

Преку работата во Одделението за физиологија и мониторинг на исхрана при ИЈЗ на РМ, д-р Спироски учествува во најголем број од програмските активности на Одделението, поврзани со исполнување на зацртаните превентивни програми, промотивно-превентивни акции, консултации со пациенти, а кои во најголем дел имаат за цел проценка на здравствениот ризик како кај ранливите групи така и кај општата популација. Од приложената биографија се гледа дека учествувал на домашни и меѓународни конгреси и семинари од областа на превентивната медицина и јавното здравство. Својата едукација ја има надградувано на поголем број курсеви за обука и работилници во земјата и во странство. Во 2008 година завршил 7-месечна едукација по јавно здравство на Универзитетот Џорџтаун во Вашингтон, финансирана од Владата на САД преку УСАИД. Како истражувач е вклучен во неколку домашни и меѓународни проекти финансирани од агенциите на Обединетите нации и од Европската комисија.

Кандидатот остварил научна дејност преку трудови во чие пишување учествувал како автор или коавтор, а кои ги приложи за рецензија како дел од придружната документација за својата кандидатура.

## ТРУДОВИ ЗА РЕЦЕНЗИЈА

Трудовите со редни броеви од 1 до 7 се објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 938 од 14 март 2008 година.

8. Мишевска П, Димитровска З, Андреевски В, Ефремова-Стефановска В, Старделова К, Спироски И. **ИСХРАНА И НУТРИТИВЕН СТАТУС КАЈ БОЛНИ ПРЕТХОДНО ДИЈАГНОСТИЦИРАНИ СО КРОНОВА БОЛЕСТ.** *Зборник на трудови на 8. Македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество.* 2008:11.

Истражувањето направено кај болни со Кронова болест имаше за цел да го испита нутритивниот статус кај нив користејќи диететски, биохемиски и антропометриски методи на испитување. Во студијата беа вклучени 39 болни испитаници и 69 испитаници како контролна група. Резултатите на истражувањето покажаа дека нутритивниот статус кај заболените од Кронова болест е значително намален во однос на тој кај контролната група и тоа со голема статистичка значајност. Тоа најмногу се должи на намалениот внес на масти. Индексот на телесна маса беше, исто така, значително понизок кај заболените. Во однос на биохемиските и диететските испитувања, кај заболените е најден значително повисок процент на анемија, а тие имаат и небалансиран дневен внес на макро и микронутриенси заради зголемениот внес на храна која има смирувачко дејство на нивните тегоби, а нема нутритивна вредност.

9. Кендровски В, Ѓорѓев Д, Димитровска З, Кишман-Христовска М, Спироски И. **СЛЕДЕЊЕ НА РАСТОТ И ПРОЦЕНКА НА НУТРИТИВНИОТ СТАТУС НА ДЕТСКАТА ПОПУЛАЦИЈА ДО ПЕТГОДИШНА ВОЗРАСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.** *Physioacta* Vol.2-No.2. 2008: 141-147.

Ова истражување имаше за цел да воспостави единствена методологија во процедурата за следење на растот и проценката на нутритивниот статус кај децата според новите, глобални стандарди на Светската здравствена организација. Испитани беа 684 деца на возраст 48-60 месеци и нивните антропометриски параметри беа проценети со новите стандарди и индекси на СЗО. Утврдено е дека 10% од децата се со проценета состојба на здебеленост, а 4% се дебели. Немаше голема разлика во однос на половата дистрибуција на испитаните деца. Стандардите за проценка на растот на деца под 5 години кои ги промовира СЗО даваат добра можност за проценка на степените на зголемена телесна тежина и здебеленост, како и за малнутриција кај децата.

10. Dimitrovska Z, Spiroski I, Mustafa B, Shaqiri E, Kendrovski V. **GROWTH AND NUTRITION STATUS OF CHILDREN FROM DIFFERENT ETHNIC GROUPS IN MACEDONIA.** *Abstract book of the 3rd International Congress on Food and Nutrition.* 2009: 161-162.

Оваа студија беше дизајнирана како епидемиолошко истражување кое ја искористи антропометријата како универзален и евтин метод на проценка на растот и нутритивниот статус на деца од различно етничко потекло и на иста возраст во Република Македонија. 181 дете од македонска, ромска и турска етничка припадност кои учат во прво и петто одделение беа измерени за нивната висина и тежина. Споредбите беа правени со користење на индексите висина-за-возраст и БМИ-за-возраст, препорачани од СЗО во 2007 година. Не беа утврдени значајни отстапувања на растот кај децата од трите етнички заедници. Најголем процент на здебелени деца беше забележан кај Македонците, како во прво така и во петто одделение. Најнизок процент, пак, на такви деца имаше кај Турците, како во прво така и во петто одделение. Ова истражување провоцира понатамошни споредби на децата од иста возраст, но од различна етничка припадност во Република Македонија.

11. Kendrovski V, Pollozhani A, Kisman-Hristovska M, Spasenovska M, Kocubovski M, Gjorgjev D, Aleksoski B, Dimitrovska Z, Spiroski I, Mustafa Z. **CLIMATE CHANGE AND HEALTH IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA: IMPACTS, VULNERABILITY AND ADOPTION.** *Archives of Public Health* 2009;1(1):53-60.

Денес е широко прифатено дека појавата на климатските промени е резултат на акумулацијата на стакленички гасови во атмосферата која се зголемува со горењето на фосилните горива. Климатските ефекти на глобално ниво напредуваат, а во исто време се детектираат здравствените ефекти во многу земји, вклучително и во Република Македонија. Главните здравствени влијанија ќе бидат поради изложеноста на топлина, екстремните временски појави, аерозагадувањето, редукцијата на локалното производство на храна, заразните заболувања кои се пренесуваат преку вектори и храна, како и поради нарушувањето на водите. Стратегиите за адаптација треба да создадат корист и за индивидуалното и за јавното здравје, преку намалувањето на изложеноста на штетности што се поврзани со климата, како и со поттикнувањето на правилно здравствено однесување и животни стилови.

12. Димитровска З, Спироски И, Положани А, Исјановска Р, Кендровски В. **ПРЕВАЛЕНЦА НА ЗГОЛЕМЕНА ТЕЛЕСНА ТЕЖИНА И ЗДЕБЕЛЕНОСТ КАКО ДЕТЕРМИНАНТИ НА ФАКТОР НА РИЗИК КАЈ ДЕЦА И АДОЛЕСЦЕНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.** *Архиви на јавно здравје* 2009;1(1):113-122.

Ова истражување имаше за цел да ја прикаже преваленцата и степените на здебеленост кај децата и адолесцентите во Република Македонија. Во регионите на Битола, Велес, Кочани, Охрид, Скопје, Струмица, Прилеп, Тетово-Гостивар и Штип, 6806 учесници во истражувањето беа измерени за нивните антропометриски карактеристики. Во однос на добиените резултати, најголем процент на здебеленост е утврдена кај децата од предучилишна возраст и во прво одделение во однос на децата од прва година средно образование. Резултатите покажуваат дека нарушувањата на нутритивниот статус (како потхранетост така и здебеленост) имаат корени во раната детска возраст. Затоа е многу значајно превенцијата да се прави во раното детство со правилно насочување на навиките за исхрана, стилот на живеење и промоција на физичката активност.

13. Спироски И, Димитровска З, Ѓорѓев Д, Микиќ В, Кендровски В, Ефремова-Стефановска В. **АНТРОПОМЕТРИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОПУЛАЦИЈА НА ДЕЦА РОМИ КОИ УЧАТ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.** *Архиви на јавно здравје* 2009;1(1):123-133.

Главна цел на овој труд беше да се утврди нутритивниот статус на популација на деца Роми кои посетуваат основно училиште во Република Македонија со цел рано откривање на прекурсорите на можни здравствени ризици. Истражувањето беше дизајнирано како компаративно епидемиолошко истражување во кое се користеше ретроспективен метод на иследување (студија на случај-контрола). Популационата група се состоеше од 229 деца Роми, а контролната од 283 деца кои се на иста возраст, а се од различни етнички заедници во однос на децата од популационата група. Резултатите на студијата покажаа дека ризиците по здравјето на популацијата на деца Роми, во споредба со контролната група, се поврзани со пониски вредности на антропометриските индекси кај нив, односно со потхранетост. Децата Роми имаат помал здравствен ризик во однос на контролната група на деца кога се во прашање степените на зголемена телесна тежина и здебеленост, односно значајно помал број на деца Роми се со зголемена тежина и здебеленост. Социјалните детерминанти на животот на ромската заедница кои би се испитале во некои наредни иетражувања би дале дополнителни информации во однос на проблемот на неухранетост или здебеленост кај оваа популација.

14. Ristovska G, Kendrovski V, Pollozhani A, Spiroski I, Karamandi-Lazarevska V. **NATIONAL TOTAL DIET STUDY FOR CHEMICAL CONTAMINANTS IN MACEDONIA. DESIGN AND PRELIMINARY RESULTS.** *European Journal of Public Health,* Vol. 19, Supplement 1, 2009:149.

Целта на спроведувањето на Total Diet студијата во Република Македонија беше да се соберат, анализираат и дисеминираат податоците за хемиската контаминација на храната и исхраната за специфични популациони групи. Од 5 региони кои ја покриваат цела држава, два пати годишно, земани се примероци на производи кои се

продаваат на пазарите. Примероци се земани и од целодневни оброци во домови за средношколци во државата. Примероците се тестирани во акредитираните лаборатории на Институтот за јавно здравје на Република Македонија за присуство на органохлорни и органофосфорни пестициди и резидуи на тешки метали. Студијата е сѐ уште во тек, се наоѓа во втора фаза и до нејзиниот завршеток треба да даде слика за присуство на контаминенти и нивен дневен внес со исхраната, како и да даде препораки за исхрана на цела популација како и за ранливи групи.

15. Ristovska G, Gjorgjev D, Spiroski I, Kendrovski V. **ENVIRONMENTAL NOISE INDICATORS IN URBAN SETTINGS: CROSS-SECTIONAL STUDY IN SKOPJE IN 2006.** *European Journal of Public Health,* Vol. 19, Supplement 1, 2009:212-213.

Целта на студијата беше да ги определи индикаторите на експозиција на бучава во Скопје и да ги оцени индикаторите на ефекти од бучавата, нарушувањето на спиење и вознемиреноста кај возрасната популација. Бучавата беше мерена на 35 мерни места во Скопје, со користење на стандардни процедури, а беа направени и интервјуа со кои субјектите правеа лична оцена на вознемираноста и нарушувањето на спиењето. Резултатите покажаа дека нивото на вознемиреност и нарушување на спиењето кај популацијата е слично како во земјите во развој. Граничните вредности за превенција на штетни здравствени ефекти би требало да бидат земени предвид при просторното планирање во урбаните центри и да се имплементираат во јавноздравствените политики.

16. Положани А, Димитровска З, Кендровски В, Спироски И. **НУТРИТИВНА АНТРОПОМЕТРИЈА. МЕРЕЊА, ИНДИКАТОРИ, ИНДЕКСИ, НУТРИТИВЕН СТАТУС.** Трето дополнето и проширено издание. Скопје: Институт за јавно здравје; 2009.

Третото проширено и дополнето издание на публикацијата има за цел да ги прикаже основните антропометриски мерења и пресметки што на студентите по медицина, специјалистите и здравствените работници од разни профили ќе им послужат за определување на нутритивниот статус кај разни категории лица од нашата популација. Публикацијата е наменета и за наставниот кадар во предучилишни и училишни установи кои, покрај другото, секојдневно го следат растот и развојот на децата. Во публикацијата се поместени табели и методологија на пресметка на антропометриските параметри и индекси приспособени со новите стандарди на СЗО за раст и развој на деца од 0 до 5, како и референтните податоци за раст на деца од 5 до 19 години. Важноста на податоците за нутритивен статус на популациите од интерес, кои се најчесто референца за креирање на политики во однос на нутритивниот статус, ја прави оваа публикација вредно четиво за научната литература поврзана со оваа проблематика во Република Македонија.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на приложената документација и увидот во досегашните активности на кандидатот, Комисијата оценува дека тој ги исполнува условите пропишани со конкурсот и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет да го избере помл. ас. д-р Игор Спироски за асистент по предметот хигиена на Медицинскиот факултет во Скопје.

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Драган Ѓорѓев, с.р.
2. Проф. д-р Михаил Кочубовски, с.р.
3. Проф. д-р Фимка Тозија, с.р.

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Со одлука на Наставно-научниот совет при Филозофскиот факултет во Скопје, број 04-2092/10 од 18.11.2010 година, донесена на XII редовна седница одржана на ден 17.11.2010 година формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ристо Петров, доц. д-р Наташа Чичевска-Јованова и доц. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ, за избор на ***асистенти*** по научните области: методика, ортопедагогија и заштита и помош на хендикепирани лица.

Рецензентската комисија по сеопфатното проучување и анализа на пријавата на кандидатот по конкурсот, на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во весникот „Дневник" од 2.11.2010 година, за избор на асистент по научните области: методика, ортопедагогија и заштита и помош на хендикепирани лица, се пријави само еден кандидат:

- ***м-р Наташа Станојковска-Трајковска***

По разгледувањето на пријавата на кандидатката, Комисијата го констатира следново:

*М-р Наташа Станојковска-Трајковска* е родена на 31.8.1979 година во Куманово. Државјанин е на Република Македонија.

По завршувањето на средното образование во Куманово, во 2003 година дипломирала на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје со просечен успех 8,14. Веднаш по дипломирањето се вклучува во проектот „Едукативни и социјални активности со деца од Специјалниот завод во Демир Капија, насочени кон деинституционализација".

Кон крајот на 2003 година се запишала на постдипломски студии на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Во учебната 2003/2004 година е ангажирана како демонстратор на Институтот за дефектологија и е ангажирана на предметите: методика на воспитно-образовна работа со деца со тешка и комбинирана хендикепираност и професионална ориентација и оспособување на лица со хендикеп, а во декември 2005 година е избрана во звањето помлад асистент за научните области: образование и рехабилитација, методика и заштита и помош на хендикепирани лица и ангажирана е на предметите: домска воспитно-образовна работа, методика на лица со тешка и комбинирана попреченост, професионална ориентација и оспособување (за студентите од

Институтот за дефектологија) и заштита и рехабилитација на лица со попреченост (за студентите од институтите за социјална работа и социјална политика и социологија).

На 20.10.2010 година го одбрани магистерскиот труд со наслов *Деца со посебни образовни потреби сместени во згрижувачки семејства во Република Македонија.*

Во изминатите години учествувала на неколку семинари, помеѓу кои:

- „Со читање и пишување до критичко мислење", во рамките на проектот "Креативна настава и учење", во организација на USAID и ФИООМ
- „Стандардите за оценување и нивните импликации во иницијалната подготовка на наставниците во Република Македонија", во организација на USAID и ФИООМ;
- „ИКТ во наставата", во организација на ФИООМ и Филозофски факултет;
- „Стареење на лицата со интелектуална попреченост", во организација на Институтот за дефектологија и IASSID, Академија за едукација, учење и истражување.

Во 2007 година беше на студиски престој во Италија, на Универзитетот La Sapienca во Рим, на Факултетот за психологија.

Во февруари 2008 година земала учество на меѓународната конференција „Емпириски истражувања во психологијата 2008", организирана од страна на Филозофскиот факултет во Белград, со излагање на тема *Жени-зависници од алкохолизам и нивниот страв од хетеросексуални односи, семејство, пријатели, работа* (Софија Арнаудова, Алма Тасевска, ***Наташа Станојковска-Трајковска***).

Во октомври истата година настапила на меѓународната конференција *Улогата на дефектологот во институционалниот и вонинститу-ционалниот третман на децата со посебни образовни потреби,* организирана во Скопје од страна на Институтот за дефектологија, со излагање на тема *Новини во професионалната ориентација, оспособување и вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија* (***Наташа Станојковска Трајковска***, Ристо Петров).

Во мај 2010 година во Битола учествувала на меѓународната конференција *60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија,* со излагање на тема *Состојбата со дефектолозите кои дипломираа, магисрираа и докторираа на Институтот за дефектологија* (Ристо Петров, Нергис Рамо-Акѓун, ***Наташа Станојковска-Трајковска***).

Во октомври 2010 година настапила и на меѓународната конференција во Сомбор: *Згрижувачките семејства како форма на вонинституционална заштита на деца со посебни потреби во Република*

*Македонија* (***Наташа Станојковска-Трајковска***, Ристо Петров, Милена Миличевиќ), а во ноември и на меѓународната конференција во Тузла, со излагање на тема *Образовната работа во домовите и интернатите за деца со посебни образовни потреби во Република Македонија* (Петров Р., Ѓурчиновска Л., ***Станојковска-Трајковска Н.***, Рамо Н.)

Коавтор е на два учебника:

- Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност (Петров Р., Ѓурчиновска Л., ***Станојковска-Трајковска Н.***,) Филозофски факултет-Институт за дефектологија, Скопје, 2008;
- Домска воспитно-образовна работа (Петров Р., Ѓурчиновска П.Л., ***Станојковска-Трајковска Н.***, Рамо Н.) Филозофски факултет-Институт за дефектологија, Скопје, 2009.

Член е на Сојузот на дефектолози на Македонија и на Македонското научно здружение за аутизам.

Се служи со англискиот јазик.

Рецензентската комисија, по сеопфатното проучување и анализата на пријавата на кандидатката, укажува дека Наташа Станојковска-Трајковска во целост ги исполнува условите за асистент по научните области: методика, ортопедагогија и заштита и помош на хендикепирани лица, и притоа го донесува следниов

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи ги предвид изнесените податоци, согледувања и оцени за вкупната дејност на пријавената кандидатка, и посебно:

- работното искуство со студенти
- успехот во извршувањето на поставените задачи;
- завршените постдипломски студии и постигнатиот успех,

Комисијата едногласно заклучи на Наставно-научниот совет да му предложи:

За ***асистент*** по научните области: методика, ортопедагогија и заштита и помош на хендикепирани лица да биде избрана кандидатката м-р ***Наташа Станојковска-Трајковска.***

Скопје,
6.12.2010 година

Членови на Комисијата

Проф. д-р Ристо Петров, с.р.
Доц. д-р Наташа Чичевска-Јованова, с.р.
Доц. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XXIII седница одржана на 1.XII 2010 година, формира Рецензентска комисија во состав: д-р Драги Димитриевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Ненад Георгиев, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и д-р Миле Пешевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовните, научно-стручните и другите достигнувања на кандидатката која се пријави за избор на соработник во звањето доцент од научната област економика на земјоделството и развој.

Комисијата, по прегледот на поднесените документи во врска со распишаниот конкурс на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 3.XI 2010, констатира дека за избор на соработник во звањето доцент од научната област економика на земјоделството и развој се пријавила само кандидатката м-р Ана Котевска, досегашен асистент на група предмети на Институтот за агроекономика при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Комисијата ја разгледа добиената документација од кандидатката и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Ана Котевска, со моминско презиме Христовска, е родена на 12.XII 1977 во Скопје, каде што го има завршено основното и средното образование.

На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1996/97 година, на сточарската насока, којшто го завршила во јули 2002 година со успех 8,16.

Во периодот од мај 2002 до јануари 2003 работела во ПИЛКО - Кланица за живина, како референт за одгледување живина, а од март 2003 година е ангажирана како стручен соработник на група предмети на Катедрата за економика и организација во земјоделството.

На постдипломски студии на Земјоделскиот факултет во Скопје, на групата агроекономика, се запишала во февруари 2003 година. Предвидените испити од потдипломските студии ги положила со среден успех 9,38, а магистерскиот труд со наслов „Модел на парцијална рамнотежа на пазарот на свинско месо во Република Македонија" го одбранила на 21. XII 2005 година.

Како дел од соработката која што Институтот за агроекономика ја има со странски унивезитети, д-р Ана Котевска има остварено два студиски престоја:

1. на Универзитетот „Хохенхајм" во Германија (октомври 2003 - март 2004), каде што слушала и положила пет модули кои се нудат на постдипломските студии на Факултетот во договор со Катедрата за економика и организација при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје; и

2. на Катедрата за аграрна економија, политика и право при Биотехничкиот факултет во Љубљана (јуни 2004 и јули 2005 година), каде што се запознала со модели за секторска анализа во земјоделството.

Како продолжение на истражувањата од областа на агроекономиката пријавила докторска дисертација „Модел на парцијална рамнотежа за екс-анте анализа на пазарите на одделни земјоделски пазари во Република Македонија" на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, а Наставно-научниот совет ја одобрил за изработка на 14.V 2007 година. Со одбраната на докторската дисертација, на 14.X 2010 година, се стекнала со правото да биде промовирана во доктор на земјоделски науки.

Во изминатиов период, кандидатката има учествувано на повеќе работилници, семинари, обуки и советувања од областа на економиката на земјоделството, и тоа:

1. на работилницата „Градење капацитети за формулирање на македонската земјоделска политика и економска анализа поврзани со земјоделскиот сектор, со акцент на трговијата, маркетингот, производството и преработката", одржана во Охрид (11 - 14 јуни 2003), во организација на Земјоделскиот факултет и Универзитетот од Упсала, а во рамките на проект финансиран од Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА);

2. на работилницата „Унапредување на земјоделските статистики", одржана во Скопје (22 – 23 март 2004), организирана од Државниот завод за статистика на Р. Македонија и Шведската статистика;

3. на работилницата „Рурален развој и регионална социо-економска анализа и анализа на половата еднаквост" (24 - 28 мај 2004) во организација на ФАО и ГТЗ - проект: Модернизација на македонскиот земјоделско-прехранбен сектор и негово приближување кон ЕУ;

4. основен и напреден курс за GAMS (Generalized Algebraic Modeling System) „Моделирање и оптимизација со GAMS" во Weisenheim am Berg во Германија, 23-27 ноември 2009.

Исто така, таа има остварено една студиска посета и има посетувано редица работилници за надградување на наставно-образовните вештини и способности:

5. посета на Универзитетот во Упсала (19-26 ноември 2006), каде што се запознала со содржината, структурата и организација на курсевите, користената литература и методите на предавања и оценувања;

6. работилница за пишување на студии на случај (10-12 април 2006);

7. работилница за подобрување на способностите за предавање и учење (21 септември 2010);

8. работилница за академско пишување (15-20 јуни 2009).

Таа активно го користи англискиот јазик, а се служи и со германскиот јазик. Ја користи компјутерската техника и владее со

оперативниот систем MS Windows и со други програмски пакети (SPSS, GAMS) кои ги користи за потребите на агроекономските истражувања.

## 2. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Во текот на 2003 и 2004 била договорно ангажирана како стручен соработник на Катедрата за економика и организација во земјоделството при Факултетот за земјоделски науки и храна. Во декември 2004 година е избрана во звањето помлад асистент на група предмети на Катедрата за економика и организација во земјоделството, а од 1.XII 2005 година е во редовен работен однос на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, како помлад асистент. Во септември 2006 година е избрана во звањето асистент по предметот менаџмент во сточарското производство.

Во овој период кандидатката учествувала во подготовката на една интерна скрипта за предавања и успешно помага во изведувањето на вежбите, консултациите и колоквиумите на група предмети на Институтот за агроекономика:

– развој на хумани ресурси со студентите од I година на сите насоки,

– агроменаџмент, математичко-статистички методи (дел од предметот) и модели и анализи во земјоделството со студентите од II година од агроекономската насока,

– организација на трудот во земјоделството со студентите од III година на агроекономската насока,

– планирање и проектирање во земјоделството и агробизнис менаџмент со студентите од IV година на агроекономскатата насока и

– менаџмент во сточарското производство со студентите од IV година на сточарската насока.

Кандидатката покажува голем интерес кон наставните активности при што користи современи наставни методи и техники, а задачите ги извршува коректно и навремено. Па така, во наставно-образовниот процес, таа вклучува интерактивен пристап, ги насочува студентите при изработката на семинарските работи, и во наставата внесува искуства стекнати во научноистражувачката и апликативна дејност.

## 3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката м-р Ана Котевска е вклучена во научно-истражувачките проекти и апликативни работи на Институтот за агроекономика при Факултетот за земјоделски науки и храна. Во периодот од нејзиниот последен избор, таа била учесник во 4 меѓународни и еден национален научен проект:

1. меѓународен научен проект: „Building capacity for Macedonian Policy Formulation and Economic Analysis Related to the Agricultural Sector" - финансиран од СИДА ( 2004-2010);

2. национален научен проект: „Зголемување на конкурентноста на македонскиот агрокомплекс од аспект на намалување на цената на чинење на земјоделско–прехранбените производи", финансиран од МЗШВ;

3. меѓународен проект: "Agricultural Member State Modelling for the EU and Eastern European Countries" (AGMEMOD 2020), финансиран од Европската Комисија (2006- 2008);

4. меѓународен научен проект: „AgriPolicy – Enlargement Network for Agripolicy Analysis", финансиран од Европската Комисија (2008-2010);

5. меѓународен научен проект: „Balkan Agri-Sector Initiative for Capacity building", финансиран од Европската Комисија во рамките на програмата Темпус (IB_JEP-19027-2004) (2004-2008)

Како надворешен соработник била вклучена во проектот МААСП (Macedonian Agricultural Advisory Support Programme), во чии рамки е изработен Прирачник за евиденција на фарма на индивидуални земјоделски стопанства, од авторите д-р Драги Димитриевски, м-р Александра Мартиновска Стојчевска и м-р Ана Христовска, и има одржано серија на предавања/обуки за водење на сметководствена евиденција на фарма на фармери и советници од Агенцијата за поттикнување на развојот во земјоделството.

Во периодот од изборот во звањето асистент, кандидатката д-р Ана Котевска има изработено или учествувано во шест научни труда и уште четири стручни труда. Со нив, таа е автор или коавтор на вкупно 9 научни и 13 стручни труда.

Научни трудови:

4. Димитриевски Д., **Ана Христовска**, 2005: Улогата на Факултетот за земјоделски науки и храна во трансферот на знаења и технологии за развој на земјоделско – прехранбениот сектор во периодот на приспособување кон ЕУ. XXX средба „Факултет – стопанство". Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, 2005.
5. Аждерски Ј., Ѓошевски Д., Пешевски М., Ѓорѓевски Ѓ., Димитриевски Д., Усалевски В., Георгиев Н., Белковски Н., Мартиновска-Стојчевска, Александра, **Христовска, Ана**, 2005: Можности за зголемување на конкурентноста на земјоделско-прехранбените производи. XXX средба „Факултет – стопанство". Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, 2005.
6. **Ана Христовска**, Д. Димитриевски (2007): Можен ефект од ЕУ-интеграцијата на секторот свињарство во Република Македонија. Зборник на трудови на Третиот симпозиум за сточарство со меѓународно учество, стр. 291-296, 12-14.9. 2007, Охрид, Македонија.
7. Dragi Dimitrievski, **Ana Kotevska** (2008): Challenges faced by the agro-food sector in the Republic of Macedonia as regards its integration with the EU markets. Agriculutre in Western Balkans and EU integration. pg. 47-67. DAES. Ljubljana.
8. **Ana Kotevska**, Dragi Dimitrievski (2010): Modelling agricultural policy and market development. in Agriculture in the process of adjustment to the common agricultural policy, pg 127-137, Skopje: University Ss Cyril and Methodius (UKIM), Faculty of Agricultural Sciences and Food.

9. **Ана Котевска** (2010): Модел на парцијална рамнотежа за екс-анте анализа на пазарот на одделни земјоделски производи во Република Македонија. Докторска дисертација. Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје.

Стручни трудови:

4. Димитриевски Д., Мартиновска Стојческа А., **Христовска А.** (2006): Водење сметководствена евиденција на фарма (забележување на трошоците и приходите на индивидуални земјоделски стопанства). Прирачник за фармери. МААСП. 22
5. Dimitrievski D., **Kotevska A.** (2009): Analysis of renewable energy and its impact on rural development in Republic OF Macedonia. AgriPolicy - Enlargement Network for Agripolicy Analysis.
6. Dragi Dimitrievski, **Ana Kotevska**, Ivana Janeska Stamenkovska, Ana Krstevska (2009): Review of available literature on direct payment in Macedonia. AgriPolicy - Enlargement Network for Agripolicy Analysis.
7. Dimitrievski D., Georgiev N., Simonovska A., Martinovska Stojceska A., **Kotevska A.** (2010): Review of agriculture and agricultural policy in FYR Macedonia. **AgriPolicy** - Enlargement Network for Agripolicy Analysis

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените биографски податоци, наставната активност и целокупниот преглед на научната и стручната дејност на кандидатката, Комисијата заклучува дека д-р Ана Котевска:

- завршила соодветно образование со солидни резултати;
- кандидатката од нејзиниот избор за асистент па сè досега, активно и целосно е вклучена во наставата преку изведување вежби, консултации и колоквиуми за осум предмети од сите четири студиски години на сите насоки;
- покажува интерес за научноистражувачка работа во областа на агроекономската наука, применува современи научни методи во истражувањето и постигнува резултати значајни за развојот на науката и струката во научната област економика на земјоделството и развој.

Поради сето тоа, Комисијата му предлага на Наставно - научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, кандидатката д-р Ана Котевска да биде избрана во звањето доцент од научната област економика на земјоделството и развој.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Драги Димитриевски с.р.
2. Проф. д-р Ненад Георгиев с.р.
3. Проф. д-р Миле Пешевски с.р.

4.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Ана Васил Котевска**
(име, татково име и презиме)

Институција: **Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: **економика на земјоделството и развој**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред.број | Назив на активностите | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Агроменаџмент (2+2), летен 2006/2007 | 0,90 |
| 2 | Агроменаџмент (2+2), летен 2008/2009 | 0,90 |
| 3 | Агроменаџмент (2+2), летен 2009/2010 | 0,90 |
| 4 | Агроменаџмент (2+2), летен 2010/2011 | 0,90 |
| 5 | Математичко-статистички методи (5+3), летен 2006/2007 | 1,35 |
| 6 | Математичко-статистички методи (5+3), летен 2008/2009 | 1,35 |
| 7 | Математичко-статистички методи (5+3), летен 2009/2010 | 1,35 |
| 8 | Математичко-статистички методи (5+3), летен 2010/2011 | 1,35 |
| 9 | Модели и анализи во земј. (2+2), летен 2006/2007 | 0,90 |
| 10 | Модели и анализи во земј. (2+2), летен 2008/2009 | 0,90 |
| 11 | Модели и анализи во земј. (2+2), летен 2009/2010 | 0,90 |
| 12 | Организација на трудот во земј. (2+2), зимски 2006/2007 | 0,90 |
| 13 | Организација на трудот во земј. (2+2), зимски 2007/2008 | 0,90 |
| 14 | Организација на трудот во земј., (2+2), зимски 2009/2010 | 0,90 |
| 15 | Агробизнис менаџмент (3+2), зимски 2006/2007 | 0,90 |
| 16 | Агробизнис менаџмент (3+2), зимски 2007/2008 | 0,90 |
| 17 | Агробизнис менаџмент (3+2), зимски 2009/2010 | 0,90 |
| 18 | Планирање и проектирање во земј. (3+3), летен 2006/2007 | 1,35 |
| 19 | Планирање и проектирање во земј. (3+3), летен 2007/2008 | 1,35 |
| 20 | Планирање и проектирање во земј. (3+3), летен 2009/2010 | 1,35 |
| 21 | Менаџмент во сточарското производство (3+2), летен 2006/2007 | 0,90 |
| 22 | Менаџмент во сточарското производство (3+2), летен 2008/2009 | 0,90 |
| 23 | Менаџмент во сточарското производство (3+2), летен 2009/2010 | 0,90 |
| 24 | Консултации со студенти, 2006/2007 (254 студенти) | 0,51 |
| 25 | Консултации со студенти, 2007/2008 (116 студенти) | 0,23 |
| 26 | Консултации со студенти, 2008/2009 (155 студенти) | 0,31 |
| 27 | Консултации со студенти, 2009/2010 (263 студенти) | 0,53 |
| 28 | Развој на хумани ресурси (интерна скрипта), коавтор | 4,00 |
| | **Вкупно** | **29,43** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активностите | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Аждерски Ј., Ѓошевски Д., Пешевски М., Ѓорѓевски Ѓ., Димитриевски Д., Усалевски В., Георгиев Н., Белковски Н., Мартиновска-Стојчевска, Александра, **Христовска, Ана,** 2005: Можности за зголемување на конкурентноста на земјоделско-прехранбените производи. XXX средба „Факултет – стопанство". Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, 2005. | 1,20 |
| 2 | **Ана Христовска**, Д. Димитриевски (2007): Можен ефект од ЕУ-интеграцијата на секторот свињарство во Република Македонија. Зборник на трудови на Третиот симпозиум за сточарство со меѓународно учество, стр. 291-296, 12-14.9. 2007, Охрид, Македонија. | 2,70 |
| 3 | Dragi Dimitrievski, **Ana Kotevska** (2008): Challenges faced by the agro-food sector in the Republic of Macedonia as regards its integration with the EU markets. Agriculutre in Western Balkans and EU integration. pg. 47-67. DAES. Ljubljana. | 3,60 |
| 4 | **Ana Kotevska**, Dragi Dimitrievski (2010): Modelling agricultural policy and market development. in Agriculture in the process of adjustment to the common agricultural policy, pg 127-137, Skopje: University Ss Cyril and Methodius (UKIM), Faculty of Agricultural Sciences and Food. | 2,70 |
| 5 | Dimitrievski D., Georgiev N., Simonovska A., Martinovska Stojceska A., **Kotevska A.** (2010): Review of agriculture and agricultural policy in FYR Macedonia. IAMO. vol. 57. Halle, 2010. | 3,60 |
| 6 | **Котевска Ана (2010)**: Модел на парцијална рамнотежа за екс-анте анализа на пазарот на одделни земјоделски производи во Република Македонија, докторска дисертација. | 8,00 |
| 7 | Учесник во меѓународен научен проект *„Building capacity for Macedonian Policy Formulation and Economic Analysis Related to the Agricultural Sector"*, финансиран од СИДА (2004-2010). | 5,00 |
| 8 | Учесник во национален научен проект „Зголемување на конкурентноста на македонскиот агрокомплекс од аспект на намалување на цената на чинење на земјоделско–прехранбените производи", финансиран од МЗШВ. | 3,00 |
| 9 | Учесник во меѓународен научен проект *„Agricultural Member State Modelling for the EU and Eastern European Countries(AGMEMOD 2020)"*, финансиран од Европската комисија, (2006- 2008). | 5,00 |
| 10 | Учесник во меѓународен научен проект *„Balkan Agri-Sector Initiative for Capacity Building"*, финансиран од Европската комисија во рамките на програмата Темпус (IB_JEP 19027-2004 (2004- 2008). | 5,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Учесник во меѓународен научен проект „AgriPolicy - Enlargement Network for Agripolcy Analysis“, финансиран од Европската комисија, (2006- 2008). | 5,00 |
| | **Вкупно** | **44.80** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **ред.број** | **Назив на активностите** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Димитриевски Д, **Ана Христовска**., 2005: Улогата на Факултетот за земјоделски науки и храна во трансферот на знаења и технологии за развој на земјоделско – прехранбениот сектор во периодот на приспособување кон ЕУ. XXX средба „Факултет – стопанство“. Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, 2005. | 1,80 |
| 2 | Димитриевски Д., Мартиновска Стојческа А., **Христовска А.** (2006): Водење сметководствена евиденција на фарма (забележување на трошоците и приходите на индивидуални земјоделски стопанства). Прирачник за фармери. МААСП. 22 | 4,80 |
| 3 | Dimitrievski D., **Kotevska A.** (2009): Analysis of renewable energy and its impact on rural development in Republic OF Macedonia. AgriPolicy - Enlargement Network for Agripolicy Analysis. | 1,80 |
| 4 | Ѓошевски Д., **Котевска Ана,** Крстевска А., Николовска Д., Нацка М. (2008): Анализа на инвестициите во земјоделско-прехранбениот сектор во Република Македонија. Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје | 1,20 |
| 5 | Обука за водење сметководствена евиденција на фарма, за фармери: во Битола, Прилеп, Гостивар, и за советници на АПРЗ. (4x0.5) | 2,00 |
| | **Вкупно** | **11,60** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 29,43 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 44,80 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 11,60 |
| **Вкупно** | **85,83** |

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Драги Димитриевски с.р.
2. Проф. д-р Ненад Георгиев с.р.
3. Проф. д-р Миле Пешевски с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**

# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНАТА СМЕТКА И ФИНАНСИСКАТА СТАБИЛНОСТ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ВЕСНА ГЕОРГИЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, донесена на седницата одржана на 26.11.2010 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Георгиева под наслов: **„Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност".** Докторската дисертација беше прифатена со одлука на Наставничкиот колегиум за постдипломските студии и Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, а за ментор беше определен проф. д-р Михаил Петковски.

По опстојното читање и прегледување на дисертацијата, Комисијата на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Георгиева, „Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност", обработува една од најактуелните теми во современата економска литература. Основна цел на истражувањето е да се утврди влијанието на капиталната либерализација врз финансиската стабилност на една земја. Фокусот на истражувањето е насочен кон придобивките што некоја земја може да ги има од либерализацијата на капиталните трансакции, наспроти непредвидените шокови и финансиски кризи, коишто таа може да ги предизвика.

Содржината на докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Георгиева е структуриана во четири детално расчленети глави, со Вовед и Заклучок, како и Апстракт на македонски и на англиски јазик и список на користена литература со 275 референци. Дисертацијата е презентирана на 298 страници и во неа се содржани 66 графикони, 19 табели и 4 слики.

Во воведниот дел, кандидатката ја презентира глобалната рамка на истражувањето и накратко се осврнува на секој од деловите на дисертацијата. Исто така, се објаснуваат причините за избор на темата на истражување, прашањата на кои дисертацијата треба да даде одговор и се дефинира целта на истражувањето.

Првата глава од докторската дисертација носи наслов **„Клучни теоретско-методолошки аспекти на капиталната сметка"**. Во неа кандидатката најпрво ја дефинира капитално-финансиската сметка на платниот биланс, а посебен акцент става на странските директни инвестиции. Таа потенцира дека овие инвестиции претставуваат еден од

потенцијалните извори за зголемување на приливот на капитал во земјите во развој во услови на висока задолженост, при што, позитивно влијаат на: економскиот раст, вработеноста, надворешната трговија, инвестициите и др. Во овој дел се анализира и се дефинира либерализацијата на капиталната сметка и нејзините видови и детерминанти. Општиот заклучок до кој кандидатката доаѓа е дека процесот на финансиско отворање овозможува остварување на највисока стапка на принос, при дадено ниво на ризик, односно алокација на ограничените ресурси во најпродуктивни инвестиции, зголемувајќи ги, на тој начин, економскиот раст и благосостојбата на поодделните економии. Исто така, се потенцира дека слободниот проток на капиталот го поттикнува движењето на средствата кон оние региони каде што приносот од инвестициите е најголем. Покрај придобивките кои земјата ги има од капиталната либерализација, во првиот дел се посочува и на потенцијалните ризици кои се поврзани со финансиското отворање. При тоа, м-р Георгиева ја нагласува релативно поголемата корист од капиталната либерализација, но под услов земјите добро да се подготват за ваквиот процес. Затоа, во овој дел од трудот, особено се потенцира значењето на постепената капитална либерализација и редоследот за нејзиното спроведување. Исто така, во првиот дел се анализира и значењето на капиталните контроли, кои, всушност, се начин една земја да се заштити од ризикот поврзан со непредвидливите осцилации на меѓународните капитални текови. Значењето на контролите особено се јавува кај краткорочните капитални текови, кои набрзина можат да бидат повлечени, доколку земјата е погодена од негативни макроекономски шокови. На крајот од овој дел, кандидатката зборува за финансиската глобализација и за растежот на меѓународниот пазар на капитал, кој ја зголемува можноста за инвестирање и за пристап на домашните резиденти на странските пазари на капитал.

Во втората глава со наслов **„Либерализација на капиталната сметка и стабилноста на финансискиот систем"**, м-р Георгиева ги анализира финансиските (банкарските) кризи и улогата на мобилноста на капиталот во нивното настанување. Во овој дел, таа ги објаснува сите позитивни и негативни ефекти од либерализацијата на капиталната сметка. Клучниот заклучок во вториот дел на трудот е дека со либерализација на капиталните движења, тековите на капиталот е многу потешко да се контролираат, па затоа процесот на финансиско отворање вообичаено е проследен со проблеми и сериозни нарушувања на финансиската стабилност, па дури и со тешки финансиски кризи. Преку изучувањето на историјата на финансиските кризи, кандидатката ни покажува дека периодите на висока меѓународна мобилност на капиталот последователно произведувале меѓународни банкарски кризи. Поради тоа, таа напоменува дека не треба да се потценува фактот потврден од голем број примери, дека, и покрај тоа што либерализацијата носи позитивни ефекти, таа честопати предизвикува проблеми и сериозни нарушувања на финансиската стабилност. Понатаму, во овој дел се опишани позначајните финансиски кризи, започнувајќи од Големата депресија, во 1929 година, кризата во Мексико во 1994 година, азиската криза, во 1997/98 година, каде што инвестицискиот бум привремено предизвикал високи стапки на раст, но потоа дошло до економска контракција, кога тој станал неодржлив. На

крајот од вториот дел, кандидатката ја разгледува и тековната финансиска криза и нејзините причини и последици. Во овој дел се посветува внимание и на трансмисиониот механизам на финансискиот стрес од развиените кон земјите во развој. Кандидатката пишува и за влијанието кое Светската банка и ММФ го имаа за време на кризата. На крајот од овој дел се нагласува дека земјите во развој кои имаат структурни недостатоци, треба да бидат особено претпазливи во нивниот пристап кон финансиското отворање.

Третата глава на дисертацијата има наслов **„Либерализација на капиталната сметка и макроекономската стабилност"**. Во неа кандидатката најпрво ги анализира предусловите кои треба да се исполнат пред да се изврши либерализацијата на капиталната сметка. Кандидатката потенцира дека еден од најзначајните услови кои треба да се исполнат пред да се изврши либерализацијата, е земјата да обезбеди макроекономска стабилност. Таа констатира дека пред воведувањето на капиталната либерализација потребно е земјата да го зајакне домашниот финансиски систем, да ги либерализира внатрешните ограничувања и да ја зголеми контролата во банкарскиот и останатиот финансиски систем. Исто така, се сугерира дека најпрвин треба да се намали фискалниот дефицит, потоа да се либерализира надворешната трговија, да се извши соодветно регулирање и јакнење на финансиските институции, па дури на крајот наполно да се либерализира капиталната сметка. Во рамките на овој дел, кандидатката објаснува дека за да се одржи финансиската стабилност во земјата, прво треба да се либерализираат долгорочните, а потоа краткорочните капитални трансакции. Нејзиниот конечен заклучок е дека отворањето на финансиско-капиталната сметка, треба да биде последна фаза од стабилизациската програма на земјата, а капиталната либерализација треба да се одвива постепено. Во третиот дел таа ја потенцира големата поврзаност меѓу последните финансиски кризи, кои се појавија како резултат на финансиското отворање и нестабилноста на финансиските институции во соодветните земји. Понатаму, во овој дел кандидатката објаснува дека голем број земји кои капитално се отвораат, се соочиле со финансиски кризи поради цврстиот, т.е. нефлексибилниот режим на девизниот курс, бидејќи тој лесно може да стане предмет на шпекулативни напади. Важно прашање што се обработува во третиот дел е дали земјите треба да ја либерализираат нивната капитална сметка пред или по преминот кон поголема флексибилност на девизниот курс. При тоа, таа посочува на ризиците кои се поврзани со отворањето на капиталната сметка пред усвојувањето на флексибилниот режим на девизниот курс. Исто така, кандидатката потенцира дека за да се одржи финансиската стабилност, најпрвин треба да се либерализираат странските директни инвестиции, како постабилни текови на капитал, а потоа портфолио-вложувањата. Во оваа глава анализирана е познатата трилема на економската политика. Кандидатката објаснува дека во услови на целосно либерализирана капитална сметка, доколку земјата сака да води автономна монетарна политика, потребно е да се откаже од режимот на фиксен девизен курс. Во овој дел од трудот се направени и испитувања за должничката (не)подносливост кај земјите во развој. Испитувањата покажуваат дека неможноста за отплата на долгот особено е изразена кај земјите кои имаат слаб финансиски систем и високо ниво на даночна

евазија. Состојбата уште повеќе се влошува во услови на т.н. "*почетен грев*", кој се јавува кај оние економии кои не можат да позајмуваат од странство во својата сопствена национална валута. На крајот од овој дел, кандидатката ја анализира улогата на ММФ во областа на капиталната либерализација. Таа подвлекува дека за време на последната финансиска криза, економистите од ММФ дојдоа до заклучок дека капиталните контроли можат да бидат многу корисни за одржување на финансиската стабилност на земјите, што всушност претставува радикална промена на ставовите кај таа институција, која претходно секогаш се залагаше за целосна либерализација на капиталните текови.

Во четвртата глава со наслов „**Либерализацијата на капиталната сметка и македонската економија**", се анализира влијанието на капиталната либерализација врз македонската економија. При тоа, м-р Георгиева посочува дека значаен момент за либерализацијата на капиталната сметка во нашата земја, е потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со Европската унија, според која се предвиде целосно ослободување од ограничувањата кај тековните трансакции и постепена либерализација кај капиталните трансакции. Кандидатката потенцира дека со спроведувањето на процесот на капитална либерализација, целиот економски систем на РМ се отвора и станува високо осетлив на движењата на капиталот. Заклучокот до кој кандидатката доаѓа е дека РМ треба да развие таква економска политика, со која би се искористиле сите користи од либерализацијата, но во исто време и би се заштитиле од нејзините негативни последици. Важно прашање што кандидатката го обработува во овој дел е изборот на режимот на девизниот курс, кој Р.Македонија треба да го примени во процесот на приближување и финансиско отворање кон ЕУ. Кандидатката објаснува дека доколку се изврши капитална либерализација во услови на фиксен режим на девизниот курс, може да дојде до макроекономска нерамнотежа и до шпекулативен напад на националната валута, т.е. до нарушување на финансиската стабилност. Основниот заклучок до кој таа доаѓа е дека, во услови на либерализација на капиталната сметка, а со цел да се остави повеќе простор за водење на автономна монетарна политика, потребно е да се дозволи одредена флексибилност на девизниот курс, бидејќи флексибилниот курс ја намалува веројатноста од шпекулативни напади, кои можат да предизвикаат негативни ефекти врз домашната економија. Во рамките на овој дел, м-р Георгиева става акцент и на прашањето со каква монетарна стратегија РМ да продолжи во иднина. Анализирајќи го искуството на новите членки на ЕУ, таа укажува на тоа дека, веројатно, најсоодветна на среден рок би била стратегијата на таргетирање на инфлацијата, каде што примарна цел на централната банка е ниската инфлација, која ќе влијае на одржувањето на ценовната стабилност, на намалувањето на каматните стапки, како и на забрзаниот економски раст. На крајот од четвртиот дел, кандидатката го анализира влијанието на последната финансиска криза на македонската економија. Таа потенцира дека со глобалната криза, всушност, дојдоа до израз главните слабости на македонската економија, а тоа се: високата концентрираност на извозот, високата увозна зависност на економијата, финансирањето на трговскиот дефицит преку тешко предвидливите приватни трансфери и валутниот ризик, кој лесно може да се

трансформира во кредитен ризик, односно во закана за финансиската стабилност. Општиот заклучок до кој кандидатката доаѓа е дека ниското ниво на јавниот долг, стабилноста на банкарскиот систем (конзервативниот банкарски модел) и релативната финансиска затвореност, придонесоа за релативно благиот пад на БДП во РМ, за време на кризата. Исто така, кандидатката истакнува дека улогата на капиталните приливи ќе доживее промени по тековната глобална криза. Во посткризниот период, динамиката на приливот на странски финансиски средства сигурно ќе биде побавна од порано. Според тоа, досегашниот модел на економски растеж во транзиционите економии, базиран на увоз на капитал, барем во догледна иднина, нема да биде остварлив.

## Заклучна оцена и предлог

Либерализацијата на капиталната сметка, пред сè, е последица од сè поголемиот степен на економска глобализација. Основна цел на економската глобализација е претворање на целата земја во единствен економски простор, во кој главен мотив, се разбира, е профитот. Во услови на растечка економска глобализација и сè повисокиот степен на финансиска интеграција, неизбежно се јави потреба за либерализација на капиталната сметка. Капиталната либерализацијата се однесува на поставување лесни или никакви рестрикции во движењето на капиталот, преку националните граници. Слободното движење на капиталот, најчесто, се одвива од капитално богатите кон капитално сиромашните земји, обезбедувајќи им повисока стапка на принос од инвестициите на инвеститорите од богатите земји и зголемување на развојот, вработеноста и стандардот на живеење, на луѓето во земјите во развој. Сепак, капиталната либерализација, потенцијално, може да има и негативни последици врз финансиската стабилност на земјите кои ја воведуваат.

Оттаму, во својата дисертација, „Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност", м-р Весна Георгиева ги истражува противречните ефекти, кои капиталната либерализација може да ги предизвика во националните економии и на глобалната економија во целина.

За изработка на трудот, кандидатката користела бројна, внимателно одбрана и релевантна литература. Таа применила статистички методи на квантитативна анализа, а употребувала и компаративна анализа, опфаќајќи ги искуствата на повеќе земји.

Кандидатката со овој труд направила опстојно истражување на ефектите од капиталната либерализација врз финансиската стабилност на голем број земји, вклучително и Р. Македонија. Врз основа на добиените сознанија и резултати, таа нуди препораки кои се однесуваат на правилно и редоследно спроведување на ваквиот процес, со цел да се искористат сите придобивки од капиталната либерализација, а истовремено да се одржи финансиската стабилност во земјата.

Врз основа на направените анализи и пресметки, м-р Весна Георгиева донела заклучок дека со либерализацијата на капиталните

движења, тековите на капитал стануваат сé повеќе непредвидливи и сé потешко можат да се контролираат, па либерализацијата честопати е проследена со тешки финансиски кризи. Големите и нагли приливи на капитал немаат само позитивни ефекти. Тие можат да ја зголемат задолженоста на земјата, што, пак, може да доведе до натрупување на странски долг и до неодржлива надворешна економска состојба. Масовните одливи на капиталот, пак, можат да предизвикаат паника, па и валутна и банкарска криза. Кандидатката сугерира дека за да се намали ризикот од финансиските кризи, потребно е процесот на капитална либерализација да се одвива постепено и да се исполнат потребните предуслови. Поради тоа, отворањето на финансиско-капиталната сметка треба да биде последна фаза од стабилизациската програма на земјата, т.е. од програмата на нејзините структурни реформи. Само на ваков начин земјите ќе имаат полза од либерализацијата на капиталната сметка. Во спротивно, како што покажуваат бројни примери, тие лесно можат да се соочат со финансиска нестабилност, па дури и со тешки финансиски кризи.

Врз основа на погоре изнесените констатации, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: „Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност", поднесена од кандидатката м-р Весна Георгиева, заклучува дека кандидатката покажала адекватно владеење со истражуваната материја и дека поднесениот труд наполно ги задоволува критериумите на една докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов: „Либерализација на капиталната сметка и финансиската стабилност" и
2. да и́ одобри на кандидатката, м-р Весна Георгиева, јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје,

Комисија за оцена и одбрана

Проф. д-р Михаил Петковски, с.р

Проф. д-р Горан Петревски, с.р

Проф. д-р Таки Фити, с.р

Проф. д-р Љубе Трпески, с.р

Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ГЕОГРАФИЈАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлуката бр.07-2437/3 од 27.11.2010 година, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, одржана на 25.11.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на географијата (основи на географијата, географски аспекти на заштита на животната средина, култури и цивилизации, географски откритија, заштита на природното наследство и природни катастрофи) на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Комисијата во состав: д-р Аслан Селмани, редовен професор на ПМФ во Скопје (во пензија), д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ во Скопје и д-р Драган Колчаковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, ја разгледа пријавата и доставената документација од единствениот пријавен кандидат, д-р Олгица Димитровска, доцент на ПМФ во Скопје, на конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" на 19.10. 2010 година и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Д-р Олгица Димитровска е родена на 22.3.1970 година во Крива Паланка, каде што завршила основно образование. Две години од средното насочено образование на насоката математика и физика завршила во Гимназијата "Моша Пијаде" во Крива Паланка, а останатите две години од средното образование ги завршила во ГДУЦ "Здравко Цветковски" во Скопје со одличен успех и се здобила со звањето хидро-градежен техничар од градежно-геодетската струка. Во учебната 1988/89 година се запишала на ПМФ - Институт за географија, и го завршила во 1992 година, каде што се здобила со звањето дипломиран професор по географија. Во 1993 година се запишала на постдипломски студии на Институтот за географија - отсек Просторно планирање. По полагањето на предвидените испити на 4.2.1998 година успешно го одбранила магистерскиот труд под наслов **"Географски аспекти на системот на заштита на виталните компоненти на животната средина во Кумановската и Славишката Котлина** и се здобила со звање магистер на географски науки. Од 1.6.1996 до 31.12.1998 година била вработена во Министерството за наука на Република Македонија каде што успешно ги извршувала поставените задачи.

Во декември 1998 година се вработила како асистент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (Билтен бр.717 од

15.10.1998 год.), а во октомври 2002 година е преизбрана во звањето асистент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (Билтен бр.811 од 30.9.2002 год.).

На 28.12.2005 година на Институтот за географија ја одбранила докторската дисертација под наслов: „**Влијание на географските фактори врз загадувањето на водите во сливот на река Треска и предлог мерки за заштита** и се здобила со звање доктор на географски науки. Во 2006 година е избрана во звањето доцент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на кое работно место се наоѓа и денес.

Осврт на наставната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Олгица Димитровска до изборот во звањето доцент е даден во рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 893 од 15.3.2006 година.

Во понатамошниот текст од извештајот е даден осврт на активностите во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Олгица Димитровска, по изборот во звањето доцент.

## Наставно-образовна дејност

Како доцент на Институтот за географија, д-р Олгица Димитровска во текот на извештајниот период успешно ги изведува предавањата и вежбите по предметите: географски аспекти за заштита на животната средина, заштита на природното наследство, географски откритија и основи на географијата користејќи современи методи на реализација на наставата. Активно е вклучена и во изведувањето на наставата за вонредни студенти по наведените предмети.

Д-р Олгица Димитровска во текот на извештајниот период за студентите на Институтот за географија редовно организира теренска настава на територијата на Република Македонија по предметот заштита на природното наследство.

Наставната дејност на кандидатката во извештајниот период е збогатена со менторство на повеќе дипломски работи (вкупно 14). Покрај тоа, д-р Олгица Димитровска била член на комисија во одбрана на 20 дипломски работи, како и член на комисија за оценка и одбрана на една магистерска работа.

Кандидатката д-р Олгица Димитровска е коавтор на универзитетскиот учебник „Основи на географијата", кој се користи во наставата по истоимениот предмет.

Д-р Олгица Димитровска е коавтор и на учебник по географија за 8. одделение за осумгодишно, односно деветгодишно основно образование.

Наставната дејност на кандидатката д-р Олгица Димитровска, успешното и современо изведување на предавањата и вежбите по соодветните предмети и коректниот однос со студентите, укажуваат на зрелоста на кандидатката во процесот на изведувањето на наставно- образовната дејност на Институтот. Перманентната преокупација на кандидатката кон внесување на нови сознанија во изучувањата на предметните области, проследени со желба за што подобро пренесување на знаењата во образовниот процес, придонесуваат кон подигнувањето на квалитетот на образованието на Институтот за географија и пошироко.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Олгица Димитровска континуирано работи на своето научно усовршување. Нејзината научна активност е насочена кон истражување и проучување на проблемите и процесите од областа на заштитата на животната средина и заштитата на природното наследство. Во извештајниот период д-р Олгица Димитровска активно учествува како член на тимот во научноистражувачките проекти: „Популациско географски проучувања на наталитетот во Република Македонија" (национален проект завршен 2007 година), „Демографски и миграциски аспекти на Словенците во Македонија и на Македонците во Словенија", (меѓународен проект завршен 2007 година) и "Современи ерозивно денудациски процеси на Огражден, Малешевски Планини и Влаина и нивно влијание врз користењето на земјиштето" (меѓународен проект во тек).

Во извештајниот период, д-р Олгица Димитровска во меѓуизборниот период има публикувано 13 научни трудови во научни списанија и зборници на трудови.

1. **Димитровска О.** (2005): Информираност за заштитата на животната средина во градот Крива Паланка, Географски разгледи бр.40, Скопје.

Во трудот е потенцирана важноста на информираноста за заштитата на животната средина како чекор за поквалитетна и здрава животна средина. Врз основа на спроведена анкета од страна на авторката со населението во градот Крива Паланка (со повеќе возрасни групи), авторката дошла до заклучок дека поголема информираност и сознанија во однос на овие прашања постои кај помладата популација. Според авторката ова истражување најверојатно ќе ги поттикне грѓаните да размислуваат за значењето на зачувувањето на нивната животна средина како и важноста на дејствувањето на секој поединец во подобрувањето на нејзиниот квалитет.

2. **Димитровска О.**, Милевски И. (2005): Квалитетот на површинските води во сливот на Крива Река, Билтен на физичка географија бр.2, Институт за географија, Скопје.

Главен проблем на овој труд е анализата на квалитетот на површинските води во сливот на Крива Река. Врз база на сопствени мерења се обработени хидрографските и хидролошките карактеристики на Крива Река. Евидентирани се сите извори кои вршат одредено загадување на водите (населбите и населението, стопанските објекти, депониите и ерозијата на почвата). Врз основа на достапните податоци направена е анализа на состојбата со квалитетот на водите и утврдено е дека квалитетот на водите почесто е во категоријата од III класа, а само повремено е задоволен законски пропишаниот квалитет од II класа.

3. **Димитровска О.**, Милевски И. (2007): Состојбата со депонии за цврст отпад во Република Македонија, Билтен на физичка географија бр.3/4, Институт за географија, Скопје.

Врз база на анализата на депониите за цврт отпад во Република Македонија констатирано е дека повеќето депонии не се уредени според потребните санитарно-технички критериуми. Соодветно на тоа, авторите ја наметнуваат потребата од планирање на нови депонии кои ќе бидат уредени според современи светски стандарди. Со оглед на фактот што многу фактори се важни за локација на депонија, авторите предлагаат во постапката на нејзин избор да се користат современи ГИС-анализи. Во контекст на тоа, авторите

даваат пример на ГИС-апликација (Arc View) за избор на најпогодни локации за депонии преку комбинација на разни тематски леери.

4. **Димитровска О.** (2008): Третман на заштитата на животната средина во наставата по географија, Географски разгледи бр.41-42, Скопје.

Во овој труд авторката прави анализа на застапеноста на заштитата на животната средина во наставата по географија во Република Македонија. Авторката потенцира дека во постојните наставни програми во предметот географија е застапен само мал дел од содржините кои ја третираат заштитата на животната средина. Согласно со состојбата, авторката ја потенцира важноста од посоодветна застапеност на овие содржини во наставните програми за географија со цел ефикасно образование од областа на заштитата на животната средина.

5. **Димитровска О.** (2008): Значење и заштита на геодиверзитетот, Билтен на физичка географија бр.5, Институт за географија, Скопје.

Во трудот авторката го потенцира значењето на геодиверзитетот кој според неа е недоволно третиран во контекст на биодиверзитетот. Истакнувајќи го значењето на геодиверзитетот, односно неговите вредности и дефинирајќи ги заканите за него, авторката ја истакнува и важноста на неговата заштита како значаен дел на современиот концепт на заштита на природата во согласност со меѓународниот тренд и стандарди.

6. **Димитровска О.** (2009): Стопанството и заштитата на животната средина, Гласник за социо-економска географија бр.3, Институт за географија, Скопје.

Како проблем на истражување е поставено влијанието на стопанството врз животната средина. Во тој контекст е истакната важноста на стопанството за економскиот развој, за намалување на сиромаштијата и за зголемување на животниот стандард на луѓето во Република Македонија. Меѓутоа, врз база на анализата на негативното влијание на земјоделството, шумарството, индустријата и енергетиката, сообраќајот и туризмот врз квалитетот на животната средина, животната средина е под постојана закана. Согласно со добиените резултати, авторката утврдува соодветни препораки преку кои во контекст на надминување на проблемите се обидува да воспостави одредена рамнотежа и одржливост помеѓу двете компоненти, а со самото тоа и соодветна заштита на животната средина.

7. **Димитровска О.** (2009): Геолошки состав и неговото влијание врз квалитетот на водите во сливот на река Треска, Билтен на физичка географија бр.6, Институт за географија, Скопје.

Како проблем на истражување е поставено влијанието на геолошкиот состав врз квалитетот на животната среднина. Врз база на геолошките карти и соодветните толкувачи, обработен е геолошкиот состав на сливот на река Треска. Притоа, врз база на деградационите процеси кои се одвиваат во геолошката подлога се врши дистрибуција на штетни материи во водите. Констатирајќи дека геолошкиот состав е мошне осетлив медиум на сите облици на загадување, авторката истакнува дека карстните терени спаѓаат во геолошки најнеповолни терени, а тие во сливот зафаќаат доста голем процент (48%).

8. **Димитровска О.** (2009): Населби во сливот на река Треска и нивното влијание врз квалитетот на водите, Географски разгледи бр.43, Скопје.

Во трудот се обработени основните карактеристики на населбите во сливот на река Треска во однос на големината, просторната разместеност и административно-територијалната припадност. Анализирајќи ги населбите, авторката го образложува нивното влијание врз квалитетот на водите во сливот

истакнувајќи ги населбите со поголем број на жители. На крајот авторката констатира дека најголема концентрација на население има до 800 м.н.в. каде што во 103 населби (од вкупно 158) живеат 91% од вкупното население во сливот и ја истакнува важноста во тие простори да се обрне поголемо внимание во однос на квалитетот на водите.

9. **Димитровска О.** (2009): Некои хидрографски карактеристики на сливот на река Треска и нивното влијание врз квалитетот на водите, Годишен зборник на Институтот за географија бр.38 , Скопје.

Главен проблем на истражување во овој труд се хидрографските карактеристики на сливот на реката Треска и нивното влијание врз квалитетот на водите во него. Врз база на сопствени мерења од соодветни топографски карти и математичко статистички методи, обработени се основните особености на речниот тек како што се речниот пад, надолжниот речен профил и карактеристиките на водоразделот и водоразделната линија. Врз основа на податоците е извршена анализа на влијанието на хидрографските карактеристики врз квалитетот на водата во сливот, така што е потенцирано нивното познавање и влијанието врз правилното управување со водотеците во сливот.

10. **Димитровска О.** (2006): Одржлив развој на руралните простори во Република Македонија, Зборник на трудови од научниот симпозиум „Руралниот простор во новите развојни услови", 30.3-1-4.2006 год., Охрид.

Како проблем на истражување во овој труд е поставен одржливиот развој на руралните простори во Република Македонија. Дефинирајќи ги проблемите во однос на социо-економскиот развој и инфраструктурната опременост и проблемите во оснос на економскиот развој на руралните простори, презентирани се соодветни препораки за нејзиниот одржлив развој. На крајот, авторката ја истакнува неопходноста за воспоставување на силна интеракција на релација рурален развој – заштита, унапредување, рационално користење и адекватно управување со животната средина.

11. **Димитровска О.** (2009): Одржливиот развој и заштитата на животната средина во Република Македонија, Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој", Охрид, 22-25.10.2009 год.

Концептот на одржлив развој ја истакнува важноста на заштитата на животната средина и во Република Македонија. Според тоа соодветно на идентификација на проблемите во однос на квалитететот на воздухот, водите, почвите, природата и биодиверзитетот, како и проблемите со управување со отпадот, дефинирани се приоритетите, задачите и мерките за одржлив развој. Истакната е важноста на имплементацијата на Националната стратегија за одржлив развој на Република Македонија за обезбедување на здрава и чиста животна средина.

12. Колчаковски Д., **Димитровска О.** (2009): Одржлив развој на заштитените подрачја во Република Македонија, Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој", Охрид, 22-25.10.2009 год.

Во трудот е анализирана сегашната состојба на заштитените подрачја во Република Македонија каде што се констатираат нарушувања на природните процеси во екосистемот, како и оштетување и уништување на некои од заштитените подрачја и објекти. Согласно со ваквите проблеми, авторите ја истакнуваат важноста од одржлив развој на заштитените подрачја и дефинирање на соодветен режим на заштита и степен на одржливост.

13. **Димитровска О.** (2009): Uticaj topionice za cink i olovo "Zletovo" na kvalitet vazduha u gradu Velesu, Zbornik radova II Megjunarodni simpozijum "Zastita zivotne sredine u industrijskim podrucjima", Kosovska Mitrovica 28-29.04.2009 god.

Во овој труд се анализира влијанието на Топилницата за цинк и олово "Злетово" во однос на загадувањето на воздухот во градот Велес. Во трудот е направена компаративна анализа на квалитетот на воздухот во градот за периодот од 1974 до 2008 година, каде што е опфатен период на интензивна работа на топилницата и период кога таа не работи. Согласно со анализата, авторката заклучува дека во времето на работење состојбата со загаденоста на воздухот со $SO_2$ е загрижувачка, а со прекинот на работата не се регистрирани вредности над МДК. Потенцирано е негативното влијание на загадениот воздух врз здравјето на населението, при што најизразени се заболувањата на респираторните системи кај децата од градот.

Во изминатиот период д-р Олгица Димитровска со реферати учествувала на следниве научни/стручни собири од меѓународен карактер:

1. научен симпозиум со меѓународно учество: „Руралниот простор во новите развојни услови", Охрид, 2006 година;
2. II Megjunarodni simpozijum "Zastita zivotne sredine u industrijskim podrucjima", Kosovska Mitrovica 28-29.04.2009 god.;
3. меѓународен научен симпозиум: „Географијата и одржливиот равој", Охрид, 2009 година.

### Стручно-апликативна дејност и дејности од поширок интерес

Од изборот во звањето доцент, д-р Олгица Димитровска активно учествува во реализација на државните натпревари по географија за учениците од основно и средно образование. Исто така учествува во изготвувањето на: Елаборат за студиски и предметни програми - студии по географија (европски кредит-трансфер систем) во 2006 година, Елаборат за студиски и предметни програми - студии по географија - наставна насока во 2009 година и Елаборат за студиски и предметни програми - студии по географија - насока географски информациски системи во 2009 година.

Во извештајниот период д-р Олгица Димитровска била член на Уредувачкиот одбор на списанието „Билтен за физичка географија" на Заводот за физичка географија при Институтот. Член е на Уредувачкиот одбор и технички уредник на Зборникот на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој".

Д-р Олгица Димитровска е член на Организациониот одбор на научниот симпозиум со меѓународно учество „Руралниот простор во новите развојни услови", Охрид, 2006 година и на меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој", Охрид, 2009 година.

Во изминатиот период, д-р Олгица Димитровска во рамките на Природно математичкиот факултет и Институтот за географија била член на разни работни тела и комисии. Член е на Наставно-научниот совет на ПМФ, член на наставно-научниот колегиум за втор циклус на Институтот за географија при ПМФ и други активности.

Д-р Олгица Димитровска учествувала како дел од тимот (Работна група за отпад) во изработката на националната програма „Индикатори за животната

средина на Република Македонија", во Министерството за заштита на животна средина и просторно планирање во 2008 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од изнесените податоци за севкупната активност на д-р Олгица Димитровска во извештајниот период, евидентен е нејзиниот напредок во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Наставната и образовната активност на д-р Олгица Димитровска бележи нагорна линија на развиток. Се одликува со успешно и современо изведување на наставата по дисциплините кои и се доверени, и има коректен однос кон студентите, со што се потврдува зрелоста на кандидатката кон својата професионална преокупација. Во насока на збогатување на наставно-образовната дејност, покрај кабинетската, редовно организира и теренски настави за студентите од прв циклус студии по географија.

Низ практичните истражувања од областа на заштитата на животната средина, перманентно се стреми кон внесување на нови содржини со практични решенија во научноистражувачката работа. Покрај наставно-образовната работа, кандидатката објавила повеќе научни трудови и активно учествувала на меѓународни научни собири. Во извештајниот период активно учествува како член во повеќе научно-истражувачки проекти.

Д-р Олгица Димитровска има активна и обемна улога во стручно-апликативна дејност. Учествувала во изработката на нови студиски и предметни програми на Институтот за географија, била член на уредувачките одбори на неколку списанија, член на организационите одбори на два научни симпозиума со меѓународен карактер, а како претставник на Институтот за географија е вклучена и во работата на разни факултетски работни тела и комисии.

Врз основа на наведеното, членовите на Рецензентската комисија сметаат дека кандидатката ги исполнува сите услови пропишани со Правилникот за избори и реизбори на Универзитетот и имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, д-р Олгица Димитровска да биде избрана во звањето вонреден професор по група предмети од областа на географијата (основи на географијата, географски аспекти на заштита на животната средина, култури и цивилизации, географски откритија, заштита на природното наследство и природни катастрофи) на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

Д-р Аслан Селмани, редовен професор на ПМФ во Скопје (во пензија), с.р.

Д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Драган Колчаковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: __________Олгица Атанас Димитровска ____________**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Природно математички факултет, Институт за географија**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: географија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии географија-наставна** | |
| 1. | Одржување на настава за зимски семестар по предметот *географски аспекти за заштита на животната средина* во 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 и 2010/2011 година (фонт 4 часа) (16*15*0,04)<br>Одржување на настава за зимски семестар по предметот *географски аспекти за заштита на животната средина* 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година со вонредни студенти (5+10+10=25 часа) (25*0,04)<br>Одржување на настава за зимски семестар по предметот *основи на географијата* 2010/2011 година (фонт 4 часа) (4*15*0,04) | 13,0 |
| 2. | Одржување на настава за летен семестар по предметот *заштита на природното наследство* (фонт 3 часа) во 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година (9*15*0,04)<br>Одржување на настава за летен семестар по предметот *заштита на природното наследство* во 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година со вонредни студенти (8+8+8=24 часа) (24*0,04)<br>Одржување на настава за летен семестар по предметот *географски откритија* во 2009/2010 година (фонт 3 часа) (3*15*0,04) | 8,16 |
| | **Одржување на настава од прв циклус студии информатика-наставна** | |
| 3. | Одржување на настава за зимски семестар по предметот *географски аспекти за заштита на животната средина* во 2010/2011 година (фонт 4 часа) (4*15*0,04) | 2,4 |
| | **Одржување на теренска настава** | |
| 4. | Одржување на теренска настава по предметот *заштита на* | 5,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | *природното наследство* во летен семестар во 2007/2008, 2008/2009 и 2009/2010 година (9*15*0,04) | |
| | **Одржување на вежби** | |
| 5. | Одржување на вежби за зимски семестар по предметот *основи на географијата* во 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година (фонт 2 часа) (6*15*0,03) Одржување на вежби за зимски семестар по предметот *основи на географијата* во 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година со вонредни студенти (5+5+5=15 часа) (15*0,03) Одржување на вежби за зимски семестар по предметот *географски аспекти за заштита на животната средина* во 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година (фонт 2 часа) (6*15*0,03) Одржување на вежби за зимски семестар по предметот *географски аспекти за заштита на животната средина* 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година со вонредни студенти (5+5+5=15 часа) (15*0,03) | 6,3 |
| 6. | Одржување на вежби за летен семестар по предметот *заштита на природното наследство* во 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година (фонт 2 часа) (6*15*0,03) Одржување на вежби за летен семестар по предметот *заштита на природното наследство* 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година со вонредни студенти (5+5+5=15 часа) (15*0,03) | 3,15 |
| | **Консултации со студенти** | |
| 7. | Консултации со студенти за зимски семестар 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 и 2010/2011 година (77+57+28+40+18=220) (220*0,002) | 0,44 |
| 8. | Консултации со студенти за летен семестар 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010 година (78+55+27=160) (160*0,002) | 0,32 |
| 9. | Ментор на дипломска работа (14*0,2) | 2,8 |
| 10. | Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура (1*0,3) | 0,3 |
| 11. | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (20*0,1) | 2,0 |
| 12. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник „Основи на географијата" (коавтор) (1*6) | 6,0 |
| 13. | Основен школски учебник Географија за 8. одделение (коавтор) (1*6) | 6,0 |
| 14. | Пакет материјали за предметот заштита на природното наследство (1*1) | 1,0 |
| | **Вкупно** | **57,27** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во национален научен проект: „Популациско географски проучувања на наталитетот во Република Македонија. (1*3) | 3,0 |
| 2. | Учесник во меѓународни научни проекти: „Демографски и миграциски аспекти на Словенците во Македонија и на Македонците во Словенија" и „Современи ерозивно денудациски процеси на Огражден, Малешевски планини и Влаина и нивно влијание врз користењето на земјиштето". (2*5) | 10,0 |
| 3. | ДИМИТРОВСКА О. (2005): Информираност за заштитата на животната средина во градот Крива Паланка, Географски разгледи бр.40, Скопје. | 4,0 |
| 4. | ДИМИТРОВСКА О., Милевски И. (2005): Квалитетот на површинските води во сливот на Крива Река, .Билтен на физичка географија бр.2, Институт за географија, Скопје. | 3,6 |
| 5. | ДИМИТРОВСКА О., Милевски И. (2007): Состојбата со депонии за цврст отпад во Република Македонија, Билтен на физичка географија бр.3/4, Институт за географија, Скопје. | 3,6 |
| 6. | ДИМИТРОВСКА О. (2008): Третман на заштитата на животната средина во наставата по географија, Географски разгледи бр.41-42, Скопје. | 4,0 |
| 7. | ДИМИТРОВСКА О.(2008): Значење и заштита на геодиверзитетот, Билтен на физичка географија бр.5, Институт за географија, Скопје. | 4,0 |
| 8. | ДИМИТРОВСКА О. (2009): Стопанството и заштитата на животната средина, Гласник за социо-економска географија бр.3, Институт за географија, Скопје. | 4,0 |
| 9. | ДИМИТРОВСКА О. (2009): Геолошки состав и неговото влијание врз квалитетот на водите во сливот на река Треска, Билтен на физичка географија бр.6, Институт за географија, Скопје. | 4,0 |
| 10. | ДИМИТРОВСКА О. (2009): Населби во сливот на река Треска и нивното влијание врз квалитетот на водите, Географски разгледи бр.43, Скопје. | 4,0 |
| 11. | ДИМИТРОВСКА О. (2009): Некои хидрографски карактеристики на сливот на река Треска и нивното влијание врз квалитетот на водите, Годишен зборник на Институтот за географија бр.38 , Скопје. | 4,0 |
| 12. | ДИМИТРОВСКА О. (2006): Одржлив развој на руралните простори во Република Македонија, Зборник на трудови од научниот симпозиум „Руралниот простор во новите развојни услови", 30.3-1-4.2006 год., Охрид. | 2,0 |
| 13. | ДИМИТРОВСКА О. (2009): Одржливиот развој и заштитата на животната средина во Република Македонија, Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој", Охрид, 22-25.10.2009 год. | 2,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Колчаковски Д., ДИМИТРОВСКА О. (2009): Одржлив развој на заштитените подрачја во Република Македонија, Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој", Охрид, 22-25.10.2009 год. | 1,8 |
| 15. | DIMITROVSKA O. (2009) Uticaj topionice za cink i olovo "Zletovo" na kvalitet vazduha u gradu Velesu, Zbornik radova II Megjunarodni simpozijum "Zastita zivotne sredine u industrijskim podrucjima", Kosovska Mitrovica 28-29.04.2009 god. | 3,0 |
| 16. | Учество на научен симпозиум со меѓународно учество: „Руралниот простор во новите развојни услови", Охрид, 2006 година (со реферат). | 1,0 |
| 17. | Учество на II Megjunarodni simpozijum "Zastita zivotne sredine u industrijskim podrucjima", Kosovska Mitrovica, 2009 godina (со реферат). | 1,0 |
| 18. | Учество на меѓународен научен симпозиум: „Географијата и одржливиот равој", Охрид, 2009 година (со реферат). | 1,0 |
| | **Вкупно** | **60,0** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учество во работа на комисии за државни натпревари по географија во 2008, 2009 и 2010 година. (3*1) | 3,0 |
| 2. | Учество во подготовка на Елаборат за студиски и предметни програми – студии по географија (европски кредит-трансфер систем) во 2006 година. | 0,5 |
| 3. | Учество во подготовка на Елаборат за студиски и предметни програми – студии по географија – наставна насока во 2009 година. | 0,5 |
| 4. | Учество во подготовка на Елаборат за студиски и предметни програми – студии по географија – насока: географски информациски системи во 2009 година. | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на Уредувачки одбор на списанието „Билтен за физичка географија" бр.5/2008 и бр.6/2009 година. | 0,5 |
| 2. | Член на Уредувачкиот одбор на Зборникот на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој", Охрид, 2009 година. | 0,5 |
| 3. | Технички уредник на списанието „Билтен за физичка географија" бр.1/ 2004, бр.2/ 2005 и бр.3/4/2007 година. | 0,5 |
| 4. | Техничко уредување на Зборник на трудови од научниот симпозиум со меѓународно учество „Руралниот простор во новите развојни услови", Охрид, 2006 година. | 0,5 |
| 5. | Член на Организационен одбор на научниот симпозиум со меѓународно учество „Руралниот простор во новите развојни услови", Охрид, 2006 година. | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Член на Организациониот одбор на меѓународниот научен симпозиум „Географијата и одржливиот развој", Охрид, 2009 година. | 1,0 |
| 7. | Член на Комисијата за настава при ПМФ во 2009 година. | 0,5 |
| 8. | Заменик-член на Комисијата за дејноста, статусот и местото на ПМФ (и институтите на ПМФ) на УКИМ и пошироко, во 2010 година. | 0,5 |
| 9. | Член на Комисијата за запишување на студенти на прв циклус студии на Институтот за географија, наставна насока, во 2010 година. | 0,5 |
| 10. | Член на Наставно-научниот колегиум за втор циклус на Институтот за географија при ПМФ во 2010 година. | 0,5 |
| 11. | Учество во изработка на национална програма: „Индикатори за животната средина на Република Македонија", Работна група за отпад, Министерство за заштита на животна средина и просторно планирање, 2008 година. | 3,0 |
| | **Вкупно** | **13,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 57,27 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 60,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 13,50 |
| **Вкупно** | **130,77** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Аслан Селмани, редовен професор на ПМФ во Скопје (во пензија), с.р.

2. Д-р Благоја Маркоски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

3. Д-р Драган Колчаковски, редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „АНАЛИЗА НА ПРОЦЕСИ ВО ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р СЛОБОДАНКА КУЗМАНОВА, Д-Р ЕЛЕОНОРА ВИНКЕЛХАУЗЕН И М-Р ЕЛЕНА ВЕЛИЧКОВА

Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 46-та седница од 3.12.2010 година нè именува за членови на Комисијата за рецензија на ракописот „Анализа на процеси во прехранбената индустрија“ од д-р Слободанка Кузманова, ред.проф., д-р Елеонора Винкелхаузен, ред.проф. и м-р Елена Величкова, асистент. По разгледувањето и анализирањето на ракописот го доставуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Намена

Ракописот „Анализа на процеси во прехранбената индустрија“ е подготвен во вид на учебно помагало и е наменет пред сè за студентите на студиската програма прехранбена технологија и биотехнологија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кои ги слушаат предметите основи на прехранбеното инженерство (VI семестар, со неделен фонд на часови 2+3) и процеси на конзервирање на храната (VII семестар, со неделен фонд на часови 3+3).

### Содржина и обем

Ракописот е обликуван во 9 глави, има 389 страници Б5 формат и содржи список на симболи, цитирана литература и е проследен со повеќе прилози во вид на табели и дијаграми за различните својства на храната, како и за агенсите со кои се работи во прехранбената индустрија. Секоја глава содржи кус теоретски осврт со потребните математички изрази и графички прикази, решени задачи, а завршува со проблеми за решавање.

Првата глава е вовед во инженерските пресметки. Во неа се опфатени физичките големини, нивните димензии и единици, конверзионите фактори за претворба од еден систем на единици во друг; потоа системот и неговите својства, како и стандардните услови. Во вториот дел од оваа глава, акцентот е ставен врз презентацијата и интерпретацијата на резултатите од инженерските мерења (видови равенки, примена на excel за решавање на проблеми).

Материјалните и енергетските биланси се дискутирани во втората глава. Во оваа глава се разработени примери поврзани со различни области од прехранбената индустрија.

Во третата глава е обработено течењето на флуидите и нивните реолошки својства. Таа опфаќа статика и динамика на флуиди било да се њутновски или нењутновски (вода, вино, млеко, сокови, масло, кечап, суспензии од ситнозрнести плодови, скробни суспензии итн.); потоа се

опфатени загубите на енергија и падот на притисокот при течење на флуидите.

Доброто познавање на топлинските карактеристики на храната е значајно за поставување на топлински процеси кои ќе овозможат зачувување на храната од микробна и ензимска деградација, но без непотребно губење на хранливите состојки и без непотребно голем трошок на енергија. Токму ова е предмет на четвртата глава во која се разработени и начините на преносот на топлина. Преносот на топлина со кондукција при стационарни услови е детално разработен за различни геометриски форми (плоча, сфера, цилиндар, ѕид, цевка, повеќеслојни цевки и ѕидови). Има и примери за пренос на топлина со конвекција и со радијација. Дадени се примери за коефициентите на преносот на топлина и начините на нивното определување. Разработени се и неколку примери за нестационарен пренос на топлина што е многу важен кај класичните процеси на конзервирање на храната.

Преносот на маса во прехранбените процеси е предмет на петтата глава. Оваа глава започнува со фазната рамнотежа, со прегледот на начините за пренос на маса во стационарни и нестационарни услови, а продолжува со преносот на маса по пат на конвекција и дифузија низ пелети со различен геометриски облик и меури.

Во шестата глава се разгледува кинетиката на реакциите што се случуваат во храната, а се во функција на добивање квалитетна храна. Станува збор за реакциите на деградација на храната, односно нејзините компоненти. Видовите реакциите што се случуваат во храната се разработени во неколку примери, а се однесуваат на влошување на квалитетот на храната под дејство на микроорганизми и ензими во сите фази на технолошкиот процес, како и при складирање на храната.

Во следната глава е накусо даден прегледот на двата основни начина на конзервирање на храната, во конзерви и асептички. Дадени се примери за пресметки на основните критериуми како на пример: константа на брзина на угинување на микроорганизмите k, време на децимална редукција D, време на термичка смрт F и z-вредноста), а кои се однесуваат на термичката стабилност на микроорганизмите – расипувачи на храната. Покрај ова има и примери за пресметување на веројатноста на расипување, вредноста на стерилизацијата и леталниот ефект на топлината. Понатаму, со голем број примери е илустрирано поставувањето на топлински процеси за конзервирање на храната (услови, режими и медиуми за работа) и определување на времето на тие процеси. Асептичкиот процес на конзервирање на храната е илустриран со примери за критериумите за постигнување стерилност и за распределба на брзината на течењето на храната (сок, млеко, кечап) и времето на нејзино задржување во континуираниот систем.

Главата осум е посветена на конзервирање на храната со отстранување на влагата за смалување на активноста на водата до ниво до кое што микроорганизмите не може да се развиваат. Како агенс за отстранување на водата се користи топол воздух. Дадени се својствата на влажниот воздух проследени со неколку примери. Даден е преглед на видовите влага во храната и активитетот на водата. Брзината и времето на сушење на различни производи во различни видови сушници според конструкцијата (тунелски, лентести, со атомизација итн.), начинот на

пренос на топлина и воопшто режимот на работа се обработени во дваесеттина примери.

Главата девет го обработува третиот начин на конзервирање на хрната и тоа со одведување на топлина на ниска температура, односно тоа се ладењето и смрзнувањето на храната. Даден е математички опис на системот за ладење. Во делот за смрзнување се разработени топлинските својства на смрзнатата храна, определување на времето на смрзнување и складирање на смрзнатата храна.

На неколку страници е даден список на користените симболи во текстот и во задачите, а ракописот завршува со преглед на користената литература и прилози. Цитирани се 52 референци од кои 18 трудови, главно објавени последниве десет години. Другите референци се книги меѓу кои има и прирачници, а исто така, се во најголем број објавени последнава деценија. Списокот на литература покажува дека овој ракопис настанал врз база на добро избран и богат избор на задачи.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Анализа на процеси во прехранбената индустрија" од д-р Слободанка Кузманова, ред.проф., д-р Елеонора Винкелхаузен, ред.проф. и м-р Елена Величкова, асистент е подготвен во согласност со предметната програма на наставните дисциплини по основи на прехранбеното инженерство и процеси на конзервирање на храната што се негуваат на Технолошко-металуршкиот факултет.

Овој ракопис, како збирка задачи со околу 250 задачи од кои 150 решени и 100 нерешени, претставува надополнување на теоретскиот дел од спомнатата област дадена во учебниците „Основи на прехранбеното инженерство – (1) Инженерски својства на храната и (2) Процеси на конзервирање на храната"

Презентираниот материјал, не само што ја покрива содржината на спомнатите дисциплини туку претставува основа и за голем број прехранбени технологии. Збирката задачи може да биде од полза и за други студенти, за стручните кадри во прехранбената индустрија, како и за оние дипломирани инженери кои во текот на својата работа се среќаваат со оваа проблематика.

Според нашите сознанија ова е прва збирка задачи за оваа област издадена на македонски јазик.

Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", ракописот „Анализа на процеси во прехранбената индустрија" од д-р Слободанка Кузманова, ред.проф., д-р Елеонора Винкелхаузен, ред.проф. и м-р Елена Величкова, асистент да го прифати како учебно помагало и да одобри негово печатење.

Рецензентска комисија

1. Д-р Филимена Попоска, ред.проф.
2. Д-р Ацо Димитровски, ред.проф.

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА ОРАЛНА ПАТОЛОГИЈА И ПАРОДОНТОЛОГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

На својата 12 редовна седница одржана на 30.11. 2010 година, а по предлог на Кадровскиот одбор, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'' во Скопје донесе одлука бр. 04-12-11 на 30.11.2010 год. за формирање Рецензентска комисија по конкурсот за избор на еден наставник по сите наставно-научни звања од областа орална патологија и пародонтологија на Катедрата за болести на устата и пародонтот, во состав: проф. д-р Марија Накова, проф. д-р Златанка Белазелкоска, проф. д-р Александар Грчев, проф. д-р Мирјана Поповска и проф. д-р Киро Ивановски. На конкурсот за избор во наставно-научни и соработнички звања, објавен во дневните весници „Вечер'' и „Лајме'', на 19.11.2010 год., се јавија: насл. доц. д-р Анета Атанасовска -Стојановска, насл. доц. д-р Снежана Пешевска, насл. доц. д-р Силвана Георгиева и насл. доц. д-р Маја Пандилова од Катедрата за болести на устата и пародонтот.

По разгледувањето на приложената документација, Комисијата го донесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

1. **Д-р Анета Атанасовска - Стојановска**, вработена на Клиниката за болести на устата и пародонтот, при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар "Св. Пантелејмон" во Скопје, е родена во Куманово на 13.7.1968.

**Универзитетско образование:**
**Доктор-стоматолог:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, во учебната 1991/1992 година.
**Магистер на стоматолошки науки од областа болести на устата и пародонтот:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, со магистерски труд под наслов „Влијанието на нивото и функционалната способност на имунокомпетентните клетки Т, Б и НК врз појавата и текот на пародонталната болест кај младата популација'', 2002 година.
**Доктор на стоматолошки науки:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, со докторската дисертација под наслов „Влијанието на цитокинскиот генетски полиморфизам во етиопатогенезата на пародонталната болест кај македонската популација'', во 2007 год.
**Работно искуство:** Првото вработување го остварила на Клиниката за болести на устата и пародонтот при ООЗТ Стоматолошки клиники во Скопје, во 1993 година. Во 1998 год. се здобила со звањето специјалист по болести на устата и пародонтот. Во звањето **помлад асистент** на Катедрата за болести на устата и пародонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје била избрана во 1997 година, реизбрана во 2000, а во 2003 година била избрана за **асистент** на истата Катедра. Во 2005 година била реизбрана во звањето **асистент** на Катедрата за болести на устата и пародонтот, а во 2008 година во звањето **насловен доцент** по група предмети од областа болести на устата и пародонтот на истата Катедра.

**НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Активно била вклучена во наставно - образовниот процес на Катедрата за болести на устата и пародонтот, со учество во составувањето и избор на испитни прашања за компјутерскиот тест по предметите пародонтологија 1 и 2, согласно програмата за ЕКТС, учество во организирање и креирање на презентации за вежбите по предметот орална патологија (2005 - 2006).
Освен изведувањето на практичната настава на Катедрата во периодот 1997-2010 год., таа била и ментор на 3 студентски теми и ментор на кандидат за специјализација од областа општа стоматологија, на турнусот од пародонтологија и орална патологија.

**СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

На Катедрата за болести на устата и пародонтот, на која била избрана за асистент, а подоцна за насловен доцент, своите стручни и научни усовршувања **ги** насочила кон проблематиката од областа на пародонтологијата и оралната патологија. Особено поле на интерес й е цитокинскиот генски полиморфизам и генетското тестирање за одредување на склоноста кон пародонталната болест.

**Студиски престој:**
- 10. 3-12 .4.2003, кај проф. д-р Антонио Констатинидис, шеф на Катедрата за превентивна стоматологија, пародонтологија и имплантологија при Аристотоловиот универзитет во Солун, Грција.
-12-30. 6. 2006, Институт за имунобиологија и хумана генетика под менторство на проф.д-р Мирко Спировски.

**Учество во реализација на научно-истражувачки проекти:**

- 2001-2004 - постар истражувач во реализацијата на националниот научен проект „Промени во имунолошката реактивност кај пародонталната болест кај младата популација'', одбранет на Стоматолошкиот факултет и финансиран од Министерството за образование и наука, Скопје;
- 2005-2008, соработник - истражувач во националниот научен проект кој се вклучува во рамките на меѓународниот проект за цитокински полиморфизам на International Histocompatibility Working Group (IHWG) под наслов: „Молекуларна анализа на полиморфизмите на цитокинските гени во Р.Македонија'', одобрен и финансиран од Министерството за образование и наука на Р.Македонија под број 08745;
- 2006/2007 активно учество во Проект за управување со здравствениот сектор акредитирана програма за обука на клучни тренери: едукатори,испитувачи и ментори за модернизирање на процесот за лиценцирање на лекари, стоматолози и фармацевти на Р.Македонија со сертификат за лиценциран испитувач.

До изборот за насловен доцент таа е автор на:

- книга од стручна област: „Диференцијална дијагноза на оралните лезии'', во издание на МагнаСкен, 2004, Скопје;
- интерна скрипта од одредени области од предметот пародонтологија 1 и 2, 2008

Со постер и усни презентации учествувала на бројни конгреси во земјата и во странство, а присуствувала и на семинари и симпозиуми.

-Добитник е на следниве награди: Благодарница по повод одбележувањето на 40-годишниот јубилеј на Факултетот, од Стоматолошкиот факултет во Скопје, 1999, Пофалница од Македонското лекарско друштво,1999 и Диплома од Македонското лекарско друштво, 2001.

Резултатите поврзани со наставната и научноистражувачката дејност, како и другите нејзини активности до изборот во звањето насловен доцент, објавени се во Билтенот на Универзитетот, и тоа во Билтен бр. 677 од 1997 година, бр. 763 од 2000 година, бр. 826 од 2003 година, бр. 892 од 2005 година, бр. 944 од 2008 година.

## АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ПО ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕТО НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ

### НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

2009 - учество во организирање и креирање на вежбите по предметот пародонтологија 1 од кои произлегла скрипта за вежби.

2009 - учество во подготовка на програма за трет циклус на студии (докторски студии) од областа на пародонтологијата со обработка на пет изборни предмети/модули

2009 - ментор на кандидат за специјализација од областа општа стоматологија, на турнусот од пародонтологија и орална патологија.

**Теоретска настава 2008/2009; 2009/2010:** пародонтологија 1 со помалку од 30% од теоретската настава, пародонтологија 2 со помалку од 30% од теоретската настава, пародонтологија со пародонтална хирургија.

**Практична настава 2008/2009; 2009/2010:** пародонтологија 1, пародонтологија 2, орално здравје (2+2), орална патологија и медицина (3+2), пародонтологија (1+2), фокалоза(1+1).

Се јавува како автор на:

- интерна скрипта за вежби по предметот пародонтологија 1, 2009;
- книга со научно-стручни референци „Современи дострели во стоматологијата'', издадена по повод одбележувањето на 50-годишнината на Факултетот, 2009;

Во 2010 година е учесник во изработка на публикациите:

- „Стратешки план за развојот на стоматологијата Р.Македонија 2011-2021'' ;
- „Дијагностички и терапевтски протоколи во стоматологијата'', двете во издание на Стоматолошката комора на Македонија.

### НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Активно учествувала на Europerio 6. 6-ти congress of the European Federation of Periodontology, Stocholm,Sweden (2009), како носител на постер - презентација, како и на 15. Балкански стоматолошки конгрес, Солун, Грција(2010) и присуствува на постедукативните семинари во земјата.

Нејзиниот публицистички опус опфаќа вкупно 35 статии, а за тековниот конкурс ги приложува следниве трудови:

**36. Гиговска Д., Атанасовска СтојановскаА., Терапискиот ефект на проафтолот во третманот на Stomatitis aphtosa recurens, 15 Меѓународен научен конгрес на студентите по стоматологија, книга на апстракти, Охрид, 2008.** Авторите имаат за цел да го проследат терапиското дејство на проафтолот, во третманот на афтозната болест, неговото влијание врз епителизацијата и намалување на субјективната симптоматологија. Биле вклучени 20 пациенти, со присутна афта не помала од 6 мм. Авторите заклучуваат дека анестетичното, трофичното и гранулационо дејство на проафтолот ефикасно ја отстранува болката, ја обновува оштетената лигавица и брзо доведува до нормална функција, па го препорачуваат во третманот на афти.

Трудот има апликативно значење.

**37. Trajkov D., Atanasovska StojanovskaA.,Petlickovski A., Strezova A., Gogusev J., Hristomanova S., Guleic E, Petrov J., Spiroski M. ИЛ-1 gene cluster polymorphisms in the Macedonian population**

**Macedonian Journal of Medical Sciences, 2008, Sep15; 1(1):26-33.** Целта на трудот е да се испита полиморфизмот на ИЛ-1 кластерот кај македонската популација. Групата се состоела од 301 здрав испитаник. Полиморфизмот на цитокинските гени бил одреден со комерцијален комплет PCR-SSP(Heidelberg kit), а популационата генетска статистичка анализа била направена со PyPop програмата. Најблиска генетска поврзаност има помеѓу испитаната македонска популација и популацијата од Италија-Торино, а најдалечна врска постои со популациите Taiwan Tsou и Taiwan Yami. Ил-1 кластер алелите, генотиповите и хаплотиповите кај македонската популација може да се применуваат за антрополошки споредби, како и за истражувања на асоцираност со одредени заболувања. Трудот има научно значење.

**38.Атанасовска СтојановскаА., Трајков Д., Поповска М., Спироски М. Analsis of transforming growth factor –beta 1 gene polymorphisms in Macedonian patients with chronic periodotitis. Macedonian Journal of Medical Sciences, 2009, Mart15; 2(1):30-35.** Постојните конфликтни податоци за значењето на TGF-бета 1 полиморфизмот при пародонтопатијата бил предизвик за одговор дали овој полиморфизам е асоциран со пародонтопатијата кај македонската популација. Групата се состоела од 301 здрав испитаник, како и 132 пациента со пародонтопатија. Сите пациенти се Македонци по потекло, од разни краеви на Македонија. ДНА била изолирана од периферните леукоцити со фенол-хлороформ екстракција. Добиените резултати укажуваат дека полиморфизмот на TGF-бета 1 генот е поврзан со зголемен ризик за хронична пародонтална болест кај македонската популација.Трудот има научно-стручно значење.

**39. Поповска М., Атанасовска -Стојановска А. Humoral immune response with oral reticular lichen planus Balkan Journal of Stomatology, June 2009; 13(2):85-91.**За расветлување на етипоатогенетските механизми на оралниот лихен планус, авторите го проследуваат имунолошкиот статус кај 21 пациент од различен пол и возраст, кои имаат ретикуларна форма на заболувањето. Ниските серумски вредности на имуноглобулините во фазата на егзацербација се должат на нивното вградување во ЦИК, што се потврдува и со зголемените вредности на ЦИК во испитуваната група. Зголемените вредности на Ц3 и пониските вредности на Ц4 играат улога во активација на комплементниот систем по обата пата. Во фазата на ремисија најдени се зголемени вредности на серумските Иг фракции, ЦИК и Ц3, наспроти ниските вредности на Ц4, потврдувајќи го аберантниот хуморален имун одговор. Трудот има научно значење.

**40. Атанасовска СтојановскаА., Поповска М., Трајков Д., Спироски М. Поврзаноста на полиморфизмот на ИЛ-4 генот со фенотипската експресија на пародонталната болест кај македонската популација, Макед.стоматол.прегл.2008;32(1-2):89-102.** Целта на авторите е да се утврди присуството и процентуалната застапеност на полиморфизмот на ИЛ-4 генот кај трите клинички стадиуми на хроничата пародонтопатија, како и асоцијацијата (заштитна или оптоварувачка) меѓу секој одделен полиморфизам на овој ген со секој клинички стадиум на хроничната пародонтопатија, во споредба со контролната група кај македонската популација. Значајна асоцираност со различните стадиуми на пародонтопатија, од аспект на клиничко губење на атачментот била пронајдена во истражувањето. Авторите заклучуваат дека хроничната пародонтопатија кај македонската популација е поврзана со полиморфизмот кај алелите, генотиповите и хаплотиповите на Ил-4 генот. Интензитетот (заштитна, односно оптоварувачка асоцијација) е различен кај трите стадиуми на пародонтопатијата. Кај македонската популација резултатите укажале дека се разликуваат во некои полиморфизми од другите популации во светот и можат да се искористат за метаанализа на секој поединечен полиморфизам во светски рамки. Трудот има научно значење.

**41.Атанасовска СтојановскаА., Поповска М., Колевски П. Лимфоцитна бластогенеза кај пациенти со рано појавена пародонтопатија, Макед.стоматол.прегл.2009;33(3-4):119-131.** Испитувањето на лимфоцитната бластогенеза кај пациенти со рано појавена пародонтопатија, но и утврдувањето дали конзервативниот пародонтален третман влијае на имунолошкиот одговор на домаќинот биле цели на ова истражување. Вкупно 60 пациенти на возраст 10-24 години се поделени во 3 подгрупи, а контролната група ја сочинувале 25 здрави лица без пародонтално заболување. Во Заводот за трансфузиологија кај сите испитаници бил направен ЛТТ –тест (тест за лимфобластна трансформација) пред и посттераписки, а споредувани се со вредностите на контролната група. Авторите заклучуваат дека слабата активност на лимфоцитите е причина од која произлегуваат несоодветната и нецелисходната заштита на пародонталните ткива од периопатогените, што би можело да биде една од причините која доведува до рана и рапидна деструкција на пародонтално-ткивниот комплекс.Трудот има научно-стручно значење.

**42.Атанасовска -Стојановска А., Накова М., Поповска М., Трајков Д ., Спироски М. Иднината на пародонталната болест-генетско тестирање за откривање на индивидуи со висок ризик, Современи дострели, Стоматолошки факултет Скопје, 2009.** Авторите имаат за цел да го утврдат присуството и процентуалната застапеност на полиморфизмите на цитокинските гени кај пациенти со хронична пародонтопатија во македонската популација и да го утврдат влијанието (протективно или асоцијативно) помеѓу секој одделен полиморфизам на цитокинските гени со хроничната пародонтопатија во споредба со контролната група кај македонската популација. Проследени се 132 пациента со хронична пародонтопатија, кои ја чинеле испитуваната група, додека контролната била составена од 301 здрав пациент, без пародонтална болест. Авторите заклучуваат дека хроничната пародонтопатија кај македонската популација е во корелација со полиморфизмот кај алелите и гените и генотиповите, кај цитокински гени (IL-1B, TGF-β1,IL-2, IL-4, IL-10, Il-12B). Притоа се истакнува дека резултатите кај

македонската популација се разликуваат во некои полиморфизми од другите популации во светот и може да бидат искористени за метаанализа на секој поединечен полиморфизам во светски рамки. Трудот има научно значење.


**Доктор на стоматолошки науки од областа болести на устата и пародонтот:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, со докторската дисертација под наслов „ Компаративна анализа на апоптотичното одумирање на клетките во тек на пародонталната болест" во 2004 година.

**Работно искуство:** Првото вработување го остварила на Клиниката за болести на устата и пародонтот при ООЗТ Стоматолошки клиники во Скопје, во 1990 година. Во 1996 год. се здобила со звањето специјалист по болести на устата и пародонтот. Во звањето **помлад асистент** на Катедрата за болести на устата и пародонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје била избрана во 1993 година, а во 1996 за **асистент** на истата Катедра. Во 2008 година е избрана во звањето **насловен доцент** по група предмети од областа болести на устата и пародонтот на истата Катедра.

**СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

На Катедрата за болести на устата и пародонтот, на која била избрана за асистент, а подоцна и за насловен доцент, своите стручни и научни усовршувања ги насочила кон проблематиката од областа на пародонтологијата. Земала учество со постер и усни презентации на повеќе меѓународни и домашни конгреси, како и семинари и работилници. Со усни презентации учествувала на Конгресот на лекарите во Египет-2003 година, на балканските конгреси во 2001 и 1997 во Истанбул и Белград, како и на повеќе домашни конгреси. 2002 година учествувала на работилница во организација на НВО Институт отворено општество од областа на Јавното здравство на тема: „Проектен циклус''. Во 2004 година учествувала на семинар во организација на НВО ХООПС во Охрид, на тема „Еднаков пристап до здравствените служби на маргинализираните групи население''. Во рамките на проектот финансиран од Светска банка, а во организација на Министерството за здравство, за обука на национални едукатори од областа на стоматологијата, учествувала како предавач, одржувајќи тродневен курс и работилница од областа на Јавното здравство и забоздравство во заедницата.

**Наставна дејност:**

Учествувала во изработката на наставната програма и адаптацијата по ЕКТС од предметите пародонтологија 1 и пародонтологија 2, како и орално здравје и во конципирањето на наставната програма за Високата школа за стручни стоматолошки сестри за предметите орална хигиена и пародонтологија. На Високата школа ја изведувала теоретската и практичната настава по предметот орална хигиена, а во текот на 2005 година и наставата на предметот пародонтологија.

Автор е на два учебника:

1. Ана Ставревска Миновска, Маја Пандилова, Киро Ивановски
Орална хигиена, Стоматолошки факултет - Скопје, 2004
2. Иљовска С., Јанкуловска М., Павлевска М., Пандилова М
Забоздравство во заедницата, Стоматолошки факултет, 2006

Таа е автор и на 3 практикуми (пародонтологија 1, орално здравје, практикум за полагање на практичниот испит по пародонтологија).

Резултатите поврзани со наставната и научноистражувачката дејност, како и другите нејзини активности до изборот во звањето насловен доцент, објавени се во Билтенот на Универзитетот, и тоа во Билтен бр. 586, 667, 789, 848 и 945.

## АКТИВНОСТИ ВО ПЕРИОДОТ ПО ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕТО НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ

**Наставно-образовна дејност**

На Катедрата за болести на устата и пародонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје, била вклучена во теоретската и практичната настава во зимскиот семестар на учебната 2008/2009 година.

**Теоретска настава:**

2008/2009 и 2009/2010 **пародонтологија 1 (2+5)**, за студентите по стоматологија **до 30% од наставата**, **Практична настава:** 2008, пародонтологија I (2+5) (зимски семестар IX),2009 пародонтологија I (2+5) Кандидатката реализира *консултации со студентите* за сите предмети на кои ја изведува практичната настава на Катедрата.

Автор е на универзитетскиот учебник:

1. Ивановски К, Пандилова М

   Орално здравје, Стоматолошки факултет - Скопје, 2008

**Научноистражувачка дејност:** Кандидатката присуствувала на повеќе семинари во земјата.

Нејзиниот публицистички опус опфаќа вкупно 61 труд. Трудовите објавени до изборот во звањето помлад асистент (6) рецензирани се во Билтенот бр. 586 на Универзитетот „Св Кирил и Методиј", во Скопје; до изборот за асистент (4), во Билтенот бр. 667; трудовите до изборот за асистент (11), во Билтенот бр. 789; трудовите до изборот за асистент (6), во Билтенот бр. 848; трудовите до изборот за насловен доцент до ред. бр. 49, рецензирани се во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св Кирил и Методиј", Скопје.

За тековниот конкурс ги приложува следниве трудови за рецензирање:

**50. Ивановски К, Пандилова М. Орално здравје, Стоматолошки факултет 2008,Скопје.**

Учебникот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје бр.921 од 2007год.

**51. Иљоска С., Јанкуловска М., Павлевска М., Пандилова М. Забоздравство во заедницата, Стоматолошки факултет 2006,Скопје.** Учебникот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'' во Скопје бр.891 од 2006год.

**52. Пандилова М., Угринска А., Ивановски К. Влијанието на нутритивниот внес на токоферолот врз пародонталното здравје, Мак.стом. прегл. 2009;33(1-2):95-100.**

Основна цел на авторите е да се проследат навиките на исхраната и можното влијание врз оралното здравје. Во испитувањето биле вклучени студентите на стоматологија од петта и шеста година, заради хомогеност на групата, а вкупно анкетирани биле 300 испитаници, бил направен и преглед кој опфаќал бележење на клиничките индекси, број на екстрахирани, кариозни и пломбирани заби, промените на јазикот и вермилионот. Покрај советите за правилна орална хигиена на пациентите во склоп на превентивните препораки за зачувување на оралното здравје треба да им бидат дадени и препораки за соодветна исхрана. Трудот има апликативно значење.

**53. Пандилова М., Ивановски К., Петровски М. Оптимално орално здравје кај возрасната популација на територија на Република Македонија, Мак.стом. прегл. 2009;33(1-2):108-112.**

Преку анкета авторите имаат за цел да согледаат колкава е застапеноста на парцијалната и тотална беззабост кај возрасното население на територијата на Р.Македонија, но и да се согледа колкав дел од населението ги задоволува критериумите за оптимално орално здравје.

Опфатени се 2367 испитаници, постари од 35 години, на територијата на Р.Македонија. Резултатите покажале дека 13,62% од испитаниците имаат тотална беззабост, делумна беззабост се јавува кај 66,79%, а само 38,10% ги задоволуваат критериумите за оптимално орално здравје (најмалку 20 заби во усната празнина). Трудот има стручно значење.

**54. Миновска А., Пандилова М., Јаневска В. Анализа на апоптотичното одумирање на клетките кај различни степени на пародонтална деструкција, Мак.стом. прегл. 2004;28(1-4):22-27.**

Основна цел на авторите е да го утврдат присуството на апоптоза за време на пародонталната деструкција во услови кога епителната инсерција е на цементно -емајловата граница или нешто под неа (<3мм) во отсуство на инфламација и кога инсерцијата е апикално мигрирана (3-6мм и 6мм). Во ткивото кое патохистолошки покажало отсуство на инфламаторни промени се најдени апоптотични клетки со просечна застапеност на 1,0779. Бројот на апоптотични клетки покажува пораст напоредно со губењето на атачментот. Трудот има научно значење.

**55.Пандилова М., Ивановски К., Парцанов Ѓ. Прилог кон конзервативниот третман на пародонталната болест, Мак.стом. прегл. 2008;32(3-4):181-185.**

Целта на овој труд е компарирање на ефектите на еднократната и на повеќекратната обработка на пародонталните џепови, но и одредување на оптималниот интервал меѓу сеансите. Во првиот дел од испитувањето, групата од 30 пациенти била поделена во три групи зависно од степенот на губење на атачмент. Клиничките индекси се нотирани пред и три седмици по завршувањето на терапијата. Вториот дел опфатил 60 пациенти поделени во две групи, при што едната група била закажувана ден за ден, а кај втората интервалот меѓу посетите бил една седмица. Авторите заклучуваат дека кај поплитки

пародонтални џебови и еднократната обработка е доволна за елиминација на патолошката содржина. Најголеми ефекти при повеќекратната обработка се забележани кај втората група. Значајно поголем процент на пациенти ја завршиле терапијата кога сеансите се изведуваат ден за ден. Трудот има стручно-апликативно значење.

**56. Пандилова М., Ивановски К., Радески М. Пирсинг и орално здравје, Мак.стом. прегл. 2008;32(3-4):198-202.**

Актуелноста на пирсингот е предизвик за авторите да се запознаат со степенот на информираност на идните стоматолози за него, но и едновремено изготвување на информација за компликациите и мерките за нивното решавање кај пациентите со пирс во оралната регија. Анкетата опфатила 50 студенти од петта година на стоматологија, со вкупно три прашања (компликации, мерки за одржување на оралната хигиена и на што треба да се внимава при стоматолошките постапки). Заклучокот е дека не е доволно познавањето на посочените проблеми, па авторите даваат опсежни информации за нив. Трудот има апликативно значење.

**57.Ивановски К., Пандилова М., Парџанов Ѓ. Информираност и мотивираност на пародонталните болни за плак контрола, Мак.стом. прегл. 2008;32(3-4):193-197.**

Со цел да ја утврдат информираност и мотивираност на пародонталните болни за употребата на помошните средства за орална хигиена, но и нивната ефикасност, авторите спровеле анкета на 200 пациенти со пародонтална болест со едновремено инструирање за примена на дентален конец или интердентална четкичка, зависно од индикацијата. Авторите заклучуваат дека помошните средства треба да се користат кај пациентите со пародонтопатија, согласно со индикациите, но и да се засили ангажираноста на стоматолозите при инструирањето за правилна орална хигиена, нагласувајќи ја и потребата за континуирани превентивни програми кои ќе се спроведуваат во училиштата. Трудот има апликативно значење.

**58. Ристоска С., Миновска А., Панов С., Андоновска Б., Пандилова М. Саливарната матриксметалопротеиназа-8 биомаркер за активноста на пародонталната болест, Мак.стом. прегл. 2008;32(3-4):1 73-180.**

Авторите имаат за цел да го утврдат нивото на саливарната матриксметалопротеиназа ММП-8 кај пациенти без и со пародонтопатија, но и да се проследи нивната поврзаност со клиничките параметри. 40 испитаници се поделени во две групи, 20 без пародонтална болест (ртг верификувано ) и 20 пациенти со умерена до силно изразена форма на болеста. Одредувањето на саливарната ММП-8 може да послужи како биомаркер на пародонталната болест, како и за рана детекција на активноста на заболувањето и за преземање на соодветни терапевтски мерки. Трудот има стручно-научно значење.

**59.Пандилова М.,Трајковски Д., Спировски М, Миновска А. Цитокин профил на раната пародонтална лезија, 5. Меѓународен конгрес на стоматолозите на Македонија, Книга на апстракти, Охрид, 2009:068.**

Целта на трудот е да се одреди нивото на ИЛ1, ИЛ2, ИЛ6 кај раната пародонтална лезија. Биле земени исечоци од здрави и од ткиво кое одговарало на губење на атачмент до 3 мм, а потоа со ЕЛИСА - методот биле детектирани соодветните маркери. ИЛ 1α и ИЛ1 β, како и ИЛ 2 кои покажале сигнификантен пораст напоредно со зголемувањето на апикалната миграција на припојниот епител. Трудот има научно значење.

**60. Пандилова М., Јаневска В. Присуство на п53 и негово влијание врз апоптотичниот процес кај различни степени на пародонтална деструкција, Мак.стом. прегл. 2009;33(3-4):131-136.**

Предизвик за истражување за авторите било утврдувањето на присуството на п53 протеините, кои можат да бидат модулатори на апоптотичниот процес, како и да се утврди нивната поврзаност со наодот за апоптотичните клетки кај различните степени на пародонтална деструкција. Вкупно биле проследени 40 пациенти, на возраст од 20-40 години со дијагностицирана пародонтопатија, а кои врз база на индексот по Рамфјорд биле поделени во групи. Анализата на добиените податоци ги наведува авторите да заклучат дека експресијата на клетките за п53 била потврдена во здрава гингива, при што п53 покажал најголема вредност во гингивата која одговара на апикална миграција на епителот над 6 мм и прогресивен раст со зголемување на степенот на инфламацијата, иако отсуствувала статистичка сигнификантност. Трудот има научно значење.

**61. Пандилова М., Трајковски Д., Спировски М. Цитокин профил на раната пародонтална лезија, Мак.стом.прегл. 2009;33(3-4):151-159.**

Целта на овој труд е да се одреди нивото на Ил1, Ил2 и Ил6 кај раната пародонтална лезија. Биле земени исечоци од здраво ткиво и од ткиво кое одговарало на губење на атачмент до 3 мм, а потоа со ЕЛИСА - методот биле детектирани соодветните маркери. Најнеочекуван е наодот за Ил6, бидејќи не е детектирано негово зголемување во однос на здравото ткиво, а ова може да се должи на големите варијации кај пациентите за овој маркер, поради што и стандардната девијација била многу висока. Авторите заклучуваат дека Ил 1α и Ил1 β, како и Ил 2 покажале сигнификантен пораст напоредно со зголемувањето на апикалната миграција на припојниот епител. Трудот има научно значење.

**Стручно-апликативна дејност:**

Од 2007 година, кандидатката учествува во воведување на терапија со високоенергетски ласер во пародонтологијата и оралната патологија.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Маја Предраг Пандилова**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Стоматолошки факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **орална патологија и пародонтологија**

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Настава I циклус студии:** 2008/2009, 2009/2010, пародонтологија 1 (2+5) **1/3** | 0,8 |
| 2 | **Настава I циклус студии:** 2005/6, 2006/07, превентивна стоматологија 2 (3+3) | 0,48 |
| 3 | **Настава I циклус студии:** 2007/08, пародонтологија 1 (2+4) | 0,16 |
| 4 | **Настава I циклус студии:** 2007/08; 2008/9, пародонтологија 2 (3+4) | 0,16 |
| 5 | **Настава I циклус студии:** 2007/8, 2008/09 орално здравје(3+3) | 0,24 |
| 6 | **Настава I циклус студии:** 2003/2004, 2004/2005, 2006/2007, 2007/08, орална хигиена | 4,8 |
| 7 | **Настава I циклус студии:** 2005/2006, 2006/2007, пародонтологија и пародонтална хирургија (2+2) | 2,4 |
| 8 | **Вежби I циклус студии:** 1993/1994 - 2007/2008, болести на устата и пародонтот | 104,4 |
| 9 | **Вежби I циклус студии:** 2005/6, 2006/07, превентивна стоматологија 2 (3+3) | 5,4 |
| 10 | **Вежби I циклус студии:** 2007/08, 2008/2009, пародонтологија 1 (2+4) | 7,2 |
| 11 | **Вежби I циклус студии:** 2009/2010, пародонтологија 1 (2+5) | 4,5 |
| 12 | **Вежби I циклус студии:** 2007/08, 2008/9, пародонтологија 2 (3+4) | 7,2 |
| 13 | **Вежби I циклус студии:** 2007/8, 2008/9, орално здравје (3+3) | 5,4 |
| 14 | **Вежби I циклус студии:** 2003/2004, 2004/2005, 2006/2007, 2007/08,орална хигиена | 10,8 |
| 15 | **Вежби I циклус студии:** 2005/2006, 2006/2007, пародонтологија и пародонтална хирургија (2+2) | 1,8 |
| 16 | **Консултации со студентите за сите предмети на кои ја изведува наставата 0,002*100* 16** | 3,2 |
| 17 | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник:** Ивановски К, Пандилова М Орално здравје, Стоматолошки факултет, 2008,Скопје. Учебникот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр.921 од 2007 год. | 8 |
| 18 | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник:** Ставревска-Миновска А., Пандилова М., Ивановски К. Орална хигиена, Стоматолошки факултет, 2004, Скопје. Учебникот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 8 |
| 19 | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник:** Иљоска С., Јанкуловска М., Павлевска М., Пандилова М Забоздравство во заедницата, Стоматолошки факултет, 2006, Скопје. Учебникот е рецензиран во Билтенот бр. 891 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2006. | 8 |
| 20 | **Пакет материјали за одреден предмет:** Орално здравје, Пародонтологија1, Практикум за полагање на практичниот испит по пародонтологија | 3 |
| | **Вкупно** | **185,94** |

### НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одбранета докторска теза:** Компаративна анализа на апоптотичното одумирање на клетките во тек на пародонталната болест, Стоматолошки факултет - Скопје, 2004. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје. | 8 |
| 2 | **Одбранета магистерска работа:** Клиничко-биометриско детерминирање на функционалната зона на прикрепена гингива со протективен пародонтален потенцијал, Стоматолошки факултет - Скопје, 1993. Трудот е рецензиран во Билтенот | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | бр. 667 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје. | |
| 3 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Пандилова М., Угринска А., Ивановски К. Влијанието на нутритивниот внес на токоферолот врз пародонталното здравје, Мак.стом. прегл. 2009;33(1-2):95-101. | 3,2 |
| 4 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Пандилова М., Ивановски К., Петровски М. Оптимално орално здравје кај возрасната популација на територија на Република Македонија, Мак.стом. прегл. 2009;33(1-2):108-111. | 3,2 |
| 5 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:**Пандилова М., Ивановски К., Парџанов Ѓ. Прилог кон конзервативниот третман на пародонталната болест, Мак.Стом. Прегл. 2008;32(3-4):181-186 | 3,2 |
| 6 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Пандилова М., Ивановски К., Радески М. Пирсинг и орално здравје; Мак.стом. прегл. 2008;32(3-4):198-203 | 3,2 |
| 7 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Ивановски К., Пандилова М., Парџанов Ѓ. Информираност и мотивираност на пародонталните болни за плак - контрола, Мак.стом.прегл. 2008;32(3-4):181-186. | 3,2 |
| 8 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Ристоска С., Миновска А., Панов С., Андоновска Б., Пандилова М. Саливарната матрикс металопротеиназа-8 биомаркер за активноста на пародонталната болест, Мак.стом.прегл. 2008;32(3-4):1 73-181. | 2,4 |
| 9 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Пандилова М., Јаневска В. Присуство на п53 и негово влијание врз апоптотичниот процес кај различни степени на пародонтална деструкција, Мак.стом.прегл. 2009;33(3-4):131-137. | 3,6 |
| 10 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:**Пандилова М., Трајковски Д., Спировски М Цитокин профил на раната пародонтална лезијаМак.Стом. Прегл. 2009;33(3-4):151-159 | 3,2 |
| 11 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Миновска А., Пандилова М., Јаневска В. Анализа на апоптотичното одумирање на клетките кај различни степени на пародонтална деструкција, Мак.стом. прегл. 2004;28(1-4):22-27. | 3,2 |
| 12 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Пандилова М., Ивановски К., Стефановска Е., Јанкуловска М. Сознанија за пародонталното здравје кај дел од средношколската популација во Скопје, Макед. стом. прегл. 2006; 30(3-4):365-369. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Пандилова М., Миновска А., Трајковски Д., Спировски М. Нивото на Ил 2 и Ил 12 во гингивалното ткиво во тек на пародонталната болест кај различен степен на пародонтална деструкција, Макед. стом. прегл. 2004; 28(1-4):28-34. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 2,4 |
| 14 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Пандилова М., Миновска А., Трајковски Д., Спировски М. Застапеност на Ил 1 алфа и Ил 1 бета кај различно изразени пародонтални лезии, Макед. стом. прегл. 2005; 29(3-4):219-226. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 2,4 |
| 15 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:**Ивановски К., Миновска А., Пандилова М. Стратегии за промоција на оралното здравје и превенција на пародонталната болест, Макед. стом. прегл. 2006; 30(1):47-52. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 2,4 |
| 16 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:**Пандилова М., Ставревска А. Апоптозата како морфолошки тип на клеточна смрт во корелација со степенот на гингивална инфламација, Макед. стом. прегл. 2000, 24 (1-4):7-10. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 848 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 3,6 |
| 17 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно** | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | **списание:** Ивановски К., Пандилова М., Стефановиќ М М.,Ставревска А., Атанасова А. Влијанието на абразивните пасти со различна концентрација на флуор врз гингивалната инфламација, Макед. стом. прегл. 1-4, 1995; 53-56. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 789 на Универзитетот. | |
| 18 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Симоновски М., Пандилова М., Ставревска А. Застапеност на плак и пародонталните индексни вредности кај различно изразена димензија на прикрепена гингива, Макед. стом. прегл. 1-4, 1995; 23-26. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 789 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 3,2 |
| 19 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Поповска М., Белазелкоска З., Накова М., Георгиева С., Пандилова М., Ангелов Н. Морфолошки карактеристики на меките ткива како етиолошки фактор за пародонталната болест, Макед. стом. прегл. 18(3) 1994;103-8. Трудот е рецензиран во Билтенот бр.667 на Универзитетот. | 2,4 |
| 20 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Ивановски К., Накова М., Белазелкоска З., Пандилова М., Атанасова Б. Влијанието на пушењето врз морфолошките карактеристики на дорзумот на јазикот, Макед. стом. прегл. 18(3) 1994;99-103. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 667 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 2,4 |
| 21 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Пандилова М., Накова М., Поповска М., Ивановски К. Влијанието на макробиотската исхрана врз пародонталното здравје; Макед. стом. прегл. 18(3) 1994;111-4. Трудот е рецензиран во Билтенот бр.667 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 2,4 |
| 22 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Пандилова М., Накова М., Бекировиќ М., Поповска М. Сооднос помеѓу оралната хигиена, клиничката слика и цитолошките карактеристики на гингивата кај ученици од 12- 16 годишна возраст, Макед. стом. прегл. 16(2) 1992;88-92. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 586 на Универзитетот. | 2,4 |
| 23 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Поповска М., Димитровски В., Колевски П., Накова М., Пандилова М. Улогата на Т и Б лимфоцитите во етипатогенезата на лихен планус, Макед. стом. прегл. 16(2) 1992;84-87. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 586 на Универзитетот. | 2,4 |
| 24 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во научно/стручно списание:** Поповска М., Димитровски В., Колевски П., Накова М., Пандилова М. ХЛА антигенска типизација кај пациентите со лихен планус, Макед. стом. прегл. 16(2) 1992;78-83. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 586 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 2,4 |
| 25 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Dirjanska K., Nakova M., Ivanovski K., Nikolovska V., Pandilova M., Stefanovska E. The level of C-reactive proteins in gingival fluid in patients with gingival inflammation 9th Congress of the Balkan Stomatological Society , Ohrid, 2004, Book of abstracts:276. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,8 |
| 26 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Stavrevska –Minovska A., Pandilova M., Janevska V. Apoptotic cell death in correlation with attachment loss during periodontal disease 9th Congress of the Balkan Stomatological Society , Ohrid, 2004, Book of abstracts:186. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот. | 2,4 |
| 27 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Radojkova-Nikolovska V., Nakova M., Pandilova M., Stefanovska E., Dirjanska K., Ristoska S Aplication of electronic pressure sensitive probing method in periodontal practice 9th Congress of the Balkan Stomatological Society , Ohrid, 2004, Book of abstracts:113. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот. | 1,8 |
| 28 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Pandilova M., Minovska A., Spirovski M., Trajkovski D. Levels of IL2 and IL 12 in gingival tissue from sites with different degree of atachment loss9th Congress of the Balkan Stomatological Society , Ohrid, 2004, Book of abstracts:98. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,8 |
| 29 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови** | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | **од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Pandilova M., Ivanovski K., Ugrinska A., Minovska A., Radojkova V., Ristoska S.The effect of nutritional vitamin intake on periodontal health9[th] Congress of the Balkan Stomatological Society , Ohrid, 2004, Book of abstracts:97. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот. | |
| 30 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Ristoska S., Minovska A., Radojkova-Nikolovska V., Pandilova M., Georgieva S. Effects of the psychological stress on oral hygiene behavior 12[th] Congress of the Balkan Stomatological Society , Istanbul, 2007, Book of abstracts:42.Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот. | 1,8 |
| 31 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Pandilova M., Minovska A., Trajkovski D., Spirovski M. Expression of Il6 in sites of different attachment loss11[th] Congress of the Balkan Stomatological Society , Sarajevo, 2006, Book of abstracts:82. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот. | 1,8 |
| 32 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Radojkova-Nikolovska V., Nakova M., Pandilova M., Stefanovska E., Dirjanska K., Ristoska S.Correlation between bone loss and periodontal depth 11[th] Congress of the Balkan Stomatological Society , Sarajevo, 2006, Book of abstracts:81. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,8 |
| 33 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Zendeli-Bedzeti L., Georgieva S., Belazelkoska Z., Pandilova M. Relationship between the rate of alveolar bone loss and mandibular cortical index11[th] Congress of the Balkan Stomatological Society , Sarajevo, 2006, Book of abstracts:81.Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот. | 1,8 |
| 34 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Radojkova-Nikolovska V., Nakova M., Pandilova M., Dirjanska K., Stefanovska E. Clinical assessment of gingival sulcus depth 10[th] Congress of the Balkan Stomatological Society , Belgrade, 2005, Book of abstracts:114.Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот. | 1,8 |
| 35 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Ristoska S., Minovska A., Pandilova M., Radojkova-Nikolovska V. Emotional stress and gingival inflammation10[th] Congress of the Balkan Stomatological Society , Belgrade, 2005, Book of abstracts:114 Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот. | 1,8 |
| 36 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Ivanovski K., Pandilova M., Mitic K., Donev A., Dubrovska S.Smoking as a possible risk factor for periodontitis 10[th] Congress of the Balkan Stomatological Society , Belgrade, 2005, Book of abstracts:108. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот. | 1,8 |
| 37 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Pandilova M., Ivanovski K., Stavrevska A., Jankulovska M., Radojkova-Nikolovska V.Dental and periodontal preventive priorities10[th] Congress of the Balkan Stomatological Society , Belgrade, 2005, Book of abstracts:47. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот. | 1,8 |
| 38 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Radojkova-Nikolovska V., Nakova M., Pandilova M., Dirjanska K.Comparative metric analyses of probing depth 6[th] Congress of the Balkan Stomatological Society , Bucharest, 2001, Book of abstracts:193. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот. | 1,8 |
| 39 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Pandilova M., Ugrinska A., Minovska A., Andonovski B. Drug induced Xerostomia evaluated by salivary scintiographyForth Annual meeting of the Egyptian Society of Nuclear medicine, Alexandria, 2003, Abstract book, Sec VI-13. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,8 |
| 40 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Николовска Ј., Петкова Е., Ковачевска Г., Пандилова М., Перковска М. Улогата на фиксните протези во појавата и развојот на гингивалната рецесија, 7[th] Congress of the Balkan Stomatological Society , Kusadasi, 2002, Book of abstracts:305. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 848 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 41 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Ивановски К., Накова М., Симоновски М., Радојкова-Николовска В., Пандилова М. **Корелација** помеѓу **психолошкиот** профил на личноста и периферните Т лимфоцити кај пациенти со ерозивен улцерозен орален лихен планус,7th Congress of the Balkan Stomatological Society , Kusadasi, 2002, Book of abstracts:341. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 848 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,8 |
| 42 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Ставревска-Миновска А., Поповски Љ., Дирјанска К., Пандилова М. Прелиминарни испитувања за ефектите на N.S.A.I. D. по локална апликација со електрофореза кај гингивитис, 5th Congress of the Balkan Stomatological Society, Thesaloniki, 2000, Book of abstracts:237. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 848 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,8 |
| 42 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Popovski Lj., Dirjanska K., Ivanovski K., Pandilova M. The impact of the culture of living on the periodontal disease 4th Congress of the Balkan Stomatological Society , Istanbul, 1999, Book of abstracts, p-201. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 789 на Универзитетот. | 1,8 |
| 44 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Pandilova M., Ivanovski K., Radojkova-Nikolovska V., Ristoska S. Comparation between single versus multiple epizodes of instrumentation in patients with periodontal disease , 4th Congress of the Balkan Stomatological Society , Istanbul, 1999, Book of abstracts, p-201. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 789 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,8 |
| 45 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Stavrevska A., Pandilova M. Apoptosis as a morphological type of cell death in corelation with some tissue events occuring during periodontal disease, 4th Congress of the Balkan Stomatological Society, Istanbul, 1999, book of abstracts, p-200. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 789 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 2,7 |
| 46 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Popovska M., Nakova M., Belazelkoska Z., Pandilova M., Pesevska S., Mindova S. The use of soft laser in the therapy of cheilitis exfoliativa sicca 2 nd Congress of the Balkan Stomatological Society Belgrade, 1997, Abstract book, p-140. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 789 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,8 |
| 47 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Pandilova M., Simonovski M., Nakova M., Stavrevska A., Ristoska S. Effects of laser light on periodontal abscessus, 2 nd Congress of the Balkan Stomatological Society Belgrade, 1997, Abstract book, p-140. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 789 на Универзитетот. | 1,8 |
| 48 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Ivanovski K., Belazelkoska Z., Nakova M., Dimitrovski V., Kolevski P., Pandilova M. CD4/CD8 ratio in patients with recurrent aphtose stomatitis, First Balkan Immunology Conference Belgrade 1995, Abstract book 164. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 789 на Универзитетот. | 1,8 |
| 49 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Пандилова М.,Трајковски Д., Спировски М, Миновска А Цитокин профил на раната пародонтална лезија, 5. Меѓународен конгрес на стоматолозите на Македонија, Книга на апстракти, Охрид, 2009:068. | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 50 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Ивановски К., Пандилова М., Митиќ К., Стефановска Е. Пародонталното и денталното здравје кај студентската популација, 4. Меѓународен конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид, 2006:50. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 945 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,2 |
| 51 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Поповски Љ., Пандилова М., Дирјанска К., Стефановска Е., Георгиева С. Оралното и пародонталното здравје кај пациентите од третата староснa доба, Конгрес на стоматолозите на Македонија (апстракти), Охрид, 2002:117. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 848 на Универзитетот. | 1,2 |
| 52 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови** | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | **од научен/стручен собир:** Пандилова М., Миновска А. Детекција на модулаторите на апоптозата кај различни степени на пародонтална деструкција, Конгрес на стоматолозите на Македонија (апстракти), Охрид, 2002:80. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 848 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | |
| 53 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Радојкова-Николовска В., Накова М., Ивановски К., Пандилова М., Дирјанска К. Алтерација на пародонталниот ткивен супстрат кај пациенти со фиксни ортодонтски помагала, II конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид, 1998, апстракти, 88. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 789 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,2 |
| 54 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Пандилова М., Накова М., Симоновски М., Поповска М., Радојкова В. Некои тераписки можности во лекувањето на оралните везикуло-ерозивни заболувања, I конгрес на дерматовенеролозите на Македонија, Охрид, 1996, Зборник на трудови, 177. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 789 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,2 |
| 55 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Пандилова М., Симоновски М. Минимална димензија припојне гингиве са протективним пародонталним потенцијалом, XX стоматолошка недеља Србије, Брезовица, 1995, Зборник радова, 74-77. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 789 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,8 |
| 56 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Угринска М. Стрес условени афекции на оралната мукозна мембрана, 29. Конгрес студената медицине и стоматологије, Приштина, 1988, Абстракти радова, стр. 5-6. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 586 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 2 |
| 57 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Угринска М. Дејство на оралната хормонска контрацептива врз оралниот статус, 28. Конгрес студената медицине и стоматологије, Врњачка Бања, 1987, Абстракти радова, стр.40-1. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 586 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 2 |
| 58 | **Труд со оригинални научни /стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Угринска М., Пеева М. Хистолошки промени на гингивата кај дијабетес мелитус, 27. Конгрес студената медицине и стоматологије, Тузла, 1986, Абстракти радова, стр.428. Трудот е рецензиран во Билтенот бр. 586 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. | 1,8 |
| | **Вкупно** | **133,7** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Воведување нова лабораториска/клиничка метода:** Воведување на терапија со високоенергетски ласер во пародонтологијата и оралната патологија | 4 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Вкупно** | **4** |

| | |
|---|---|
| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **185,94** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **133,7** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **4** |
| Вкупно | **323,64** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Земајќи ја предвид приложената документација за ангажирање на кандидатите кои се јавивија на конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа болести на устата и пародонтот на Катедрата за болести на устата и пародонтот: насл. доц. д-р Анета Атанасовска, насл. доц.

д-р Снежана Пешевска, насл. доц. д-р Силвана Георгиева и насл. доц. д-р Маја Пандилова, во изминатиот период од последниот избор до сега, Комисијата го дава следниов предлог:

Темелно анализирајќи ги резултатите од рецензентскиот извештај, членовите на Рецензентската комисија оценија дека кандидатката насл.доц. С. Пешевска е исклучително квалитетен научен работник која од вработувањето до денес постигнала извонредни резултати во научноистражувачката, наставно-образовната и стручно-апликативната дејност.

Научните трудови кои ги поднесе кандидатката за рецензија, се квалитетни и имаат своевиден придонес во развивањето на научната мисла од областа на пародонтологијата и оралната медицина. Тие се објавени во реномирани списанија, а исто така се презентирани на еминентни собири во земјава и во странство. Со тоа кандидатката Пешевска се афирмираше во изминатиов период како квалитетен научен работник не само во нашава средина, туку и надвор од неа.

Д-р Пешевска активно се вклучи и во воведувањето на новите наставни предмети на Катедрата за болести на устата и пародонтот: орална биохемија и орално здравје. Ја изведуваше практичната настава по овие предмети, а по наставниот предмет орална биохемија се вклучи и во изведувањето на теоретската настава. Следејќи ја кандидатката како асистент, но и како насловен доцент, можеме да кажеме дека нејзината практична настава и делот од теоретската настава во која беше вклучена се квалитетни и педагошки издржани. Како вежбите, така и теоретската настава кај студентите побудува интерес и нивна максимална ангажираност поради што полесно ја совладуваат предвидената материја.

Она што особено сакаме да го истакнеме е нејзиниот студиозен и сериозен пристап кон обврските, трудољубивоста, дисциплината и инвентивноста. Кандидатката Пешевска се карактеризира со коректен однос и конструктивна соработка со колегите.

Врз основа на изнесеното, Комисијата констатира дека кандидатката насл. доц. д-р Снежана Пешевска во целост ги исполнува научните критериуми, законските услови и условите предвидени во релевантните акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Стоматолошкиот факултет во Скопје, кои се во согласност со Законот за високото образование.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да ја избере кандидатката насл. доц. д-р Снежана Пешевска во наставно-научното звање доцент по група предмети од областите орална патологија и пародонтологија, на Катедрата за болести на устата и пародонтот.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Марија Накова, претседател с.р.
2. Проф. д-р Златанка Белазелкоска, член с.р.
3. Проф. д-р Александар Грчев, член с.р.
4. Проф. д-р Мирјана Поповска, член с.р.
5. Проф. д-р Киро Ивановски, член с.р.